Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.
Активностите за реализација на годишната програма за 2024 се реализираат во следните области на делување:
1.Подобрување на економската конкурентност на Охрид и рационална употреба на ресурсите преку партиципативно учество на заедницата.
2.Охрид – Паметен и зелен град /SMART AND GREEN CITY
3.Развој на рурални средини.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент во програмските активности од овој период од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна;
- Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
- Субвенционирање на занаетчиски дејности;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев);
- Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој;
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” од програмата EU for municipalities.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2024 – 30.09.2024 год.**

**1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид
1.2. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна
1.3 Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид
1.4 Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
1.5Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии

**2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY**

2.1 Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски систем за велосипеди
2.2 Воведување на смарт јавни услуги

**3. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

3.1. Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија заруралeн развој
3.2 Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците.

**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.
4.2.Средства од аплицирани и одобрени проекти.
4.3 Проект на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.

1. **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Имплементација на Лидер пристапот во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД. | ЛИДЕР пристапот и неговата имплементација е тесно поврзан со формирање и регистрација на Локална Акциска Група или ЛАГ, што ќе обезбеди ефикасно користење на финансиска помош од ИПА 3 програмата за рурален развој. На територија на општина Охрид и општина Дебрца формално постои ЛАГ кој не впишан во регистарот на Министерството за земјоделие и рурален развој. Донесени се сите одлуки на собранието на ЛАГот според Статутарните и други документи. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |
| **1.2 Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално | Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори. Преку оваа | Студијата е финализирана и изработена во предвидениот рок и истата е усвоена од Советот на општина Охрид. | За оваа активност се предвидени во буџет 1.545.000,00 ден. и истите се исплатени во целост. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | искористена. | студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки. | | |
| **1.3.** | **Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид** | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Преку наведената активност општна Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. | Со оваа активност е предвидено одржување на серија стручни обуки кои се реализираа во соработка со ОЈУ Кузман Шапкарев со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. | Курсевите за монтери на опрема за греење и ладење се во тек. | Предвиден буџет 600.000,00 ден. Исплатени се 50% авансно 300.000,00 ден. останатите 300.000,00 ден. ќе се исплатат во наредниот квартал |
| **1.4 Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Овие активности произлегуваат од досегашното активно учеството на општината во реализација на проектот: Национална платформа за женско претприемништво (НПЖП). | Поддршката на оваа Платформа е направена преку потпишување на Декларација за учество од страна на градоначалникот на општина Охрид и иницијативата за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Охрид.<br>Целни групи на активностите би биле жени претприемачи (тековни и потенцијални); Невработени жени од Општина Охрид;Микро, мали и средни компании од општината; Организации за поддршка на бизнис секторот од Општина Охрид; Здруженија на граѓани и невладини организации од Општина Охрид | Изготвената стратегија за женско претприемништво е презентирана и изгласана од Советот на општина Охрид од која во следниот квартал ќе произлезат следните активности:<br>- Припрема и организирање на обуки за жени претприемачи<br>- Менторство за почетници во бизнис и постојани претпријатија управувани од жени. | За реализација на наведените активности и настани во овај квартал не се потрошени средства од буџетот на општина Охрид. За поддршка и реализација на активности поврзани со женското претприемништво предвидени се 300.000,00 денари. |
| **1.5 Субвенционирање на новорегистрирани и веќе регистрирани занаетчии** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Мерката за субвенционирање на занаетчиски дејности предвидува поддршка на новорегистрирани и веќе регистрирани занаетчии. | Активноста се реализира преку објавување јавен повик за субвенционирање на новорегистрирани и веќе регистрирани занаетчии на подрачјето на општина Охрид за 2024 год.<br>Повикот е е објавен согласно условите и критериумите дефинирани во правилникот кој го донесе Градоначалникот на општина Охрид. | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 13.02.2024 год.<br>Право на користење на субвенцијата имаа новорегистрираните занетчии во тековната 2024 и веќе регистрираните занаетчии од традиционални занаети.<br>Листата на занаети кои добија поддршка беше изготвена во соработка со Регионалната занаетчиска комора.<br>По извршената евалуација врз основа на критериумите и условите наведени во Јавниот повик, 22 занаетчии ги исполниле условите за добивање на субвенции, а 3 апликанти не ги исполниле условите од Јавниот повик. | Предвиден буџет 300.000,00 ден. Исплатени 272.720,00 ден. на 06.06.2024 и 27.272,00 ден. на 13.06.2024. |

## 2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1** Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Воспоставување на Градски SMART систем за велосипеди. | По консултациите и насоките дадени од страна на Делегацијата на ЕУ, и анализите направени од страна на општина Охрид, во овој период се вршеше проценка за измена на оваа активност од проектот Ohrid GO, со нејзина промена во набавка и имплементација на градски систем за велосипеди со 25 велосипеди и 5 станици, како и набавка на 7 електрични возила за повеќенаменска употреба. | Во овој период е завршена постапка за набавка на велосипеди и е склучен договор со адекватен оператор според условите на ПРАГ. Даден е налог за започнување на набавката и истите се очекува да бидат доставени во Октомври. | За оваа активност се предвидени 9.260.000,00 ден. Во овој крартал авансно се исплатени 2.201.520,00 денари. |
| **2.2. Воведување на смарт јавни услуги** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Септември 2024 | Воведување на смарт јавни услуги | Оваа активност предвидува дигитализација на одредени општински јавни услуги. Извршена е анализа на потребите и како пилот локација е одбрана Бул. Македонски Просветители. Ќе се изврши поставување на сензори и нов систем на електронска наплата за паркирање на оваа улица, ќе се набавуваат смарт клупи и ќе се постават сензори за исполнетост на контејнерите за отпад на истиот потег. | Во овој период се вршеше анализа и подготовка на техничка документација. Јавната набавка ќе се реализира во 4 квартал. | Не се реализирани финансики средства. |

## 3. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува стимулирање на партиципативноста на локалното население за финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. | Оваа програмска активност се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврдени критериуми за учество во Правилник.<br>Оваа активност е базирана на следните подмерки:<br>1.1. Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегијата за рурален развој<br>1.2.Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 14.02.2024 год.<br>Во тек е реализацијата на проектните активности за одобрените проектни предлози. | Предвиден буџет 900.000,00 ден.<br>Исплатата ќе биде во наредниот квартал. |
| **3.2. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците.** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени се 46 барања. Изготвени се 7 известувања за одбивање и 30 потврди.<br>Процесот на постапување по однос | Овие активности се дел од секојдневното работење на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сопствени потреби | | на барањата се одвива тековно, во законски предвидените рокови. | вработените и не се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид за оваа намена. |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид.<br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија | Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Проектот е целосно реализиран. Се чека последна исплата од страна на Европска делегација. | Во 2024 година не се реализирани финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата истарите. | | |
| **4.2.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Имплементација на активности од проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) | Целта на проектот е:<br>-Адаптација на просторот на поранешната воена касарна со претварање во технолошко-рекреативна зона (изготвување на сеопфатна физибилити студија за генерален развој на просторот и адаптација во технолошко-рекреативна зона),<br>- Подобрување на локалната микро-мобилност преку воведување на Smart City Bike System (набавка на 60 велосипеди и 10 докинг станици низ Охрид и околината),<br>- Создавање на услови за креирање на работни места со висока додадена вредност (формирање на Стартап Центар и организација на голем број на обуки и менторства),<br>- Иновативни рекреативни содржини во поранешната касарна. | Во овој период е се реализираат завршните активности на проектот (поставување на градски систем за велосипеди и набавка на електрични возила). | Во овој период не се реализирани средства за оваа активност. |
| **4.3. Проектна УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2024 | Изработка на Стратешки план за ЛЕР | Изработка на Стратешки план за Локален Економски Развој. Процесот е под водство на УСАИД | Во овој период по иструкциите добиени од менторот на Стратешкиот план за локален економски развој, се отстранети недостатоците кои беа наведени и е изготвен во целост Стратешкиот план за локален економски развој, чиј процес е под менторство на УСАИД. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства од буџетот на општина Охрид. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Јануари – Септември 2024 | *Проектот на УСАИД Здружи се за заедницата* - Комунити е платформа за граѓанско учество која ќе се користи како алатка за комуникација помеѓу граѓаните и општината на локално ниво | Проектот на УСАИД „Градиме инфраструктура за активни и дарежливи заедници“ е спроведуван од здружението Конект во партнерство со Фондацијата Аполонија, Индиго и ЕВН. | Во овој период беа одржани повеќе средби за организација на општина Охрид да ги воведе системските промени во електронска форма по насоки на Здружението Конект, кое имаше и своја презентација на градскиот плоштад во Охрид и пред учениците во неколку средни училишта за промоција на добри практики и употреба на мобилната апликација од страна на граѓаните и туристите кои престојуваат во општина Охрид. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |

**Број 08-14468/14**
**04.12.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/117** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за Пожарникарство на РМ, го изготвувам следниот

ИЗВЕШТАЈ

За работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид(ТППЕ) и реализација на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ за 2024 година,за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година.

Заради гаснење на пожари,спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии,укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации,како и извршување на други работи при незгоди и несреќи воедно и извршување на задолженија,наредби и услуги,ТППЕ Охрид во третото тромесечие во 2024 година изврши и превзеде за решавање 206 (165 во 2023) интервенции и тоа:

| Вид на пожар | Општина Охрид | | Општина Дебрца | | Општина Струга | | Општина Прилеп | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2024 | 2023 |
| Пожари на објекти | 19 | 15 | / | 1 | 1 | / | | 20 | 16 |
| Пожари на отворен простор | 70 | 39 | 15 | 9 | 1 | / | 1 | 87 | 48 |
| Пожари на сообраќајни средства | 10 | 4 | 2 | 1 | / | / | | 12 | 5 |
| Останато | / | 2 | / | / | | | | | 2 |
| Вкупно | 99 | 60 | 17 | 11 | 2 | / | 1 | 119 | 71 |

ПОЖАРИ

| Видови на опожарени објекти ( тромесечие ) | |
|---|---|
| Станбена зграда | 2 |
| Куќа | 9 |
| Угостителски објект | 5 |
| Помошен погон | 1 |
| Градилиште | 1 |
| Паркир.гаража | 2 |

Од вкупниот број на опожарени објекти, Тппе Охрид интервенираше на 20 опожарувања од поголем обем (помош на опожарен објект во Општина Струга, пожари на индивидуални станбени објекти,пожари на простории во објектите, опожарувања на помошни погони, угостителски објекти,градилишта,делови од кровни конструкции,останати магацини, .. и сл. ).

ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР

Во Третото тромесечие на 2024 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 87 пожари на отворен простор ( 48 во 2023 ). Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 17 опожрувања на шумска вегатација на опожарувања од катастрофални размери ( мешовита шума, лисјари , четинари, деградирана шума). 20 опожарувања на земјоделски површини (стрништа, овоштарници, Лозја ,ливади

,пасишта ). 21 интервенција на опожарени депонии , и 28 останати интервенции на отворен простор ( опожарени контеењри, трска и сл. ). Според наша интерна проценка приближната опожарена површина изнесува околу 23.000,оо Ха.

| Начин на предизвикување на пожарите според интерна проценка | |
|---|---|
| Намерно палење | 56 |
| Невнимание | 10 |
| Природни појави | 1 |
| Неутврдено | 52 |

| Причина за појава на пожарите | |
|---|---|
| Отворен пламен | 69 |
| Ложиште/огниште | 2 |
| Ел.проводници | 2 |
| Ел.уреди и апарати | 1 |
| Удар од гром | 1 |
| Останати причини | 1 |
| Неутврдено | 43 |

## ПОЖАРИ НА СООБРАЌАЈНИ СРЕДСТВА

Во Третото тромесечие на 2024 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 12 пожари на сообраќајни средства . Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 10 опожарени патнички моторни возила, 1 опожарување на товарно патничко возило, и 1 опожарување на пловило ( глисер ).

Од вкупниот број на пожари во Третото тромесечие на 2024 година, сопственоста на објектите и просторот во Општина Охрид и Општина Дебарца е следна:

- Во приватна сопственост - 40 ( 31 во 2023 )
- Во државна сопственост - 79 ( 40 во 2023 )
- Во државно-приватна соп. - 0 ( 0 во 2023 )
- По основ на осигурување од пожар од вкупниот број на пожари на објекти и простори во Третото тромесечие за 2024 година 16 објекти се пријавени како осигурани по основ на штета од пожари ( 5 во 2023 ).
- Споредбено со 2023 година, во Третото тромесечие во 2024 година имавме 48 интервенции за гаснење на пожар повеќе.

| Технички интервенции ( трето тромесечие ) | | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2023 |
| Интервенции во услови на сообра.незгоди | 3 | 5 |
| Интервенции на испумпување на вода од поплавени простории | / | / |
| Спасување на луѓе и животни од височини и длабочини | / | 1 |
| Отварање на заклучени објекти | 16 | 22 |
| Обезбедување,санирање на состојби после несреќи | 4 | 2 |
| Несреќи со опасни материи | / | / |
| Осветлување на терени | / | / |
| Друго | 14 | 12 |

Во текот на Третото тромесечие во 2024 година, ТППЕ – Охрид во ситуации од спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши вкупно 37 интервенции ( 42 во 2023 )

Техничките интервенции се извршени со 7 ПП возила,секое возило со своја специфична намена при употреба.

Успешно завршени до 1 час – 33 , за време од 1-2 часа – 2 , над 2 часа – 2

ДРУГИ АКТИВНОСТИ И УСЛУГИ НА ТППЕ – ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебрца , во одредени случаеви на итна потреба , задолженија , наредби и барања , ТППЕ – Охрид во текот на третото тромесечие во 2024 година изврши вкупно 50 активности и услуги ( 52 во 2023 ) и тоа:

| Други активности и услуги на ТППЕ - Охрид | | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2023 |
| Обезбедување на спортски натпревари | 10 | 11 |
| Обезбедување на објекти и друго | 16 | 27 |
| Носење на вода | 9 | 5 |
| Други активности и услуги | 15 | 9 |

Во текот на овој период согласно планот за јавни набавки по основ на поправки, сервисирање,гуми за пп возила,набавка на горива за пп возила,пумпи и сл,купување на пп опрема,сервисирање и испитување на пп апарати, регистрација на возила, осигурување на вработени, итн.,реализирани се средства во висина од 75.000,оо ден.

Согласно Правилникот на ТППЕ – Охрид, за дополнителни услуги кои ги извршуваме (обезбедување на културни манифестации, спортски настани и сл. ) во овој период се остварени средства во износ од 105.000,оо денари.

Сите видови на интервенции ТППЕ – Охрид , ги извршуваше со 39 пожарникари и 7 возила.

**Број 08-14468/16**
**04.12.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божоновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024-2026 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2024-2026 за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/118**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/1, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2024-2026 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2024-2026 за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/17**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Во текот на Третиот квартал 2024 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2024-2026. Дел од нив се комплетираат за согласност за Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сѐ уште не се отпочнати со работа.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024-2026 ЗА ПЕРИОД 01.07.2024 – 30.09.2024**

<u>УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ</u>

## *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| | | |
|---|---|---|
| **I-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | • **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има несовпаѓање со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј | |
| | • **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>• **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.3 опфат 7 | |
| | • **Доставена Нацрт фаза** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска програма** | |
| **6** | **Урбан блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Планот се преработува согланско Планот за управување за да се достави до Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | • **Планот нема активности** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | • **Добиени на Позитивни мислење се подготвува јавна презентација** | |
| **9** | **Урбан блок 12.4** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | • **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **10** | **Урбан блок 14.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | • **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| **11** | **Урбан блок 15.1** | |
| 11.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) | |

| | | |
|---|---|---|
| | дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | • **Негативно мислење од Министерството за образование, поради кое неможе да се испрати на согласност во МТВ** | |
| **12** | **Урбан блок 15.4** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **13** | **Урбан блок 16.3** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | • **Доставен до изработувач на корекции со забелешки** | |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7-"Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9-"Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14- "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 18 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД** | | |
| **1** | **Детални урбанистички планови во УЗ 1** | |
| **2** | **Детални урбанистички планови во УЗ 2** | |
| **3** | **Детални урбанистички планови во УЗ 3** | |
| **4** | **Детални урбанистички планови во УЗ 4** | |
| **5** | **Детални урбанистички планови во УЗ 5** | |
| **6** | **Детални урбанистички планови во УЗ 6** | |
| **7** | **Детални урбанистички планови во УЗ 7** | |
| **8** | **Детални урбанистички планови во УЗ 8** | |
| **9** | **Детални урбанистички планови во УЗ 9** | |
| **10** | **Детални урбанистички планови во УЗ 10** | |
| **11** | **Детални урбанистички планови во УЗ 11** | |
| **12** | **Детални урбанистички планови во УЗ 12** | |
| **13** | **Детални урбанистички планови во УЗ 13** | |
| **14** | **Детални урбанистички планови во УЗ 14** | |
| **15** | **Детални урбанистички планови во УЗ 15** | |
| **16** | **Детални урбанистички планови во УЗ 16** | |
| **17** | **Детални урбанистички планови во УЗ 17** | |
| **18** | **Детални урбанистички планови во УЗ 18** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| 1 | УП за село Пештани | |
| | • **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 2 | УП за село Велестово | |
| | • **Изработени ажурирании подлоги** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
| 1 | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | |
| | • **Изработен Финален извештај за влијание на живот средина** | |

## ***II. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид и Агенции формирани од Влада***

| | | |
|---|---|---|
| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 2 | УП за село Трпејца | |
| | • **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 3 | УП за село Елшани | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 4 | УП за село Лагадин | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско | |
| | • **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 6 | УП за село Велгошти | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 7 | УП за село Лескоец | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 8 | УП за село Косел | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 11 | УП за село Подмоље | |
| | • **Се врши корекција на границата по добиените податоци од Агенција за патишта** | |
| 12 | УП за село Орман | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 13 | УП за село Горно Коњско | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 14 | УП за село Рамне | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 15 | УП за село Опеница | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 16 | УП за село Вапила | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 17 | УП за село Сирула | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 18 | УП за село Куратица | |

| | | |
|---|---|---|
| | • **Одобрена Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина | |
| | | |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-2. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | |
| | • **На планер за постапување по забелешки** | |

## *IV. Планови финансирани со приватни иницијативи*

| | | |
|---|---|---|
| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | |
| | ▪ **одобрена планска програма**<br>▪ **Донесена одлука за спроведување на стратегиска отцена** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ15 УБ 15.1 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 2 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ9 УБ 9.3 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 3 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП УЗ10 УБ 10,1 опфат 1 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 4 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 11 УБ 11.1 и ДУП УЗ11 УБ 11.1- опфат 3 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 5 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.3 и ДУП УЗ12 УБ 12.3 - опфат 4 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 6 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.5 и ДУП УЗ15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.2 и ДУП УЗ 12 УБ 12.2 - опфат 1 | |
| | ▪ **Аплиирана Планска програма** | |
| 8 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП УЗ 4 УБ 4.4- опфат 1 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 9 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 2 УБ 2.2 и ДУП УЗ 2 УБ 2.2 - опфат 4 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Вратен до изработувач за постапување по забелешки, согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Подготвен за јавна анкета и презентациа** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **По изработка на нови заштитно конзерваторски основи од страна на Завод и музеј на Охрид, планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрен Нацрт план, испратен на мислења по надлежните министерства** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | |
| | ▪ **Кај комисија за стручно мислење** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: | |

| | | |
|---|---|---|
| | Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектир. улица | |
| | ▪ **Нема актививности** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.2 – опфат 2 | |
| | Планот е доставен на Комисија за мислење | |
| | ▪ **ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2** | |
| **7** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот е спремен за согласност во МТВ** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 6 ,УБ 6.1 опфат 3 | |
| | ▪ **кај планер** | |
| **9** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 9.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од<br>ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управуван со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **10** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | |
| | ▪ **На К0мисија е доставена планска програма** | |
| **11** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислењето добиено одд на Комисијата за управување со светскот природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **12** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 13.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од<br>УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Испратен на Комисија за управување** | |
| 13.2 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.1 – опфат 3 | |
| | ▪ **Одобрен Нацрт план, испратен на мислења по наслежните министерства** | |
| 13.3 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 - опфат 4 | |
| | ▪ **Одобрен Нацрт план, испратен на мислења по надлежните министерства** | |
| **14** | **Урбан блок 8.2** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 – опфат 1 (измена и дополнув.) | |
| | ▪ **Нацрт Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување во Охридскиот регион** | |
| **15** | **Урбан блок 8.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.3 опфат - 2 | |
| | ▪ **Фаза- Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| **16** | **Урбан блок 9.2** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ9, УБ 9.2 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **17** | **Урбан блок 9.4** | |
| 17.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |
| **18** | **Урбан блок 10.2** | |
| 18.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Досавен до Комисија за урбанизам** | |
| **19** | **Урбан блок 10.4** | |
| 19.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 19.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од комисија за управување** | |
| **20** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **За постапување по забелешки** | |
| **21** | **Урбан блок 11.4** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| **22** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **Корегирани забелешки се подготвува за согласност во МТВ** | |
| **23** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 23.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по забелешки** | |
| 23.2 | ДУП во УЗ 12 УБ 12.1 - опфат 2 (измени и дополнувања) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по забелешки** | |
| **24** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Испратен на соглснот во МТВ** | |
| 24.2 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 3 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма се подготвува Нацрт план** | |
| **25** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| | | |
| **26** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |
| | ▪ **Поради непостапување на Планерот по забелешки, планот ќе биде прекинат** | |
| 26.2 | ДУП за УЗ , УБ 13.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **27** | **Урбан блок 15.4** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 15, УБ 15.4 опфат - 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **28** | **Урбан блок 15.5** | |
| 28.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Во постапка на одобрување на планска програма** | |
| 28.2 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **29** | **Урбан блок 15.7** | |
| **30** | **Урбан блок 16.1** | |
| **30.1** | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 2 | |
| | ▪ **планска програма – во фаза за одобрување** | |
| **30.2** | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **На согласност во МТВ** | |
| **30.3** | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | |
| | ▪ **Одобрен Нацрт план, испратен на мислења по надлежните министерства** | |
| **31** | **Урбан блок 16.2** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2-опфат 2 | |
| | • На согласност во МТВ | |
| **32** | **Урбан блок 16.3** | |
| **32.1** | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување** | |
| **33** | **Урбан блок 18.1** | |
| 33.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување** | |

**IV-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕДНА ПАРЦЕЛА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 3 | ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др. | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 4 | ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 5 | ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 6 | ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 7 | ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 8 | ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 9 | ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 10 | ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 11 | ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 12 | ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 13 | ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 14 | ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 15 | ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 16 | ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 17 | ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |

**IV-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | **Планот е дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 4 | УПВНМ Горица Север | |
| | **Планот е дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 5 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| | | |
| 6 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| 7 | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **Фаза нацрт план- на мислење кај институции** | |
| 8 | УПВНМ Горица Исток – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза Нацрт план- на комисија** | |
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | |
| | ▪ **Фаза Нацрт план- на комисија** | |
| 10 | УПВНМ Горица Исток – опфат 3 | |
| | ▪ **Фаза Планска програма** | |

| **IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |

**Број 08-14468/18**
**04.12.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/119** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2024 ГОДИНА**
**ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024ГОД ДО 30.09.2024ГОД**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сѐ поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2024 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2024 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2024 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2024 година. Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2024год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000, 00ден | Завршена е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач **Завршен проект** |
| 2. | **План за управување со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во категорија IV– парк на природата** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000,00 ден | Проектот нема да се реализира до крај на годината, бидејќи не е донесен Законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата |
| 3. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на предлог мерките на** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од | Отпочнати се активности за реализација на проектот, Сулфатарата во с. Косел од страна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел по негово прогласување за заштитено подрачје** | 1.0000.000, 00ден | на МЖСПП е прогласена за заштитено подрачје во категоријата природна реткост |
| 4. | **Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000, 00ден | Документот е изработен<br><br>**Завршен проект** |
| 5. | **Изработка, поставување и одржување на интерактивна веб базирана апликација за Зелен катастар** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 650.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 6. | **Паметно управување со отпад од пакување** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 7. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Пректот беше реализиран во почетокот на месец јуни, по повод одбележувањето на 5-ти јуни Светскиот ден на животната средина<br>**Завршен проект** |
| 8. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 400.000,00ден | За извршена услуга Чистење на Охридското Езеро од цврст отпад за 2023година поради технички причини не е извршено плаќање на фактура во износ од 169.400,00 денари. Плаќањето е извршено на почеток од 2024година од предвидените 400.000,00 денари. Проектот за 2024 година во износ од 200.000,00 ден. ќе се реализира во текот на месец ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот е реализиран во текот на месец јуни **Завршен проект** |
| 10. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Пректот беше реализиран во текот на месец септември **Завршен проект** |

II – Финансиски дел за активности за период 01.07.до 30.09.2024 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани финансиски средства во висина од 99.120,00 денари.

**Број 08-14468/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за спорт и рекреација за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/120** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната Програма за спорт и рекреација за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/21**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација**
**2024 година**
**Периодод 01.07 до 30.09.2024**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски и повеќенаменски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Во извештајниот период се реализираше програмата за спорт и рекреација 2024 година која беше донесена од страна на советот на општина Охрид.

Во овај период (Трет квартал) од Програма Л0 вкупно се реализирани **21.062.894,00** денари.

од **КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР* за овој извештаен период согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“се искористени и реализирани средства во висина од **1.174.840,00** денари.

Од истата програма L0 конто 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија потрошени се **350.000,00** денари.

**-Од КОНТО 463120***ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*,средства наменети за подршка на годишните програми од спортските клубови и здруженија од општина Охрид во овој квартал искористени се средства во висина од **11.515.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД | 6.500.000,00 |
| ГФК Охрид Лихнидос | 2.000.000,00 |
| БК Алексо Огненоски | 460.000,00 |
| Боречки Клуб Аждер | 115.000,00 |
| Риболовно Друштво Св.Апостол Петар | 225.000,00 |
| ФК Вулкан –с.Косел | 40.000,00 |
| ФК Рудар –с.Куратица | 40.000,00 |
| Велосипедски Клуб Лихнидос | 55.000,00 |
| ПК Акваспирит | 60.000,00 |
| КК Фудошин | 90.000,00 |
| ПК Охридски Бранови | 60.000,00 |
| Спортски Клуб Крос Кантри | 100.000,00 |
| ШК Ласкер | 100.000,00 |
| ТК Хваран ИТФ | 220.000,00 |
| ТК Хваранг Фист | 100.000,00 |
| ФК Св.Троица | 40.000,00 |
| Тениски Клуб Охрид | 140.000,00 |
| СК Охрид | 100.000,00 |
| Јахтинг Клуб ОЛС | 70.000,00 |
| СК Лихнидос | 100.000,00 |
| ФК Некст Левел | 80.000,00 |
| Билјард Клуб Осумка | 50.000,00 |
| ВК Горица Ремо | 70.000,00 |
| Акватика Јахтинг | 130.000,00 |
| ЏИ-ЏИ ЏУ д Стронгест | 55.000,00 |
| КК Чоле | 140.000,00 |
| ФК Лескоец | 40.000,00 |
| Меч Рејс | 45.000,00 |
| Општински Фудбалски Сојуз | 250.000,00 |
| ФК Пирамида | 40.000,00 |
| **Вкупно** | **11.515.000,00** |

**-Од КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ,средства кои согласно јавен повик се наменети за подршка на спортски манифестации/настани и проекти од областа на спортот како и средства за спортисти индивидуалци.Во овој квартален период се реализирани и искористени вкупно **8.023.054,00** денари кој согласно потпишаните договори со општина Охрид првиот дел на финасиските средства го добиваат пред започнување на спортската манифестација/настан,проект од областа на спортот,додека

вториот дел од вкупната сума после завршување на спортската манифестација/настан,проект од областа на спортот по доставен наративен и финансиски извештај.

| **Организатор** | **Име на спортска манифестација/настан,проект од областа на спортот** | **Висина на исплатени финансиски средства** |
|---|---|---|
| БК Алексо Огненоски | Боксерски меморијален „Алексо Огненовски“турнир,„Опен Балкан“ | 90.000,00 |
| Граѓански интегритет | Со велосипед Уживај и профитирај | 30.000,00 |
| АК Охрид трчаТ | Охрид трчаТ 2024<br>Акватлон Охрид трчаТ<br>Пештани екстрим вертикал | 430.000,00 |
| ГКК Охрид | Кош.турнир” Охрид 2024” | 75.000,00 |
| ШК Ласкер | Шах. Турнири | 95.000,00 |
| ТК Мастер | Државно првенство ИТФ | 30.000,00 |
| ПК Охриски Бранови | Охридски пливачки маратон<br>Олимписки пливачки маратон 5 км и 10 км(Балканско јуниорско првенство)<br>-Меѓ. Ватерполо турнир<br>-Илин. пливачки маратон | 1.740.000,00 |
| КК Стрмец | Меѓ.Илинденска регата | 110.000,00 |
| Топ Адвенчрс | Охрид Ултра Траил 2024 | 100.000,00 |
| НИМО ТД | 35 год. Навивачка група Рибари | 50.000,00 |
| СК Охрид | Стрелачки Куп Илинден 24 | 35.000,00 |
| Јахтинг Клуб ОЛС | Запознај го едрењето,заштити го езерото | 25.000,00 |
| Тениски Клуб | Тениски куп на ветерани | 25.000,00 |
| ФК ОСК Ферплеј | Меѓ.турнири во оргзанизација на Купови | 100.000,00 |
| КК Кун-су-то | Охрид Опен 2024 | 90.000,00 |
| ВК Лихнидос | Друмска Трка | 62.500,00 |
| РШ Седмерец | -5ка за ракомет<br>-Играме заедно,растиме заедно,се смееме заедно | 35.000,00 |
| ПК Аквапирит | -Охрид Опен 2024<br>-ОВФ митинг 2024 | 70.000,00 |
| ФК ФЦ Копенхаген | Балкански Надежи | 80.000,00 |
| Аматер Натг | Фри Спирит деј 2024 | 35.000,00 |
| СК Лихнидос | Гран При Лихнидос 2024 | 35.000,00 |
| Здр. Шампион систем | -На бована сараиште<br>-Правила на однесување на велосипедистите<br>-Тренинг Камп за велосипедисти. | 27.500,00 |
| ФК Некст Левел | ФК Некст Левел Куп 2024 | 80.000,00 |
| Параглајдинг Флај | Параглајдинг Еуропеан Куп 2024 | 145.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| НЦ Амфора | Промоција на рекреативно нуркање за деца | 130.000,00 |
| ЗДР. Карате Асоцијација ИЈКА | ИЈКА-Шидокан јарате Куп | 60.000,00 |
| РШ Вардар Седмерец | 5 ка за ракомет | 50.000,00 |
| Меч Рејс | Европски Меч Рејс Куп 24 | 90.000,00 |
| Здруж. На планинари ВЕЛИКАМЕН | -Планински едукативен Камп<br>-Одбележување на светскиот ден на планината | 50.000,00 |
| Акватек | Промоција на подводни спорови-Еко Охрид 2024 | 50.000,00 |
| ТК Хваранг Фист | Охрид Опен 2024 | 40.000,00 |
| Спиридон Спелео | И охрид има Пештери | 25.000,00 |
| СК Волеј | Вежбај и Уживај | 25.000,00 |
| ТК Хваранг ИТФ | Меѓ. ИТФ турнир Охрид Опен 2024 | 50.000,00 |
| ОВФ | Целокупна манифетација | 800.000,00 |
| КК Про Баскет Јуниор | Кошарката Обединува | 15.000,00 |
| Велгошка Гордост | Турнир во мал Фудбал Велгошти 2024 | 50.000,00 |
| ГРК Охрид | Меѓ.Ракометен турнир „Крсте Андосноски Усташ“ | 600.000,00 |
| ВК Горица Ремо | -Рагата со трад. Кајчиња<br>-Меѓ.Веслачка регата | 75.000,00 |
| Акватика Јахтинг | -Меѓ.Едриличарска регата<br>-Меѓ.Тренинг Камп 2024 | 95.000,00 |
| ТК Хваранг Фист | Меѓ.Теквондо турнир | 40.000,00 |
| ГФК Охрид Лихнидос | Средстав за ГФК Охрид | 1.400.000,00 |
| Сојуз на Учил.спорт | Тековни Активности на Сојузот | 195.000,00 |
| Планинско Лудило-с.Пештани | Езерски Планински фестивал | 97.500,00 |
| Здр. На пензионери на Охрид и Дебарца | Пензионерски Спортски Игри | 40.000,00 |
| Кинезио ДОО | Безбеден Раст на децата | 60.000,00 |
| Св.Апостол Петар | Пливка Куп | 30.000,00 |
| **Вкупно** | | **7.807.500,00** |

| **Спортист индивидуалец** | **Исплатени финансиски средства** |
|---|---|
| Владимир Димитриевиќ | 22.222,00 |
| Дејан Ангелоски | 33.333,00 |
| Тамара Ѓурчиноска | 13.333,00 |
| Ива Кецкарова | 11.111,00 |
| Александра Маленкова | 10.000,00 |
| Елена Јанеска | 16.667,00 |

| | |
|---|---|
| Александар Петрески | 13.333,00 |
| Софија Колушоска | 16.667,00 |
| Стефан Баракоски | 11.111,00 |
| Давид Крстески | 22.222,00 |
| Блаже Љушев | 13.333,00 |
| Искра Мацоска | 10.000,00 |
| Стефан Стефаноски | 22.222,00 |
| **Вкупно** | **215.554,00** |

**ПРОГРАМА ЛА**
**КОНТО 482930** Реконструкција на други објекти
Искорестени се 200.000,00 денари на ФК Вулкан –с.Коселсредства за санација и реконструкција на кровот од соблекубвалните кои се наогаат на фудбалскиот стадион во с.Косел.

**Број 08-14468/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/121** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2024 година за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/23**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**01.07.2024 – 30.09.2024**

**Имплементација на младински иницијативи**

Во текот на ноември 2023 година општина Охрид од страна на УНДП доби финансиски средства од 8000 долари или во денарска противредност 463.300,00 за реализација на проектот “ **Зајакнување на улогата на младите во општина Охрид** “ составен од две носечки иницијативи- “**Промоција на Локалниот Младински Совет преку промоција на младите**“ и **Заштити се себе си кажи не на насилството“,** со основна цел подобрување на улогата и соживотот меѓу младите во Општината. За добиените средства општина Охрид отвори посебна донаторска сметка и распиша јавен повик за ангажман на проектен персонал и волонтери. За реализација на проектот Општна Охрид распиша јавна набавка за избор на најповолни понудувачи на двете активности предвидени со проектот и тоа за изработка на фото и видео , храна и пијалоци и печатарски услуги

***1.иницијатива “Заштити се себе си кажи не на насилството“***

Насилството меѓу младите е еден од најсериозните проблеми што ги загрозуваат здравјето,развојот па дури и животот на младите. Наслилството се случува секаде во домот,во училиштата во институциите за грижа на деца па дури може да се случи и на улица. Еден од главните проблеми е тоа што насилството врз младите останува скриено поради тоа што младите се плашат од насилникот.

При имплементација на оваа иницијатива младите кои беа вклучени во реализација на проектот во април и март ги посетија основните и средните училишта во градот и одржаа неколку панел дискусии на кои ги запознаа учесниците со поимот насилство и со последиците од истото.. Покрај тоа во простоиите на МЦО беше оддржана трибина на која учествуваа представници од СВР Охрид , представници од одделение за превенција од насилсво при СВР Охрид, Представници од ИПА полициски сендикат, представници од министерство за Туд и социјална политика, професори, ученици и медиуми. На оваа трибина се зборуваше за облиците на насилство и превенција од истото.

***2.иницијатива “промоција на ЛМС преку промоција на младите***

Младинската информираност е предизвик на денешницата . Имено младите се пасивни и апатични за проблемите со кои се соочуваат секојдневно и поради тоа ректко кога се вклучуваат во општествените процеси.

Целта на оваа иницијатива е да ги информира младите со законот за младинско учество и младински политики и потребата од негова функционалност како и промоција на членовите на локалниот младински совет. Целта е младите да може да го кажат својот став и мислење  и да се стават во фокусот на проблемите со кои се соочуваат. Со реализација на оваа иницијатива се детектираа најистакнатите проблеми со кои се соочуваат младите . За таа цел беа посетени средните училишта факултетот и универзитетот на територијата на општина Охрид. Целтга на оваа иницијатива е да се зголми учеството на младите , нивната информираност за она што нив ги интересира  и што се залгаат да биде решено. Со оваа иницијатива би се зголемила улогата на членовите на ЛМС како линк на младите и локалните власти.

Овој проект е целосно финансиран од УНДП. 70% односно 324,310.00 од вкупно предвидените средства за овој прокт на донатаорската сметка на општина Охрид беа префрлени на 16.05.2024 година кога беа исплатени услугите кон “Борник Комерц  ДОО Охрид, Агрил Агент ДОО Охрид и Астра Дизајн.

Проектот финансиски беше завршен на 6 септември 2024 година кога на донаторката сметка на општина Охрид беа префрлени останатите 30% од вкупната сума предвидена за овој проект, односно 124,455.00

На 18.09.2024 година беа исплатени доставените фактури за патни трошоци на лицата вклучени во реализација на проектот.

На лицето Игор Јосифовски по основ доставени фактури на 18.09.2024 година му беа исплатени 7,200.00

На лицето Александар Стојановски по основ доставени фактури за патни трошоци на 18.09.2024 година му беа исплатени 6,825.00

На 18.09.2024 година  на Агрил Агент ДОО Скопје – авторска агенција која склучи авторски договори со лицата вклучени во реализција на проектот  и беа префрлени 110,430.00.  Со овој трансвер проектот финансиски беше целосно реализиран.

**Учество во проектот ReLOAD2**

Изминатата година Општина Охрид објави јавен повик за граѓански организации за поднесување на предлог проекти во рамки на регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан ReLOAD2. На јавниот повик право да поднесат предлог проекти имаа сите граѓански организации чии проекти се доследни на развојните цели на општина Охрид:младински активизам и партиципација, родова еднаквост, економска и социјална инклузија, заштита на животната средина , туризам и култура..

После овој повик како најсоодветни беаизбрани проектите на три невладини организации

1. “Здружение клуб за нуркање Акватек Охрид“- со проектот “Зелена младина, зелена иднина“
2. “Здружение за заштита и оддржлив развој  Зелен Центар Охрид“– со проектот “ “Дигитализација и промоција на културното наследство во Охрид“
3. Здружение за подршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи –Жртва Охрид“- со проектот  “Превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади.

Трите проекти се реализирани а врз основа на договорот за соработка од 31.082021 година општина Охрид се обврзува да учествува со 25% од вкупниот одобрен буџет на проектите.

Во рамки на ReLOAD2 програмата во 2024 година за прв пат беа поддржани младински иницијативи кои треба финансиски целосни ќе бидат поддржани од УНДП. Првиот работен состанок со носителите на двете иницијативи и претставниците н општина Охрид беше одржан во просториите на општина Охрид на 16.08.2024 година.

-првата иницијатива има нслов “Ела вози“ носител на истата е младинската организација “Аматер“ од Охид, целта на истата е реновирање на скејт паркот во Охрид. Оваа иницијатива е целосно финансирана од УНДП а предвидени средатва за реализација на истата се 298.000 денари

-втората иницијатива има наслов “Активрирј, креирај, трансформирај’ , носител на истата е младинската организација “Архид“ од Охрид а истата опфаќа реновирање на МЦО. Предвидени средства за реализација на оваа иницијатива се 4 200 евра во денарска противредност.

**Локален младински совет**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид , согласно законот за младинско учество и младински политики објавен во службен весник на РМ бр.10 од 16.01.2020 година, се наметнува потребата од формирање на локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност беше инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите. Со формирање на Локално Младинско Собрание и со формирање на Локален Совет на Млади се споделуваат обврските меѓу општината и младинските активисти на начин со што се гради партнерски однос меѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Од тие причини продолжува интезивната соработка меѓу одделението за Млади и Невладини Организации преку службеникот за младисп Локалниот Младински Совет и Собранието на Млади.

Локалниот Младински Совет настојува да биде транспарентен и отчетен кон јавноста и кон младите во Општина Охрид па токму поради тоа огромно влијание имаат односите со пошироката јавност.

Во тата смисла на веб станата на општина Охрид на посебна потсраница секој може да пристапи и да дознае информации за членовите на ЛМС.

-За својата работа ЛМС оддржува редовни седници на ЛМС

-Учаествува во формирање на младински иницијативи

-Учество на годишно собрание на Интернационална полициска асоцијација – Охрид

-Ооганизира Онлајн промоции

-председателот на Совт на Млади има право да учествува на Седниците на Советот на Општина Охрид. На седницата на советот на општина Охрид одржана на 29 август 2024 година пред советот на општина Охрид се обрати председателот на советот на Млади Игор Јосифовски кој пред советниците реферираше за реализираните активности на членовите на советот на млади кои беа вклучени во реализација на двете младински иницијативи финансирани од УНДП 1. “Заштити се себе си кажи не на насилството„ 2.“Промоција на ЛМС преку промоција на младите„.

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ:**

**Координативни состаноци**

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО организираа редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид.

- Редовни координативни состаноци секој понеделник;
- Подготовка на национална кампања за младински центри
- Останати активности

## ПРОМОЦИЈА НА МЦО:

Се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и нашата веб страна, како и промоција на МЦО од страна на тимот на МЦО на различни настани.

Проектниот тим беше задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот и во овој квартал споделуваше информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, linkedin) се користат како канали за комуникација со јавноста.

Линкови од веб страна и профили на социјалните мрежи:

- mco.mk

- www.facebook.com/MladinskiCentarOpstinaOhrid

- www.instagram.com/mladinskicentar_opstinaohrid/

- www.linkedin.com/company/mladinski-centar-ohrid

- https://www.tiktok.com/@mladinskicentar_o?_t=8o2aiFpkSRi&_r=1

**ИНФО ден на Beach Film Festival – Промоција на МЦО**

На 17 јули 2024 година на отварањето на традиционалното издание, 7мо по ред од Beach Film Festival, Младински Центар Охрид ја искористи можноста за да се вклучи со свој Инфо ден со цел промоција на МЦО, како и програмите кои ги вклучува самото работење.

## МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво, занимливости, тековни случувања во Охрид, локални јавни повици, информации од активни здруженија и младински организации), проектниот тим на МЦО воспостави фунционална веб страница. Младинските работници секојдневно објавуваат информации на веб страната и споделуваат на социјалните мрежи.

Според акцискиот план се реализираа следните активности за Младинско информирање:

**Национална кампања со младински центри**

Во текот на месеците јули, август и септември продолжи онлајн промоцијата на Националната Кампања за Унапредување на Положбата на Младинските Центри, во која

се вклучија и младинските центри од Битола, Струмица, Кавадарци и двата центри од Гостивар. Оваа кампања е резултат на настанот „Денови на Младински Центри: Семинар за вмрежување и унапредување на младинската работа“ кој се одржа од 15 – 17 декември 2023 година.

НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ КРЕАТИВНОСТ

Во текот на јули и август 2024 година, Младинскиот Центар Охрид реализираше низа активности за неформално образование и поттикнување на креативноста кај младите. Следните активности се реализираа во Младинскиот Центар :

**КРЕАТИВНА ЛЕТНА ШКОЛА**

Во периодот од 1 јули до 13 август, се одржуваше Креативната Летна школа, наменета за ученици од основните училишта кои во летниот период доаѓаа во Центарот. Целта беше да се запознаат со нови техники, да ја поттикнат својата креативност и да се здобијат со нови вештини.

На 01.07.2024 се одржа Работилница за креации од ткаенина.Учесниците имаа можност од стара облека да изработат торби за пазарење, со што се стави акцент на рециклирање и реупотреба на старите и искористени ресурси на креативен и забавен начин.

На 18.07.2024 се одржа Работилница за рачна изработка на накит каде учесниците изработуваа накит од реупотребливи материјали и монисти, изразувајќи го својот креативен дух.

На 22.07.2024 се организираше посета на Paper Museum во стариот дел на Охрид со цел младите да се запознаат со рачна изработка на хартија. Учесниците ја разгледаа работилницата и изработките, и поразговараа за историјата и процесот на изработка на хартија.

На 29.07.2024 се одржа работилница со наслов Swap Art Project преку која младите на креативен начин сликаа на канваси па ги заменуваа своите дела со другите млади додека не се добие финален производ.

На работилниците во рамките на Летната креативна школа присуствуваа вкупно 30 млади.

**РЕ-КРЕ-АРТ**

Во текот на летото, Младинскиот Центар Охрид организираше серија работилници кои беа водени од млади креативни луѓе од Центарот, во соработка со Beach Film Festival и Charade Film. Овие работилници имаа за цел да ги поттикнат креативните способности на младите учесници преку различни уметнички активности.

На 01 и 02 јули се одржаа работилници за декупаж, каде учесниците имаа можност да научат како да создаваат уметнички дела користејќи различни техники на декупаж. Овие работилници беа одлична можност за младите да ја изразат својата креативност и да создадат уникатни уметнички дела.

На 02 јули се одржа и работилница за креации од ткаенина. Учесниците работеа со различни видови ткаенина и научија како да создаваат креативни и функционални предмети од текстил. Оваа работилница беше посебно интересна за оние кои сакаат да експериментираат со различни материјали и техники.

На 03 и 04 јули се одржаа работилници за оригами и мозаик. Учесниците имаа можност да научат како да создаваат сложени и убави форми од хартија преку техниката на оригами, како и да создаваат уметнички дела од мозаик.

Овие работилници не само што ги поттикнаа креативните способности на младите, туку и им овозможија да се запознаат со нови техники и да создадат уникатни уметнички дела.

На работилниците во рамките на овој настан присуствуваа вкупно 40 млади.

**НЕДЕЛА НА МЛАДИ**

Недела на млади во Младински Центар Охрид, втора година по ред! Меѓународниот ден на младите (IYD), назначен од Обединетите Нации, се одржува секоја година на 12-ти август како ден за подигање на свеста за одредени културни и социјални прашања за младите. По тој повод, и оваа година подготвивме низа настани на различни локации во Охрид со цел младите да се поврзат, забавуваат, да ја разбудат својата креативност и да научат нови вештини.

Во текот на Неделата на млади, која се одржа од 12-ти до 16-ти август, Младинскиот центар Охрид организираше низа активности кои ги вклучија младите во различни креативни и едукативни програми.

Првиот ден, 12-ти август, 2024 година беше посветен на Меѓународниот ден на младите. Програмата започна со летната школа за гитара под менторство на професорот Игор Стефановски, каде младите имаа можност да ги научат основите на свирење на гитара. Паралелно, се одржуваше и летната ликовна школа под водство на наставникот Димитрие Ристески, каде учесниците работеа на различни уметнички техники. Денот беше дополнет со друштвени игри и фотографска изложба. Вечерната програма вклучуваше официјално отворање кое го направи заменик градоначалникот на Општина Охрид, Ана Крстеска, заедно со раководителот на МЦО, Јован Цветкоски, и извршниот директор на Коалиција на Младински Организации СЕГА, Зоран Илиески.

Следеа музички настапи на младите таленти од Основното музичко училиште „Методи Патчев“, проекција на филмот „Охрид, Охрид, убав мил“ и обраќање на режисерот Илија Пиперкоски, по што следуваше Q&A сесија. Настанот заврши со настап на диџеј Достин и коктел забава.

Вториот ден, продолжи со летната школа за гитара и ликовната школа, а дополнително беше организирана сесија за медитација и јога покрај езеро со инструктор Магдалена Николовска, што им овозможи на младите да се релаксираат и да се поврзат со природата.

Третиот ден вклучуваше проекција на анимираниот филм „Tadeo Jones 3“ во соработка со Beach Film Festival, што беше дел од нивната детска програма. Летната школа за гитара и ликовната школа продолжија со своите активности.

Четвртиот ден беше посветен на уметнички изрази. Покрај редовните школи за гитара и ликовна уметност, Архрид колектив организираше работилница за цртање на ѕид и мурали. Присутните првично ја скицираа својата идеја на хартија, а потоа ја реплицираа на ѕид на тема „Музика“, освежувајќи ја музичката соба во Младинскиот Центар.

Последниот ден од Неделата на млади заврши со креативна работилница за изработка на стикери и Саем на книги на Плоштадот Мини Маркет, поддржан од Општина Охрид. Вечерта заврши со настап на познатиот охридски бенд Броз, што беше одличен завршеток на оваа успешна недела.

На целосната програма на Недела на млади 2024 беа присутни вкупно 350 млади, кои активно учествуваа и уживаа во сите активности.

## КУЛТУРА

Според акцискиот план за јули, август и септември 2024 година, реализирани се следните културни настани:

**Летна филмска вечер во Младински Центар Охрид**

На 24.07.2024 година, со почеток во 20:30 часот, во МЦО беше прикажан срдечниот и добро познат филм „The Perks of Being a Wallflower“. Младите присутни уживаа во проекцијата со тазе пуканки.

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

**Тркалезна маса во организација на КРИК**

На 01.07.2024 година се одржа тркалезна маса во просториите на МЦО. Целта на спроведување тркалезни маси е да се идентификуваат локалните потреби, состојби, но и тековни активности од други проекти поврзани со животната средина и климатските промени. Исто така, се споделија заклучоци и препораки за меѓусекторска и партнерска соработка на локално ниво на носителите на одлуки за планирање и преземање соодветни активности за заштита на животната средина и отпорност на климатските промени, со вклученост на сите млади како носители на активностите.

**<u>Дисеминација и цртање мурали од 5 до 12</u>**

На 27.08, 28.08 и 29.08, претставници на Културолошка иницијатива 5 до 12 одржаа дисеминација за својот последен Еразмус+ проект кој се реализира од 5-ти до 15-ти август во Талин, Естонија. Учесниците кои се здобија со техники за цртање на ѕид го споделија своето знаење со присутните тука, а потоа во дел од просторијата Multipurpose изработија мурал инспириран од содржините во Охрид.

**<u>Студиска Посета во Франција во состав на проект FOMYW</u>**

Од 12-ти до 19-ти септември во Шербур, Франција се реализира петтата активност од проектот „For Open-Minded Youth Workers“. Учесниците од три организации - Коалиција СЕГА, Maison Pour Tous Léo Lagrange Cherbourg-Octeville и Musique Expérience работеа на ко-конструкција на содржина за обука за идните младински работници, креираа и имплементираа работилници за меѓународна мобилност со специјализанти, млади работници и носители на одлуки. На оваа активност вклучени беа и младинските работници од Младински Центар Охрид, Јован Цветкоски и Ангела Митеска.

**<u>Завршна конференција „Младинска интеркултурна мобилност преку дигитална поврзаност - Connextions“</u>**

На 27-ми септември во просториите на Младински Центар Охрид се одржа финалната конференција „Младинска интеркултурна мобилност преку дигитална поврзаност - Connextions“, што го означува крајот на проектот Connexion-s.

На конференцијата се презентираа крајните резултати, се одржа панел дискусија на која се разговараше за важноста на интеркултуралноста за граѓанска посветеност, можностите и границите на пристап до интеркултурна мобилност и предизвиците на дигиталната технологија како алтернатива. Панелисти беа: Јован Цветкоски, Раководител на Младински Центар Охрид; Виктор Крстаноски - член на ЗГ Енхелеус Лихнид и Томислав Гајтановски - Коалиција на младински организации СЕГА.

Дополнително, се споделија добри практики од млади луѓе вклучени во проектот, а се одржа и работилница на темите што се обработуваа, спроведена од младинските работници Јован Цветкоски и Ангела Митеска.

**<u>Презентација за вештини на емпатична комуникација</u>**

На 30 септември, во Младински Центар Охрид, беше одржана презентација, вклучувајќи активности и дискусија на тема „ВЕШТИНИ НА ЕМПАТИЧНА КОМУНИКАЦИЈА“ од страна на Тактус - Здружение за развој на културно-уметнички вредности. На настанот беа претставени чекорите за употреба на ненасилна комуникација, дефинирање на поимите емпатија, себе-емпатија, опсервации, чувства, потреби и барања.

Овој настан беше дисеминација на обуката за „Ненасилна комуникација“, одржана во Латвија и поддржана преку програмата Еразмус +, која присуствуваше претставник од здружението ТАКТУС.

**ПОСЕТЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ:**

Во овој тримесечен период (јули, август и септември 2024 година) центарот беше посетен од страна на околу 550 посетители, вклучувајќи учесници на настаните, како и луѓе кои го посетуваат центарот на дневна основа.

**ОЦЕНКА ЗА МЕСЕЦИТЕ ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ ЗА ВЕБ СТРАНАТА**

Во текот на овие 3 месеци, веб страната е посетена: 53,624 пати

Во текот на овие 3 месеци, на веб страната се објавени 68 вести

**СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ И СТАТИСТИКА НА ПОСЕТИ И ИНТЕРАКЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ**

**Статистики од FACEBOOK (од 01.07.2024 до 30.09.2024)**:

- post reach: 27,266; engagement: 5016; followers: 1483

**Статистики од INSTAGRAM (од 01.07.2024 до30.09.2024)**:

- Accounts reached: 32,700; Accounts engaged: 878 Total Followers: 832

**Финансиски Извештај**
**За раководење со Младински центар Охрид за 2024 година,Коалиција на младински организации СЕГА за периодот 01јули 2024- 30септември 2024 година**

| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ | Средства од општина Охрид | IИзвештај | IIИзвештај | IIIИзвештај | Учесто на апликантот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Описнатрошокот** | **Тип** | **Цена** | **#Единици** | **Единици** | **(МКД)** | **(МКД)** | **(МК)** | **(МКД)** | **(МКД)** | **(МКД)** |
| **1.Персонал** | | | | | | **1,231,080.00** | **307,770.00** | **231,850.00** | **263,559.00** | **1,590,612.00** | **2,821,692.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 63,419.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | | 761,028.00 | **761,028.00** |
| 1.2 | МЦОКоординатор (СЕГА) | месец | 54,132.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | | 649,584.00 | **649,584.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 120,810.00 | 80,540.00 | 120,810.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.4 | МЦО Младинск иработник | месец | 35,650.00 | 1 | 12 | 427,800.00 | 106,950.00 | 71,300.00 | 62,739.00 | 0.00 | **427,800.00** |
| 1.5 | МЦО Младински работник | месец | 26,670.00 | 1 | 12 | 320,040.00 | 80,010.00 | 80,010.00 | 80,010.00 | 0.00 | **320,040.00** |
| 1.6 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 15,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | | 180,000.00 | **180,000.00** |
| **2.Патни трошоци** | | | | | | **37,920.00** | **4,240.00** | **2,720.00** | **3,386.00** | **0.00** | **37,920.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 4,240.00 | 2,720.00 | 3,386.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локалнипатнитрошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | | | 0.00 | 12,000.00 |
| **3.Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **9,000.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување,работни материјали,храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | | | | 0.00 | 9,000.00 |
| **4.Други директни трошоци** | | | | | | **9,600.00** | **2,400.00** | **2,250.00** | **2,460.00** | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 2,400.00 | 2,250.00 | 2,460.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5.Индиректни трошоци** | | | | | | **72,000.00** | **0.00** | **9,582.00** | **1,508.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | | 4,612.00 | | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | 4,970.00 | 1,050.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | | | 458.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | | | | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфичнитрошоци поврзанисопроектот** | | | | | | **331,100.00** | **1,848.00** | **9,071.00** | **91,098.00** | **0.00** | **331,100.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали(балони,маици,стикери, белезици) | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | | | 19,304.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.2 | Тефтери (бележни Ци )А 5 | единица | 74.00 | 500 | 1 | 37,000.00 | | | | 0.00 | 37,000.00 |
| 6.3 | Печатени хартиени кеси | единица | 100.00 | 200 | 1 | 20,000.00 | | | 18,644.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.4 | Знамесојарбол(4метра) | единица | 5,300.00 | 2 | 1 | 10,600.00 | | | 8,240.00 | 0.00 | 10,600.00 |
| 6.5 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | | | 22,100.00 | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.6 | Театарска работилница-реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | | 8,691.00 | | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.7 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | | | | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | | 380.00 | 3,010.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.9 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 1,848.00 | | | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | | | | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | | | | 0.00 | 3,500.00 |
| 6.12 | Хонорар за ментори/наставници за школи за музика и | месец | 6,600.00 | 2 | 5 | 66,000.00 | | | 19,800.00 | 0.00 | 66,000.00 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | уметност | | | | | | | | | | |
| 6.13 | Печатење на промотивни материјали (флаери,публикации и сл.) | единица | 70,000.00 | 1 | 1 | 70,000.00 | | | | 0.00 | 70,000.00 |
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **164,500.00** | **0.00** | **0.00** | **113,112.00** | **0.00** | **164,500.00** |
| 7.1 | Опрема за озвучување | единица | 100,000.00 | 1 | 1 | 100,000.00 | | | 113,112.00 | 0.00 | 100,000.00 |
| 7.2 | Осветлување за настани | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | | | | 0.00 | 20,000.00 |
| 7.3 | ПП Апарат | единица | 3,000.00 | 1 | 1 | 3,000.00 | | | | 0.00 | 3,000.00 |
| 7.4 | Сет за прва помош | единица | 1,000.00 | 1 | 1 | 1,000.00 | | | | 0.00 | 1,000.00 |
| 7.5 | Пепелник | единица | 1,500.00 | 1 | 1 | 1,500.00 | | | | 0.00 | 1,500.00 |
| 7.6 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | | | | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.7 | Клуб Масички | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | | | | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.8 | Брендирање на прозори | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | | | | 0.00 | 5,000.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно директни трошоци** | **1,855,200.00** | **316,258.00** | **255,473.00** | **475,123.00** | **1,614,612.00** | **3,469,812.00** |
| Административни трошоци,10%од програмските трошоци | MKD185,520.00 | MKD31,626.00 | MKD25,547.00 | MKD47,512.00 | MKD 0.00 | MKD185,520.00 |
| **ВКУПНО** | **MKD2,040,720.00** | **MKD347,884.00** | **MKD281,020.00** | **MKD522,635.00** | **MKD1,614,612.00** | **MKD3,655,332.00** |

47512

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОПШТИНА ОХРИД** | **КОАЛИЦИЈА СЕГА** | **ВКУПНО** |
| **ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ** | **55.83%** | **44.17%** | **100.00%** |

**Број 08-14468/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/122** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2024 – 30.09.2024 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

Во соработка со Македонската православна црква и Здружението за грижи и воспитување на децата на Охрид, братството и сестринството од Бигорскиот манастир и Организациониот одбор на Бадниковите поворки, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**




Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**

  Василичарскиот карневал кој годинава се одржа по 25 –ти јубилеен пат и годинава беше вистински театар под отворено небо.

  Карневалот има посебен, уникатен и несекојденевен дух кој успешно беше пренесена на многубројните гости од Охрид и околината.



- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**

По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт македонската група Некст тајм, кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.





- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Славе Ѓорѓо Димоски и преставување на поемата „Денес“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев.

На свеченоста беше промовирана книгата Охридските поети од проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на Општина Охрид како дел од едицијата Охридско книжевно наследство. Исто така во рамките на манифестацијата доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.







Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2024 година на тема: „Прличев и ние“.




- Во чест на ликот и делото на Кирил Прличев и по повод 80 години од неговата смрт, денеска во Спомен куќата на Христо Узунов се одржа пригодна свеченост, организирана од страна на Општина Охрид во соработка со Националната установа Завод и музеј. **Општина Охрид и НУ Завод и музеј – Охрид, по втор пат ја одржуваат оваа манифестација, со која се одбележува 80 годишнината од смртта на големиот револуционер. Се надевам дека денес и најмладите ќе имаат можност да спознаат нови моменти од животот и делото на овој наш славен охриѓанец, а преку изложбата „Лица на револуцијата“ визуелно и со нивната фантазија да допрат до историските моменти од нашето минато.**
  На настанот присуствуваше внуката на Кирил Прличев, Олга Прличева која на претставниците на Завод и музеј им подари портрет од својот дедо. Портретот ќе биде дел од музејската поставка во Спомен куќата на Григор Прличев





- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата,одбележана е 116 **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**




- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“, а со поддршна на Општина Охрид, по втор пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.

За ликот и делото на поетот зборуваше Славе Ѓорго Димоски, а избрани песни за деца од творештвото на Илиевски прочитаа учениците од ООУ „Свети Климент Охридски“.

Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.



- По повод 8 март- Меѓународниот ден на жената, Општина Охрид на 07.03 2024 г. ( четврток) во концертната сала на Општинското основно музичко училиште ,,МетодиПатчев” со почеток во 19.00 часот, беше организиран музички рецитал на Билјана Буџакоска во пијано придружба на Ивона Базглаоска .

Пред рециталот бешеотворена изложбата “Жени во фокусот “ во чии рамки беа изложени 12 фотографи сликани од објективот на Нина Ангелоска.

Фотографиите се всушност 12 приказни на жени охриѓанки кои со својата работа се синоним за се она што значи ЖЕНА.

Секоја, посебна, инспиративна и секоја на свој начин преставува пример дека постои само сакам и не сакам , а нема не можам.

Најчестиот начин на кој луѓето се откажуваат од својата моќ е со размислување дека не можат“ – Алис Вокер.

Реализацијата на овие два настани е во соработка со Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.





- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**




- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**



- Одбележана годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски.

По повод 25 годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски, делегација на Општина Охрид, предводена од заменик градоначалникот Перчо Божиновски, денеска положи свежо цвеќе на неговото спомен обележје во селото Ливоишта.

Благојче Крстаноски бил македонски бранител и професионален војник во АРМ. Загинал на 7 април 1999 на самата граница од снајперски оган од косовска страна. Тој бил првата жртва на вооружените сили во независна Македонија, чесно и пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одбрана на својата татковина.

Благојче Крстаноски е посмртно одликуван со медалот за храброста од претседателите Борис Трајковски и Ѓорге Иваноски.




- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**
  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен- куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.




- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 25-то јубилејно издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**




Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 30.04.2024 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.

На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.

Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД„Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.

Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.






- Во рамки на свечената програма за одбележување на 24. Мај Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј вчеравечер во УИНТ „Св. Апостол Павле“ се одржаа два културни настани организирани од страна на Општина Охрид и Амбасадата на Република Словачка во Македонија. Беше отворена изложбата на фотографии „По трагите на Свети Кирил и Методиј“ и беше прикажан документарниот филм „Тајниот код на Константин“.

На настаните во името на Локалната самоуправа присуствуваше заменик градоначалникот Перчо Божиновски и советници од Советот на Општина Охрид. Проекцијата на филмот ја проследија и Словачкиот амбасадор во Република Македонија, Хенрик Маркуш, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, високи претставници на Македонската Православна црква-Охридска Архепископија, пратеници, функционери, професори и граѓани.



По повод 24. Мај, денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј, делегација на Општина Охрид, предводена од градоначалникот Кирил Пецаков, денеска положи свежо цвеќе на нивното спомен обележје на Охридскиот кеј.

Свежо цвеќе положија претставници на амбасади и конзуларни претставништва во Македонија, пратеници, претставници на охридските основни и средни училишта, претставници на културни институции, здруженија на граѓани и претставници на политички партии.




- Во големата сала на Општина Охрид се одржа промоција на книгата „Охридски писатели за деца и младинци“ од авторите проф. д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо – Димоски.



Станува збор за деветтата по ред книга којашто е дел од едицијата „Охридско книжевно наследство“ што ја издава градоначалникот Кирил Пецаков и Општина Охрид.

За значењето на овој труд зборуваше заменик градоначалникот на Охрид, Перчо Божиноски. Промотор на книгата беше м-р Ирена Бачиќ. Пред присутните се обрати и поетот Смиле Наумоски – Брсјак кој со свои творби е застапен во делото. Беше прочитано и излагањето од претседателот на Балканско детскиот младински камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“, Веле Митаноски. Уредник на книгата е Митре Велјановски.

Трудот е објавен во тираж од 300 примероци.

- Под покровителство на Општина Охрид во предворјето на НУЦК Григор Прличев со почеток во 20.00 часот, на 20.06.2024 година, ќе се одржи културната манифестација Чалгиски звуци во чест на познатиот охридски виолинист Климе Садило.

На манифестацијата ќе настапат музичката група „Фросина“ и Камерен оркестар Охрид.




- Општина Охрид преку Програмата за култура започна да го реализира проектот – **„Да ги овековечиме вредностите“.** Целта на проектот е сликање мурали на истакнати охридски дејци, кои оставиле трага во охридската и македонската меморија.

Согласно предвидениот буџет, проектот започна со цртање на ликот на Григор С. Прличев – симболот на македонската гордост, истрајност и непокор, поетот кој со своите вонвременски дела Сердарот и Скендербег ја извиши Македонија во врвот на

светската литературра, покажувајќи и докажувајќи дека за пишаниот збор нема граници. Муралот е нацртан на западниот ѕид на НУ Библиотека Григор Прличев во непосредна близина на НУЦК Григор Прличев – двете институции кои го носат неговото име. Муралот е дело на академскиот уметник Горан Ристоски.






- Под мотото „Културата расте со децата“ , овој петок – 28.06 2024г ., со почеток во 20:00 часот на бината кај ТЦ Амам ќе настапи модерниот детски, светски бренд „Веселите ѕвончиња“.

Настанот е дел од Програмата за деца на Општина Охрид.

- Богата музичка програма и неповторлива забава за охриѓани и туристите донесе третото издание на Ohrid Wine Festival се одржува од 27-ми до 29-ти јуни во Охрид, на Кеј Македонија, пред хотел „Палас“.

На отварањето на фестивалот на 27.06.2024 (четврток) на сцената настапија Backdoor band, Миле Кузманоски и „Куку леле“. Вториот фестивалски ден на 28.06.2024 (петок) е резервиран за Urban planet, Next time и Brass brothers. Во рамки на третиот фестивалски ден на 29.06.2024 (сабота) за забавата ќе бидат задолжени „Балканико“, „Ареа“ и Влатко Лозановски.

Концертите на македонските музички артисти беа надополнети со дегустацијата на македонски вина и вкусна храна.

Покровител на овој тридневен фестивал е Општина Охрид, а истиот е организиран од „Крафт Продукција“.



Со концерт на ансамблот „Танец“ синоќа во Центарот за култура „Григор Прличев“, почна 63. издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри, Со финансисска и логистичка поддршка на општина Охрид. Традиционално, се одржа и балканското

дефиле, а љубителите на фолклорот уживаа во настапите на ансамблите и културно-уметничките друштва од Р. Македонија, Бугарија и Австралија.




- На плажата „Славија“ во Охрид со финансиска и логистичка поддршка на 18.07., започна седмото издание на Фестивалот на европски филм **BEACH FILM FESTIVAL.**

Овогодинешното издание на фестивалот кое ќе трае до 21 јули се одржа на четири локации во Охрид и тоа на плажата Славија, бродот Армада, плажата Сараиште и Младинскиот Центар. Фестивалот на филмови под ѕвездите и годинава понуди богата програма со филмски проекции, едукативни работилници и музички перформанси.

Фестивалот беше отворен со проекцијата на филмот „Forever hold your peace“, а во главната програма беа прикажани уште шест долгометражни европски филмови: „Rodeo“, „Summer to come“, „Afire“, „Milk“, „Some birds“ и „Pelican“.

Покрај главната програма, на фестивалот беа прикажани и 14 краткометражни филмови. Од домашната продукција пак, беа прикажани филмовите на Ана Јакимска, Елеонора Венинова, Јане Спасиќ и Димитар Банов. За музичкиот и забавен дел на програмата задолжени се бендовите „Sioto Jazz“ и „Xarakiri“, диџејот „MarTian“, диџејките „Baila“ и музичкото дуо „SIZ“. Ова фестивалско издание предвидеи филмови за најмалите посетители што ќе беа прикажувани на градската плажа „Сараиште“ .




- Во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, вчеравечер во „Куќата на Робевци“ во Охрид беше отворена изложбата „Охрид 1900 година“ низ фотографиите од експедицијата на Н.П. Кондаков во Македонија, со финансиска поддршка на општина Охрид.




- Со пригодна свеченост, започна тринаесетото издание на културно – забавната манифестација „На Зајдисонце“ во Трпејца.
  Овогодинешната програма стартуваше со Мини изложба на дела од Меѓународната колонија одржана во Трпејца во 2023 година и концерт на Влатко Броз и Дицеј Марама. Во девете дена, публиката проследи низа од културни и музички настани, работилници и други интересни активности.

Манифестацијата „На зајдисонце “ ја организира Здружението за развој и промоција „За Трпејца со љубов“ со поддршка Општина Охрид.




- Со богата културно-уметничка програма во охридското село Велгошти започнаа чествувањата по повод 121 година од Илинденското востание и 80 години од Првото заседание на АСНОМ
  Манифестациијата НОЌ СПОРТИ ИЛИНДЕН беше збогатена со настап на учениците од ООУ Живко Чинго од Велгошти, членвите на КУД Илинден од Велгошти како и познатата македонска виолинистка Сања Зјделар.








- **Со концерот насловен како Штом љубов немаш-ништо не си од младата македонска оперска пејачка Илина Митреска во пијано придружба на Андреј Наунов, во црквата Света Софија, се одржа Концерт во чест на Свети Климент Охридски летен.**




- Во куќата на Уранија во Охрид, во присуство на претседателката на Република Македонија Гордана Силјановска Давкова, претседателот на МАНУ академик Живко Попов и бројни дипломатски претставници, свечено беше врачена Светската награда на хуманизмот на Никола Петровиќ Његош, Принц на Црна Гора. Неговата екселенција е претседател на Фондацијата Његош, која е во тесна соработка со Обединетите нации и УНЕСКО во реализација на значајни меѓународни проекти од областа на хуманизмот и го организира Интернационалното биенале на уметноста во Кралскиот дворец во Цетиње. Беседа за лауереатот одржа претседателот на Охридската академија на хуманизмот, Јордан Плевнеш.
  Настанот на оваа висококултурна манифестација е со финансиска поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани Охридска академија на хуманизмот.




- **Одржана манифестацијата Вечер на Живко Чинго**
  Во атарот на манастирот Света Петка во Велгошти, се одржа традиционалната културна манифестација „Вечер на Живко Чинго“, посветена на овој значаен литературен деец.
  Во рамки на свечената програма беше доделена наградата за најдобар расказ на авторката за **Дијана Петрова** за расказот **„Јоанес Даубманус“**.

Годинешен беседник за ликот, делото и живото на Живко Чинго беше еминентниот македонски поет, литературен критичар, преведувач и новинар, Бранко Цветкоски.

Манифестацијата беше збогатена со културно уметничката програма, а публиката имаше можност да го проследи настапот на квартетот „Струни“ во кој членуваат талентираните музучари Олгица Шундиќ, Сандра Крстевска, Иван Петровски и Љупка Каевиќ. Свој настап во рамки на свеченоста имаа и членовите на КУД „Филиграни“ од Велгошти.



Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ оваа година на Општина Охрид, на градоначалникот Кирил Пецаков и на претседателот на Советот на Општина Охрид, Перчо Божиновски им додели благодарници „Синергии“, како лична и институционална благодарност за драгоцената поддршка и афирмација на македонистиката.

Во рамки на свеченото отворање на овогодинешната летна школа се обратија претседателката на Република Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова, министарката за образование и наука, Весна Јаневска, министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, министерот за надворешни работи и трговија, Тимчо Муцински, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, проф. д-р Биљана Ангелова и директорката на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, проф. д-р Кристина Николовска.

Годинава, на 57. Летна школа учествуваат 65 странски македонисти, од 17 земји. Во рамки на летната школа на 30-ти август 2024 година ќе започне 51. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ. Оваа година конференцијата ќе одбележи три јубилеи: „150 години од раѓањето на Крсте Мисирков“, „95 години од раѓањето на Гане Тодороски“ и „90 години од раѓањето на Петре М. Андреевски“.



- **КУЛТУРНАТА ДЕЈНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД ПРЕТСТАВЕНА ПРЕД УЧЕСНИЦИТЕ НА СЕМИНАРОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА**

Целокупната дејност, тековните активности и континуираните проекти на Општина Охрид во повеќе области од културата, беа претставени вчеравечер пред учесниците на 57-та Летна школа на Семинарот за Македонски јазик, литература и култура, што се одржува во Охрид.




- **Балкански поетски камп Од огништето на Ванчо Николески**

Кампот од Охрид и родното место на Николески, Црвена Вода се пресели во Мала Преспа- Албанија кадешто живеат етнички Македонци. Учесниците беа гости на своите врсници, ученици во училиштето во Поградец.

Централниот прекуграничен настан е организиран во селото Глобочани, родното место на Стерјо Спасе, познат литературен деец од Албанија.

Во рамки на настанот младите поети посетија спомен обележјето на холандскиот писател А. Ден Долард, а поетските работилници ги водеше поетот проф.д-р Христо Петрески. Манифестацијата е во организација на Здружението „Мацково“, а под покровителство на Светската академија на поезијата при Унеско со седиште во Верона Италија, со финансиска поддршка на Општина Охрид.

Балканскиот поетски камп за млади „Ванчо Николески“ се одржува по шести пат.



- **Второ издание на Охридскиот џез фестивал**

Во монументален амбиент во предворјето на вековитиот храм Св. Софија, започна Охридскиот џез фестивал.
Со прекрасните звици на Драган и Ратко Даутовски го отвораме Џез фестивалот што се одржува втора година.



Втората вечер беше резервирана за Македонската џез уметница Наташа Миха која ја воодушеви публиката со својот исклучителен концертен настап во рамки на втората вечер од овогодинешното издание на „Охрид џез фестивал“.

Придружувана од врвните музичари Дамир Имери и Иван Бејков, Наташа Миха, ја пренесе својата емоција и креативност на сцената, создавајќи незаборавно музичко искуство.



**ОДБЕЛЕЖАНИ 15 ГОДИНИ ОД НЕСРЕЌАТА НА БРОДОТ „ИЛИНДЕН“**

Делегација на Општина Охрид денеска положи свежо цвеќе на спомен обележјето „Солза на Роза“, по повод 15 години од несреќата на бродот „Илинден“ во која загинаа 15 бугарски туристи.

Свежо цвеќе на меморијалниот споменик положија и делегација на Бугарската амбасада во Скопје, претставници на Бугарскиот конзулат во Битола, Капетанијата на пристаништата и граѓански здруженија.



**Општина Охрид, за прв пат го спроведе проектот наменет за намјмладите охриѓанчиња, посетителите и туристите од 6 до 12 години под мотото Културата расте со децата.**

**Овој проект наиде на големо воодушевување кај децата и беше прифатен како нешто кое ја надополни празнината во културни активности за најмладите.**

**Целта на проектот беше создавање навика за посета на театар, концерти, вклучување на најмладите во културниот живот во Охрид..**

**Концептот на проектот беше секој петок да има културна програма наменета за најмладите од сите дејности на култура.**

**Во рамките на проектот кој се одржуваше на отворените сцени во Охрид се одржаа следните настани.**

- БАЛЕТСКА ПРЕТСТАВА „БАРБИ“ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА НАЈМЛАДИТЕ



- ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ЗА ДЕЦА „ЦРВЕНКАПА“

ВО ИЗВЕДБА НА БАЛАДА ПРОДУКЦИЈА СЕ ОДРЖА МЈУЗИКЛОТ ЦРВЕНКАПА.

- Детски хепенинг

На отворениот простор на плоштадот присутните имаа можност да ја погледнат изложбата „Низ детските очи“ од охридската сликарска школа „Пробај уметност”, реализирана од Здружението „Тактус“ од Охрид.

Во рамките на хепенингот свој настап имаа и писателката за деца Весна Константинова и учесниците на детскиот музички фестивал Распеано рибарче и малите ѕвездички со КА 2.

- **ДРАМСКИТЕ ПРЕТСТАВИ „ЌЕРКИТЕ НА ФРОСА“ И „МОДЕРНА ДЕТСКА БАЈКА“ ВО ИЗВЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДЕТСКОТО-ДРАМСКО СТУДИО ЦВЕТ 75 ОД ОХРИД БЕА ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА „ЗА СИТЕ ДЕЦА“**

- Во рамки на циклусот културни настани за деца што ги организира Општина Охрид децата имаа можност да проследат неколку претстави во изведба на во

изведба на актерите од Театар Хит – Скопје, Магдалена Ризова Черних, Сашо Ристовски, Бранко Атанасов и Ема Давчева и Сашко Ристовски како што се Младиот чорбаџија, Цветко и градината, Разгалениот принц, Дизајнерот и Далматинко и Црвенкапа и мн други.

- **Книжевен хепенинг за децасо здавачката куќа Црна Шума, Едука Мак,**




Проектот е предвидено да продолжи наредната година во текот на целата година.

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.09.2024 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **9.665.048,оо денари** од кои :

- **120.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**
- **60.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за одржување на традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица ;**
- **660.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација „Богојавление – Водици“ и одбележеување на 20 Јануари – Свети Јован Крстител, Денот на рибарите
- **120.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Охридски музички еснаф за нивната годишна програма за работа за 2024 година.
- **57.000,оо** денари се испатени по основ претходни побарувања од НУЦК Григор Прличев за закуп на големата и малата сала одржување на свеченатa академија и

другие активности по повод 8 Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид.

- **22.194,оо** денари се исплатени за годинешното издание на Прличевите беседи и тоа за откуп на примероци од книгата Гоце Делчев од Ванчо Николески на брајово писмо.
- **25.142 денари** се исплатени на ОО Летра диза од Договорот за набавка на услуги за печатење, копирање и издавање бр.09-4071/1 од 15.03.2023
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен издавачи договор со авторот на книгата „Охридски писатели за деца“, проф.д-Р Димитар Пандев;
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со авторот на книгата „Охридски писатели за дева “, Славе Ѓорѓо Димоски ;
- **15.000,оо денари се исплатени на МАА за** склучен изведувачки договор со Митре Велјаноски уредник на книгата Охридски пистели за деца“
- **12.000,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки дговор со Јованчо Димоски – технички уредник на корицата за книгата Охридски писатели за деца.
- **50.000,оо** денари се исплатени наДаниела Спироска за превод на книгата Избор од поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски на англиски јазик
- **17.000,оо** денари се исплатени на уредникот на книгата Избор од поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски на англиски јазик.
- **80.000,оо** денари се исплатени на Славе Ѓорѓо Димоски, проф.д-р Димитар Пандев иМитре Велјаноски-автори и уредник на книгата Охридските драмски пистаели – дел од едицијата Охридско книжевно наследство.
- **60.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани „Креативна верига“ за новоснованата поетска манифестација во чест на охридскиот писател и поет Тоде Илиевски.
- **250.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Арт Пријатели за реализација на годинешото издание на Охридскиот етно фестивал.
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението ВИС Билјана по основ настап од минатата 2023 година кој не беше во можност да б иде исплатен поради извршните решенија.
- **50.000,оо** денари дсе исплатени на Здружението на граѓани Културно – уметничко друштво Ѓердан од бисери за дел од годишната програма за работа за 2024 година.
- **150.000,оо** денари се исплатени на Охридскиот фото клуб за поддршка во нивните програмски активности за 2024 година.
- **40.000,оо** денари се исплатени на Скопскиот фестивал и каравнот Добри гости – серија од книжевни остварувања по повод годинешните Прличеви беседи.
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Ретко е да си редок за снимањето на видеозаписот за песната „We are the world“ по повод 28 Февруари – Меѓународниот ден на лицата со ретки болести.
- **60.000,оо** денари се исплатени на Факултетот за туризам и угостителство за година, а истите се наменети за институционална соработка за организација на саеми, научни, конференции, трибини за развој, промоција и афирмација на културата во функција на развој на туризмот.
- **40.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев и НУ Библиотека Григор Прличев за одржување на годинешното издание на манифестацијата Прличеви беседи.
- **100.000,оо** денари се исплатени на проф.д-р Павле Митрески и м-р Димитар Смилески з-автрори на книгата Охридски Летопис по повод 80 годишнината од ослободувањето на Охрид.

- **25.000,оо** денари се испплатени на Здружението на граѓани Велгошка гордост за поддршка во организација и реализација на Традиционалната манифестација по повод празникот Велики поклади – прочка.
- **300.000, оо** денари се исплатени на здружението на граѓани Охридска акдемија на хуманизмот за програмските активности за 2024 година.
- **120.000,оо** денари се исплатени на охридскиот градски мешан хор Вокс Лихнидос за поддршка нивните програмски активности за 2024 година.
- **150.000,оо** денари се исплатени на Здружението на еѓипќани Пирамида Зем, за нивните програмски активности за 2024 година.
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здруженито за латино танци и балет Наталис студио.
- **200.000, денари** се исплатени на НУЦК Григор Прличев за поддршка на програмските активности на Охридскиот народен театар,
- **30.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за поддршка на годинешното оиздание на Балкански фетивал на народни песни и ора
- **50.000,оо денари** се исплатени на ОО Црвен Крст Охрид за поддршка на годинешното издание на младинскиот аматерски театар Вдиши театар
- **150.000,оо** денари се исплатени на ОО на сојуз на борци од Охрид и Дебарца за програмските активности на Општинскиот огранок на Сојузот на борците од Охрид и Дебарца за 2024 година
- Трето издание на Фестивалот на виното и музиката :
  27.06.2024
  -Жарко Јакимовски, ( Бек доор бенд), бруто износ 86.326,оо денари,
  -Миле Кузмановски, бруто износ 206.844, оо денари,
  - Марија Трајчевска (Куку Леле), бруто износ 78.477,оо денари,
  28.06.2024 година
  - Никола Јосифоски,(урбан Планет), бруто износ, 41.369,оо денари,
  - Дарко Манасиевски,група некст тајм, бруто износ 379.212, оо денари,
  - Горан Мицевски (Брас брадарс), бруто износ 48.263,оо денари
  29.06.2024 година
  -Влатко Лозаноски, бруто износ 344.738, оо денари
  - Митко Георгиевски (група Балканика), бруто износ 96.527,оо денари
  - Антонио Илиевски ( група Ареа), бруто износ, 344.738,оо денари

- **50.000,оо** денари се исплатени на МПЦ за закуп на просторот во црквата Света Софија по повод Концертот Ако љубов немам ништо не сум во чест на Свети Климент Охридски –летен
- **76.772,оо** денари се исплатени на македонските стенд ап актери Маријан Ѓорѓиевски и Бојан Велески за настап пред хотел Палас
- 50.000,оо денари се исплатени на академскиот уметник Горан Ристовски за изработка на муралот за Григор Прличев –дел од Програмата за култура

**33.404.,оо** денари се исплатени на Сара Петкоска, Перчо Божиновски, Александар Ковачески, Михаил Патчев, Константина Крежеска, за подготовска и изведба на претставата Деца на револуцијата во чест на годишнината од смртта на Кирил Прличев

- **224.604,оо** денари се исплатени на ВИ –Комерц – реализирани средства од Договорот за услуги и поддршка за реализација на планираните програмски содржини за озвучуваее и осветлување.

- **124 484, оо** денари се исплатени на Летра Дизајн по Договор бр.09-4559/1 од 11.04.2024
- **45,738,оо денари се** исплатени по Јавен повик за избор на лого по повод 80 годишнината од ослободувањето на Охрид – Мартин Бибовски, Христина Лзеска и Марија Михајлоска-добитници на трите награди,
- **100.000,оо денари** се исплатени на Институтот за култура 365 за реализација на Програмата за работа за 2024 година
- **80.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани Арт Вивенди за реализација на концертот Чалгиски звуци во чест на Климе Садило,
- **100.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Арт Пријатели за организација на годишната ревија на народни носии-Програмска активност во делот на друга сценска дејност. Настанот се реализира во рамките на годинешното издание на охридскиот етно фестивал.
- **150.000,оо** денари се испалтени на ЗГ НАТАГ Аматер за проектот Културолошка иницијатива 5 до 12 за реализација на предвидените проектни активности
- **100.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Мацково за годинешното издание на Балканскиот камп Од огништето на Ванчо Николески
- **80.000,оо денари** се исплатени на ВИС Билјана и тоа 30.000,оо денари за Концертот во чест на Андеј Лаброски и 50.000,оо денари се исплатени за традиционалниот концерт на ВИС Билјана по повод Денот на независноста.
- **60.000,оо** денари се исплатени на Балада Продукција за учество во Програмата на општина Охрид наменета за децата,
- **30.000,оо** денари се исплатени на Зг Ветрани и резервисти од обласста на одбраната и безбедноста за поддршка на нивните програмски активности
- **130.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Поетска ноќ во Велестово за одржување на годинешното издание на Традиционалната манифестација Поетска ноќ во Велестово.
- **150.000,оо** денари се исплатени за авторски договори со авторите Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски, уредникот Митре Велјаноски и уредникот накорисцата Јованчо Димоски за издавање на книгата оЗа македонистиката отворено од Свето Стаменов и Димитар Пандев
- **60.000,оо** денари се исплатени на детскиот-музички фестивал Распеано Рибарче за негово успешно одржување во 2024 година
- **90.000,оо** денари се исплатени на отец Димче Азески за поддршка во печатење и издавање на книгата за животот и делото на Свети Наум охридски
- **60.000,оо** денари се исплатени на академскиот сликар Сашо Блажески за поддршка на неговите проекти Точка на ИЛУЗИЈА
- 50.000,оо денари се исплатени на академскиот слиакр Славко Упевче за поддршка на неговата изложба 55 години ликовна хроника на Охрид
- 35.000,оо денари се исплатени на охридската авторкс МАРИНА Шокева за поддршка во печатење и издавање на книгата Модра Мрежа
- 30.000,оо денари се исплатени на охридскиот автор Мирко Томовски за поддршка во печатење и издавање на книгата На каменот
- 30.000,оо денари се исплатени на охридската авторка Благуна Стевоска за поддршка во пелатење и издавање на книгата
- 35.000,оо денари се испалтени на охридскиот автор Митко Колљушевски за поддршка во печатење на неговата антолологиска книга Мајко, мајко мајчице
- **40.000,**оо денари се исплатени на Илина Митреска за настап во чест на Свети Климент Охридски летен во Света Софија во организација на Општина Охрид

- **50.000,оо** денари се исплатени на Зг Охридки поетски бисер за одрќување на мнифестацијата Први детски прличеви беседи ,
- **50.000,оо** денари се исплатени на ФА Отекс фолк за учество на Меѓународниот фестивал во Јапонија
- **30.000, оо** денари се исплатени на зг Воведени Завој за поддршка на црковно – верската манифестација во чест на голема богородица
- **60.000,оо** денари се исплатени на ЗГ За Трпејца со љубов за годинешното издание на манифестацијата На зајдисонце во Трпејца
- **80.000,оо ден,** се исплатени на ТЦ Соната за одржување на првото издание на првиот Меѓународен танцов фестивал Охрид танцуваТ,
- **70.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Охридски хор за Меѓународниот хорски фестивал,
- **30.000,оо** денари се исплатени на ЗГ спасовден за поддршка на традиционалната манифестација во чест на празникот Голема Богородица во Скребатно
- **80.000,оо** денари се исплатени на ЗГ За Трпејца со љубов за поддршка на годинешното издание на Интернационалната изложба во Трпејца,
- **60.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Арте азура за поддршка во годинешното издание на манифестацијата Културно лето –Пештани.
- **150.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Театар хит комедија за реализација на театарскиот Фестивал за сите деца.
- 60.000,оо денари се исплатени на културно –уметничките друштва за реализација на Велгигденскиот концерт на градскиот плоштад
- 50.000,оо денари се исплатени а здружението на пензионери од Охрид и дебрца за нивните програмски активности во делот на културата
- 50.000,оо денари се и сплатени на КУД Пирамида за поддршка на програмските активности на културно –уметничкото друштво за 2024 година
- 30.000,оо денари се исплатени на Детското –драмско студио Цвет 75 за поддршка на нивните програмски активности за 2024 година
- 50.000,оо денари се испатени ана ЗГ охридски бисери за традиоционалниот натпревар на млади музичари за 2024 година
- 50.000,оо денари се исплатени на Пик продукција за организација на годинешното зидание на Охридскиот beach film festival
- 50.000,оо денари се исплатени на оoу Ванчо Николски за поддршка на нивната драмска секција
- 111.111,оо денари се испалтени на охридскиот музичар Владимир Василески – Четкар за поддршка во неговиот годишен концерт во Охрид
- 120.000,оо денари се исплатени на Рубенс Наумовски за честување на настанот 100 години од раѓањето на Вангел Наумоски
- 50.000,оо денари се исплатени на Нина Ангелоска за нејзината изложба под наслов Охрид од високо
- 30.000,оо денари се исплатени на Викторија Митеска за организација на концертот во чест на светите бража Китил и Методиј во света Софија
- 11.000,оо денари се испалтени на Мартин Милески за настап на неговиот бенд во чест на 21 јуни Денот на охридското езеро
- 24.000,оо денари се испалтени на охридскиот автор Милован Секулоски за поддршка во печатење и издавање книга
- 60.000,оо денари се исплатени на УКИМ за 58-та Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

- 400.000,оо денари се испалтени на НУ Охридско лето за поддршка на годинешното издание на Фестивалот Охридско лето
- **10.115,оо** денари се исплатени на македонската виолинистка Сања Здјелар, по повод учество на манифестацијата „Ноќ спроти Илинден“
- **33.454,оо** денари се исплатени на Дијана Петрова-добитник на наградата ЖИВКО ЧИНГО за 2024 година
- **33.275,оо** денари се исплатени на Стручната жири-комисија за избор на најдобар расказ по повод манифестацијата Вечер на Живко Чинго(Славе Ѓорѓо Димоски, Димитар Пандев и Иван Џепароски).
- 7300,оо денари се исплатени на Бранко Цветкоски –беседник на манифестацијата Вечер на Живко Чинго.
- **41.676,оо** денари се исплатени на Олгица Шундиќ- фронтмен на групата Струни за нивни настап на традиционалната културна манифестација Вечер на Живко Чинго.
- **251.000**,оо денари се исплатени на Ратко Даутовски И Наташа Миха за настап на охридскиот џез фестивал 2024 година
- *Процентот на реализација на програмата за култура К4 за период од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година е 84.% (проценти).*

**Број 08-14468/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2024 година (Н1) за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/123** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2024 година (Н1) за периодот од 01.07. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/27**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (Н1) 01.07.2024 - 30.09.2024

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на основното образование за 2024 година - Н1 Програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на основното образование во 2024 година се насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Финансирањето на активностите во областа на основното образование планирани за 2024 година, е преку Буџетот на МОН, Буџетот на општина Охрид, од блок дотација, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Реализирани активности (01.07 - 30.09.2024)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој | Ангажирани се наставници во продолжен престој и наставата се одвива тековно и без проблеми | 3.800.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 687.121,00 ден општински средства **(Втор квартал)** 929.084,00 ден.општински средства (**Трет квартал)** 148.738,00 ден. општински средства |
| Безбедни училишта | Активноста се одвива континуирано во текот на учебната година, согласно потребите | Логистика | 0 |
| Доделување стипендии на ученици | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 204 ученици. | 3.600.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 1.600.000,00 ден.општински средства **(Трет квартал)** 2.000.000,00 ден. општински средства |
| Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | Тековно,според потребите | 200.000,00 Буџет на општина Охрид и основни училишта | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 99.750,00 ден. општински средства 15.500,00 ден. сопствени средства **(Трет квартал)** **0** |
| Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревари и избор на првенец на генерацијата | Активноста ќе се спроведува во текот на месец мај и јуни | 2.300.000,00 Буџет на општина Охрид Блок дотации | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 382.571,00ден. општински средства **(Трет квартал)** 1.400.000,00ден. општински средства |
| Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни празници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 8.000,00 Сопствени средства | 0 |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведува континуирано | 352.000.000,00 Блок дотација | **(Прв квартал)** 86.995.307,00 ден. блок дотации; **(Втор квартал)** 87.136.063,00 ден. блок дотација **(Трет квартал)** 87.002.563,00 ден. блок дотација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Режиски трошоци | Активноста се спроведува континуирано | 20.400.557,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствени средства | **(Прв квартал)** 1.418.928,00 ден. блок дотација; 6.332.440,00 ден. општински средства; 9.417,00 ден. сопствени средства **(Втор квартал)** 3.885.032,00 ден.општински средства; 2.565.856,00 ден. блок дотација ; 18.397,00 ден. сопствени средства **(Трет квартал)** 1.301.312,00 ден. блок дотација, 283.228,00 ден. општински средства 2.679,00 ден. сопствени средства |
| Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од училиштето | Активноста се спроведува континуирано(законска обврска) | 3.000.000,00 Општина Охрид | **(Прв квартал)** 72.606,00 ден. блок дотација; 1.080.030,00 ден општински средства **(Втор квартал)** 1.609.295,00ден општински средства 114.120,00 ден. блок дотација **(Трет квартал)** 515.221,00 ден. општински средства 57.900,00 ден. блок дотација |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано | 2.145.000,00 Општина Охрид, блок дотација | **(Прв квартал)** 38.359,00 ден. блок дотација ; 154.404,00 ден општински средства **(Втор квартал)** 559.972,00ден. општински средства (**Трет семестар**) 1.061.542,00 ден. општински средства 53.615,00 ден. блок дотација |
| Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (по Меморандум за соработка | Активноста се сроведува во текот на учебната година | 350.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 93,650,00 ден. општински средства **(Втор квартал)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| меѓу СОНК и Општина Охрид) | | | 117.800,00ден. општински средства |
| Канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 2.645.000,00 Блок дотација и сопстен буџет основни училишта | **(Прв квартал)** 278.654,00 ден блок дотација; 113.805,00 ден. сопствени средства **(Втор квартал)** 414.555,00 ден. блок дотација 99.156,00ден. сопствени средства **(Трет квартал)** 252,584,00ден. блок дотација 126.602,00 ден. сопствени средства |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.553.000,00 Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)** 56.060,00 ден блок дотација; 55.350,00 ден. општински средства; 148.813,00 ден. сопствени средства **(Втор квартал)** 32.957,00 ден. блок дотација; 88.148,00ден. општински средства; 3.660,00 ден. сопствени средства **(Трет квартал)** 98.180,00 ден. општински средства 7.200,00 ден. блок дотација 153.638,00 ден. сопствени средства |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 290.000,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)** 4.000,00 ден. блок дотација **(Втор квартал)** 78.091,00 ден. општински средства **(Трет квартал)** 81.302,00 ден. општински средства |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 370.000,00 Општина Охрид, основни училишта | **(Прв квартал)** 1.400,00 ден блок дотација 246.550,00 ден општински средства **(Втор квартал)** 126.700,00 ден. општински средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 16.000,00 ден. блок дотација<br>(**Трет квартал**)<br>51.100,00 ден. општински средства |
| Дезинфекција,дезинсекција, дератизација | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 150.000,00 блок дотација | **(Прв квартал)**<br>0<br>**(Втор квартал)**<br>31.620,00ден. општински средства<br>**(Трет квартал)**<br>14.960,00 ден општински средства<br>29.738,00ден. блок дотација |
| Изработка на урбанистички план | Урбанистичкиот план треба да овозможи изградба на ново училиште Григор Прличев и надградба на централната детска градинка. Моментално одобрена е планската програма, изработен е нацрт планот и се работи на корекција на забелешките по однос на истиот | 250.000,00 Општина Охрид | 0 |
| Објавување огласи и др оперативни расходи (семинари,обуки) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.074.000,00 блок дотација, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>250.897,00 ден. блок дотација;<br>26.885,00 ден. сопствени средства<br>**(Втор квартал)**<br>141.301,00 ден. блок дотација;<br>73.699,00 ден. сопствени средства<br>**(Трет квартал)**<br>29.330,00 ден. блок дотација<br>6.403,00 ден. сопствени средства |
| Вонучилишни образовни и др.дополнителни услуги | Активности по оваа ставка се одвиваат согласно потребите | 4.489.897,00 сопствен буџет основни училишта, донации (проекти) | **(Прв квартал)**<br>1.288.202,00 ден.донации(Еразмус+)<br>51.796,00 ден. сопствени средства<br>11.030,00 ден блок дотација;<br>**(Втор квартал)**<br>8.940,00 ден. блок дотација<br>626.841,00ден. донации(Еразмус+)<br>57.947,00ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | сопствени средства<br>**(Трет квартал)**<br>29.330,00 ден.<br>блок дотација<br>309.062,00ден.<br>донации Еразмус +<br>38.981,00 ден.<br>сопствени средства |
| Наставен план и програма | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 75.000,00<br>сопствен буџет основни училишта | 0 |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 262.000,00<br>сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>28.605,00 ден.<br>блок дотација:<br>76.873,00 ден,<br>сопствени средства<br>**(Втор квартал)**<br>7.458,00 ден.<br>блок дотација;<br>15.000,00 ден.<br>сопствени средства<br>**(Трет квартал)**<br>20.001,00 ден.<br>сопствени средства |
| Копирање и печатење | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 140.500,00<br>ден.блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 0<br>**(Трет квартал)**<br>16.912,00 ден. сопствени средства |
| Патни расходи(дневници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 122.000,00ден<br>сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>0<br>**(Втор квартал)**<br>12.680,00 ден. сопствени средства<br>**(Трет квартал)**<br>0 |
| Проект: „Нашите првачиња„ | Преку оваа активност секое запишано прваче во основните училишта на територија на општина Охрид ќе добие на сметка на својот родител/старател по 3000 денари еднократен надомест со цел да се помогне на родителите за трошоците.<br>Активноста се реализира во текот на месец септември | 1.560.000,00<br>Општина Охрид | **(Прв квартал)**<br>0<br>**(Втор квартал)**<br>0<br>**(Трет квартал)**<br>1.513.000,00 ден<br>општински средства |
| Мониторонг и патролно обезбедување на дел од основните училишта на територијата на општина | Завршена е постапката за јавна набавка , избран е економски оператор кој ќе ја врши | 673.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште во 2024 година за период од 01.01. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/63** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 година**

Во временскиот период на кој се однесува предметниот извештај, стручните служби на општина презедоа обврски и активности за реализација на зацртаните проекти во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2024 година.

Покрај подготвителните работи, изработката на технички спецификации, проекти, предмер пресметки како основ за успешно спроведување на зацртаните проекти, во овој период од 01.01 до 30.09 спроведени се и низа активности во насока на подобрување на комуналната и патната инфраструктура во градот.

Имено,

Врз основа на спроведените ставки за јани набавки и склучените договори, во извештајниот период спроведени се следните активности:

1. Извршено е санирање и крпење на дел од ударните дупки во градот;
2. Извршено е поплочување на предвидените тротоари како и санација на одредени оштетувања на истите;
3. Спроведени се активности за санација на оштетување на други јавни површини(плоштад мини маркет, рекреативна патека Канал-парк, рекреативна патека канал, Бул.Македонски Просветители, Бул.Туристичка);
4. Продолжени се активностите за изградба на канализационен систем во г.Лакочереј;
5. Спроведени се завршни активности за ул.7-ми Ноември;
6. Проширување на водоводните линии во градот и руралните средини;
7. Доизградба на канализациони системи(с.Лескоец, Велгошти, Рача и други градски улици);
8. Заменета е водоводна линија на улиците Анастасија Узунова и Дејан Војвода;
9. Извршени се асфалтирања на пристапни улици во с.Куратица, Вапила, Ливоишта, Косел, Лескоец, Велгошти, Рача)
10. Извршена е рехабилитација на 8(осум) градски краци на улици ;
11. Во соработка со јавните претпријатија спроведени се активности за подобрување и реконструкција на водоводните линии и канализационите мрежи.

Во овој период, согласно надлежностите на јавните претпријатија изготвени се планови за делување во буџетската 2024 година. Дел од тие планови согласно расположливите средства се реализирани или се во тек на реализација.

Заложбата за подобрување на водоснабдувањето како и подобрувањето на канализациски и атмосферски одводи и поплочување на пристапни патеки и површини, со ненамален интензитет се одвива и во овој извештаен период.

Сериозен проблем при реализација на програмите, очигледно претставува неспремноста на економските оператори од аспект на обезбедување на човечки ресурси за навремено и квалитетно завршување на обврските. Недостигот на стручна работна сила како тренд на државата, несомнено делува на програмските активности на општината.

Финансиските показатели прикажани во овој извештај соодејствуваат со динамичкиот план на реализација на активностите и компаративно се на задоволителен степен во однос на претходните години.

Финансиските податоци за потрошени и реализирани средства по намена и локалитети дадени се во следната табела:

**1. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2024 година**

**А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА , ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 9.000.000,оо | 1.652.000,оо | 2.230.000,оо | 2.950.000,оо | | 6.832.000,оо |
| 2 | Обврски за плаќање по спогодби и договори по основ на експропријација извршена во претходни години | 3.800.000,оо | 958.000,оо | 1.250.000,оо | 650.000,оо | | 2.858.000,оо |
| ВКУПНО | | **12.800.000,оо** | **2.610.000,оо** | **3.480.000,оо** | **3.600.000,оо** | | **9.690.000,оо** |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | | | | | | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 1.300.000,оо | | 1.292.454,оо | | | 1.292.454,оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 350.000,оо | | 326.000,оо | | | 326.000,оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 600.000,оо | | 441.567,оо | 99.380,оо | | 540.947,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 200.000,оо | | | 5.000,оо | | 5.000,оо |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 150.000,оо | | | | | |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 200.000,оо | | | | | |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 300.000,оо | 52.400,оо | 73.200.оо | 42.300,оо | | 167.900,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 250.000,оо | 33.040,оо | | | | 33.040,оо |
| ВКУПНО : | | **3.350.000,оо** | **85.440,оо** | **2.133.221,оо** | **146.680,оо** | | **2.365.341,оо** |

**В. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

**В.1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на ул. „ 7 – Ми Ноември “( од Егејска до кружна раскрсница – активности 2024 година) | 21.470.000,оо | 9.449.934,оо | 2.247.327,оо | 9.772.739,оо | | 21.470.000,оо |
| 2. | Реконструкција на кружна раскрсница Здружение на возачи | 5.500.000,оо | | | | | |
| 3. | Исплата на средства за градежни активности на ул.„ 7 – ми Ноември “ завршени заклучно со 31.12.2023 година | 5.920.000,оо | | 5.920.000,оо | | | 5.920.000,оо |
| 4. | Реконструкција на раскрсница ул. „ 7 ми – Ноември“ со ул. „Егејска“ до влез поранешно Братство | 600.000,оо | | 580.000,оо | | | 580.000,оо |
| 5. | Изградба на ул. „Гоце Делчев“ од ул. „Распаќе “до пресек со ул.„ Ариф Мустафа “ на износ 37.000.000,оо * | | | | | | |
| 6 | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев – бараки | 1.000.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 500.000,оо | | 500.000,оо | | | 500.000,оо |
| 8. | Асфалтирање на краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 1.500.000,оо | | | | | |
| 9. | Реконструкција на улица „ Анастасија Узунова“ | 1.500.000,оо | 732.000,оо | 768.000,оо | | | 1.500.000,оо |
| 10. | Реконструкција на краци на ул. „ Абас Емин “ | 1.000.000,оо | 425.000,оо | 575.000,оо | | | 1.000.000,оо |
| 11. | Асфалтирање на краци на ул. „130 “ | 1.000.000,оо | | 1.000.000,оо | | | 1.000.000,оо |
| 12. | Асфалтирање на дел од ул. „ Македонски Просветители“ и крак од ул. „ Дејан Војвода“ | 3.000.000,оо | | | | | |
| ВКУПНО | | **42.990.000,оо** | **10.606.934,оо** | **11.590.327,оо** | **9.772.739,оо** | | **31.970.000,оо** |

***Во точка 5 степенот на исплата и реализацијата на посочениот инфраструктурен објект се во надлежност на ТАВ и Владата на РСМ.**
***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се изземени од овој извештај.А реализацијата на тие објекти е распределена на соодветни позиции во извештајот.**

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Димитар Влахов“ со | 3.500.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | хортикултурно уредување | | | 3.469.198,оо | | | 3.469.198,оо |
| 2. | Преуредување на камени плочки на улици „ Цар Самоил “ , „ Илинденска“ и ул. „ Кочо Рацин“ | 1.500.000,оо | 225.594,оо | 520.539,оо | 618.000,оо | | 1.364.133,оо |
| 3. | Реконструкција на постојни тротоари на дел од улица „Македонски Просветители“и крак „Дејан Војвода“ ( простор пред пожарна и полиција ) | 1.500.000,оо | | | | | |
| 4. | Преуредување на постојни тротоари и пешачки патеки на подрачје на град Охрид | 1.500.000,оо | 410.000,оо | 744.133,оо | 220.000,оо | | 1.374.133,оо |
| ВКУПНО | | **8.000.000,оо** | **635.594,оо** | **4.733.870,оо** | **838.000,оо** | | **6.207.464,оо** |

***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се иземени од овој извештај.**
**А реализацијата на тие објекти е распределна на соодветни позиции во извештајот.**

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 2.000.000,оо | 572.000,оо | | | | 572.000,оо |
| 2. | Одржување и санација на пешачки патеки,јавни површини и платоа | 1.500.000,оо | 364.000,оо | 895.000,оо | 95.000,оо | | 1.354.000,оо |
| ВКУПНО | | **3.500.000,оо** | **936.000,оо** | **895.000,оо** | 95.000,оо | | **1.926.000,оо** |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 3.000.000,оо | 2.184.890,оо | 815.110,оо | | | 3.000.000,оо |
| 2. | Реконструкција на водоводна линија на ул. „Дејан Војвода “ | 2.500.000,оо | | 345.610,оо | | | 345.610,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Исплата на извршени активност за реконструкција на водоводна линија од средна потисна зона | 5.000.000,оо | | 1.980.000,оо | 1.614.890,оо | | 3.594.890,оо |
| ВКУПНО: | | **10.500.000,оо** | **2.184.890,оо** | **3.140.720,оо** | 1.614.890,оо | | **6.940.500,оо** |

***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се изземени од овој извештај.**
**А реализацијата на тие објекти е распределена на соодветни позиции во извештајот.**

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 5.300.000,оо | 1.630.395,оо | 2.730.000,оо | 480.000,оо | | 4.840.395,оо |
| 2. | Исплата на средства за изведени работи за изградба на на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ 7 ми Ноември “ – заклучно со 31.12.2023 година | 8.100.000,оо | 5.500.000,оо | 2.500.000,оо | | | 8.000.000,оо |
| 3. | Изградба на атмосферска | 500.000,оо | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | канализациона мрежа на ул. „ Петрино “ | | | | | | |
| 4. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Васил Главинов “ | 1.000.000,оо | | | | | |
| 5. | Нивелирање и санација на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 1.000.000,оо | 208.000,оо | 285.000,оо | 303.000,оо | | 796.000,оо |
| 6. | Изградба на атмосферска канализација на ул. “ Гоце Делчев“ | 6.500.000,оо | 1.185.000,оо | 4.094.016,оо | 1.220.984,оо | | 6.500.000,оо |
| ВКУПНО: | | **22.400.000,оо** | **8.523.395,оо** | **9.609.016,оо** | **2.003.984,оо** | | **20.136.395,оо** |

***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се изземени од овој извештај.+ А реализацијата на тие објекти е распределена на соодветни позиции во извештајот.**

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**
**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба, одржување и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 3.500.000,оо | 1.563.000,оо | 1.930.000,оо | | | 3.493.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 1.500.000,оо | 623.000,оо | 870.000,оо | | | 1.493.000,оо |
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 1.200.000,оо | 765.000,оо | 425.000,оо | | | 1.190.000,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | 1.000.000,оо | 464.000,оо | 520.000,оо | | | 984.000,оо |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани | 1.000.000,оо | | | | | |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 1.500.000,оо | 1.500.000,оо | | | | 1.500.000,оо |
| ВКУПНО | | **9.700.000,оо** | **4.915.000,оо** | **3.745.000,оо** | | | **8.660.000,оо** |

***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се иземени од овој извештај. А реализацијата на тие објекти е распределена на соодветни позиции во извештајот.**

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2024 31.03.2024** | **Извршено 01.04.2024 30.06.2024** | **Извршено 01.07.2024 30.09.2024** | **Извршено 01.10.2024 31.12.2024** | **Вкупно 01.01.2024 30.06.2024** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини (с. Куратица ; с. Велгошти; с.Лескоец; .Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с.Пештани; с Рача ,с.Елшани) | 2.500.00,оо | 430.000,оо | 926.000,оо | 585.000,оо | | 1.941.000,оо |
| ВКУПНО | | **2.500.000,оо** | **430.000,оо** | 926.000,оо | 585.000,оо | | **1.941.000,оо** |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства | Извршено 01.01.2024 31.03.2024 | Извршено 01.04.2024 30.06.2024 | Извршено 01.07.2024 30.09.2024 | Извршено 01.10.2024 31.12.2024 | Вкупно 01.01.2024 30.06.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 250.000,оо | | | | | |
| 2. | Набавка со монтажа на пумпа за вода во с. Шипокно | 440.000,оо | | | 377.357,оо | | 377.357,оо |
| 3. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 1.000.000,оо | 275.000,оо | 423.000,оо | 181.000,оо | | 879.000,оо |
| 4. | Изградба на отворени канали со пропусти | 2.000.000,оо | | | | | |
| 5. | Изградба на фекална канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 21.450.000,оо | 9.583.228,оо | | | | 9.583.228,оо |
| 6. | Доизградба на дел од фекална канализациона мрежа во рурални средини | 3.000.000,оо | 751.800,оо | 921.000,оо | 510.000,оо | | 2.182.800,оо |
| ВКУПНО: | | **28.140.000,оо** | **10.610.028,оо** | **1.344.000,оо** | **1.068.357,оо** | | **13.022.385,оо** |

***Одредени позиции од табеларниот приказ на шестомесечниот извештај поради измените и дополнувања на Буџетот извршени на седницата на Советот во седми месец се иземени од овој извештај.А реализацијата на тие објекти е распределена на соодветни позиции во извештајот**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно за А, Б, В (В.1;В.2;В.3;В.4;В5), Г ( Г1;Г2;Г3;) од Буџетот на Општина Охрид за 2024 година | **143.880.000,оо** | 41.537.281,оо | 41.597.154,оо | 19.724.650,оо | | 102.859.085,оо |

**Г.4. ПРОЕКТИ СО ЗАЕДНИЧКО ФИНАНСИРАЊЕ ( БУЏЕТСКИ И СРЕДСТВА ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ)**

| Ред.бр | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Канализациони линии ( Горно и Долно Лакочереј) | 8.000.000,оо |
| 2. | Патна инфраструктура –неисплатени средства за ул.Марко Цепенков | 6.000.000,оо |
| 3. | Изработка на проектна документација – Свинишки извори и припремни работи | 3.000.000,оо |
| 4. | Реконструкција на водоводна линија од средна потисна зона | 5.000.000,оо |
| 5. | Рехабилитација на улица „ Гоце Делчев “ 37.000.000,оо | |
| ВКУПНО: | | **22.000.000,оо** |

**Број 08-14468/64**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДКЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/142**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.09.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на буџетот на Општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/65**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2024 до 30.09.2024 година**
**Буџет на Општина Охрид**

Изготвувањето на буџетот како една од најважните активности во локалната самоуправа се со цел пореално согледување и опфаќање на потребите и барањата на

граѓаните опфаќа низа активности, правила, подготовки, законски акти и подакти. Буџетскиот процес е еден од најважните не само за администрацијата и општината како институција туку и за сите граѓани на таа општина поради единствениот факт што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните, а од правилноста на тој процес ќе зависи квалитетот во задоволувањето на потребите и барањата на граѓаните на една локална самоуправа, унапредување или назадување во решавањето на нивните проблеми.

Со воспоставување на буџетскиот процес се дефинираат и изготвуваат низа акти и одлуки кои го детерминираат буџетскиот план и врз база на кои подоцна се врши распределување и дистрибуција на буџетските средства. Реално утврдување на приходите и расходите на општината е клучен сегмент за остварувањето на целите на ЕЛС од аспект на задоволување на севкупните потреби на граѓаните, успешно функционирање на општинската администрација и правилно планирање на програмите и активностите.

Ингеренциите кои ги доби локалната самоуправа со процесот на децентрализација дополнително ја потенцира ваквата потреба и важноста на овие процеси кои би овозможиле локалната самоуправа со еден квалитетен буџетски процес на адекватен начин да одговори во решавањето на инфраструктурните проблеми на граѓаните како и целокупно менаџирање на обврските во оние области во кои има надлежност локалната самоуправа.

Поради сето претходно изнесено, квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за навремено извршување на зацртаните програми и активности. Процесот на буџетирање на локалната самоуправа како сложен процес е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Овој процес како таков започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Програмското планирање е основа на процесот на буџетирање во локалната самоуправа, односно овој процес опфаќа буџетирање врз база на одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Програмите кои се однесуваат на капитално инвестирање уште се нарекуваат и развојни програми и тие се донесуваат на подолг временски период, односно неколку буџетски години, што од своја страна бара координираност во сите инстанци во локалната самоуправа. Ваквите активности треба да овозможат навремена реализација на проектите по години, да дадат детална финансиска конструкција за изведување на тие проекти, како и да ја отсликаат реалноста и потребата односно оправданоста од секој проект поодделно. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели.

Квалитетот на извршување на обврските на ЕЛС, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Сето погоре кажано неопходно бара изготвување на транспарентен буџет со кој ќе бидат опфатени неопходните барања на граѓаните притоа не запоставувајќи ја развојната компонента на општината од една страна, а од друга страна, изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на средствата е неопходен услов за реализација на сите активности утврдени со законската

регулатива, а кои се во надлежност на општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. За правилна проценка на приходите и расходите, потребно е реално согледување и утврдување на севкупните мерливи параметри значајни за изготвување на буџетот. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи, потребно е да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите, притоа во голема мерка да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните, од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината, од друга страна. Процесот на буџетирање како една од најзначајните активности во локалната самоуправа неминовно бара вклученост на сите граѓани, здруженија и администрација со целосен сериозен пристап кон изготвување на буџетот, како годишен развоен документ на општината.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се до негова конечна реализација до крајот на буџетската година.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво, ДДВ, блок дотациите и наменските дотации ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на инфраструктурните проблеми, се земаат во предвид предлозите и барањата на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината, имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите ги дефинираат приходите кои ги остваруваат општините и ги опфаќаат следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состои буџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии. Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;

- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Песебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми. Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии.

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок- дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 28.12.2023 година со Одлука бр. 08- 18774/47 го утврди буџетот на Општината за 2024 година на вкупен износ од 1.656.675.214,оо денари. Со Одлука за проширување на средства во буџетот бр.08-2953/95 од 14.03.2024 се изврши зголемување на нивото на буџетот за дополнителни 8.848.776,оо ден. средства обезбедени од донации- Еразмус + во делот на основното и средното образование.

Со Одлука за измена на распоредот на средства во буџетот- Одлука за пренамена бр.08- 5743/70 од 23.05.2024 год.се изврши реалокација на средства во неколку програми, од едно конто на друго, при што нивото на буџетот останува непроменето.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот на Општина Охрид бр.08-8747/32 од 05.07.2024 год. извршено е зголемување на основниот буџет со цел усогласување во делот на пренесениот вишок и зголемен дел во делот ДДВ, одредено зголемување имаме и во делот на донаци, со што вкупното ниво на буџетот се зголемува за 23.605.000,оо ден. и се утврдува на вкупен износ од 1.689.128.990,оо ден

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од буџетот во висина од 1.000.860.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 1.000.860.000,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ---------------------------------------- 495.415.000,оо
- Неданочни приходи ------------------------------------ 32.461.367,оо
- Капитални приходи------------------------------------- 22.500.000,оо
- Трансфери и донации ---------------------------------- 450.483.633,оо

Трансферите од државниот буџет по основ блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 614.058.000,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 30.729.765,оо денари.

Приходите по основ донации за проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни домашни и меѓународни институции, во буџетската 2024 година се планирани на износ од

43.481.225,оо денари. За реализацијата на овие проекти подетални информации може да се добијат од соодветните одделенија односно сектори.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметковотството, како и согласно методологијата на пресметка на остварувањето на приходите која ја практикува МФ општина Охрид заклучно со третиот квартал остварила вкупен приход од 1.216.170.949,оо денари или процентуално изразено 72,00 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи. Доколку се анализира остварениот приход од изворните приходи- основниот буџет кој е во директна зависност од способноста и ангажираноста на стручните служби во постапката на прибирање на овие приходи, износот од 713.898.798,оо денари покажува остварување од 71,33 %, од што може да се констатира дека остварувањето на проектираните приходи се одвива на задоволително ниво и согласно очекувањата. Доколку во пресметките на остварувањето на приходите ги исклучиме износите на пренесениот вишок од претходната година, (планирани средства во буџет износ од 300.569.075,оо ден.) средства кои како непотрошен дел на крајот на буџетската година се планираат во новиот буџет, тогаш остварувањето *на основниот буџет* за анализираниот период изнесува 83,78 %, додека остварувањето *на вкупниот буџет* би било 76,20 %. Како резултат на ваквите остварувања на приходите заклучно со овој квартал, Општина Охрид согласно ЗФЕЛС член 22, точка 5 може сопствените приходи во буџетот да ги планира со дополнителен пораст од 10 % од просечно остварените приходи во последните три години според податоците од трезорската евиденција. Како резултат на ваквите остварувања до крајот на оваа буџетска година, согласно законската рамка сигурно ќе следи и ревидирање на буџетската рамка во смисла зголемување на нивото на буџетот.

Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се забележи остварувањето на приходите во различните групи на приходи и процентот на остварување на истите. Во периодот кој следи имајќи го во предвид степенот на досегашното остварување на приходите по поделни групи, како неопходност се налага потребата од ревидрање на овие групи на приходи и нивно ребалансирање и дефинирање на ново ниво и нова буџетска рамка. Она што посебно треба да се истакне во овој извештај и што треба да се потенцира е остварувањето на приходите во делот на основниот буџет, односно во делот кој што е во директна зависност и надлежност исклучиво на локалната самоуправа. Доколку се анализира остварување на овие приходи поодделно по групи на приходи ќе се забележи различен степен на остварување на поодделните групи на приходи и поголема или помала варијабилност во однос на идеалните проценти на остварување што не влијае на вкупниот процент на остварување кој е на завидно ниво, но од друга страна исто така одредени проценти на остварување во некои групи на приходи укажуваат на тоа дека е потребно ревидирање на планираните износи и анализа за ваквите остапувања. Од досегашното искуство секако дека без исклучок во скоро сите групи на приходи постои простор за поголема ангажираност и подобра наплата на истите што секако би значело и повисоки вкупни приходи во општинската каса.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| Вид на приход | Проектирано за 2024 | Остварено во трет квартал | % |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **614.058.000** | **465.870.580** | **75,94** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.729.765** | **14.808.060** | **48,19** |
| **Даночни приходи** | **495.415.000** | **458.462.894** | **92,54** |
| **Неданочни приходи** | **32.461.367** | **21.847.327** | **67,30** |
| **Капитални приходи** | **22.500.000** | **9.525.543** | **42,34** |
| **Приходи од донации** | **43.481.225** | **21.593.511** | **49,66** |
| **Трансфери и донации** | **450.483.633** | **224.063.034** | **49,74** |
| ***Вкупно*** | ***1.689.128.990*** | ***1.216.170.949*** | ***72,00*** |

Податоците дадени во табела укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што влегуваат во групата на изворни буџетски приходи на кои го ставаме акцентот поради важноста на истите. Приходите на вкупно ниво согласно утврдените проекции и тековното ниво на остварување за очекување е до крајот на годината во целост да бидат реализирани, но со посебен акцент како што претходно истакнавме на оние групи на приходи кај кои се јавуваат поголеми отстапувања. Графички приказ на проектираните и остварените приходи пооделно по категории приходи следи:

## Графикон бр.1



***Графикон бр.2***




***Напомена:*** Прикажаното во графиконите 1 и 2 се однесува на процентуално учество на поединечните групи на приходи во однос на вкупно проектираните, односно вкупно остварените приходи пооделно.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници и согласно тековната ситуација очигледно е дека овој тип на приходи доколку нешто позначајно не се промени во последниот квартал од годината потребно ќе биде нивно ребалансирање.

Превземање на мерки за подобрување во прибирањето на приходите во оние групи на приходи каде има поголеми отстапувања од проектираните приходи и каде што тоа е можно и претходно споменавме дека е неопходно со што до крајот на годината би требало да доведе до подобар процент на реализација како на поеделните групи на приходи така и на вкупните приходи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2023 година.

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2023** | **Остварено со трет квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **584.871.000** | **411.962.877** | **70,44** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.469.850** | **13.729.736** | **45,06** |
| **Даночни приходи** | **425.834.206** | **437.848.952** | **102,82** |
| **Неданочни приходи** | **29.600.000** | **38.730.730** | **130,85** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Капитални приходи** | **73.855.000** | **71.455.913** | **96,75** |
| **Приходи од донации** | **46.020.293** | **13.948.853** | **30,31** |
| **Трансфери и донации** | **162.410.794** | **92.570.911** | **57,00** |
| ***Вкупно*** | ***1.353.061.143*** | ***1.080.247.972*** | ***79,84*** |

## *Графикон бр.3- Остварени приходи споредбено*




Споредбено 2024 год. во однос на 2023 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, со одбиен пренесен вишок, чисто прибрани приходи за анализираниот период, изнесуваат:

- остварување во 2024 год. 586.691.112,оо денари
- остварување во 2023 год. 640.606.506,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2024 год. е за 9,189 % помало од остварувањето за наведениот период во 2023 година. (најголем дел оваа разлика се однесува на остварувањето на приходот по основ продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ во претходната година)

Споредбено 2024 год. во однос на 2023 год. за третиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи (со одбиен пренесен вишок) по сите основи и групи приходи, во номинален износ изнесуваат:

- остварување во 2024 год. 1.055.044.935,оо денари
- остварување во 2023 год. 1.065.939.544,оо денари.

Согласно наведеното, остварувањето во 2024 год. е за 1,032 % помало од остварувањето за наведениот период во 2023 година.



Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно напатствијата од МФ на РМ, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.09.2024 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со овој квартал.

**Расходи**

Приходниот дел на буџетот, неговото остварувањето, односно висината и динамиката на остварувањето е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.09.2024 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства- основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | *Програм* | *Планирано* | *Остварено* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| А0 | Совет на општина | 138.769.000 | 128.084.453 | 92,30 |
| Do | Градоначалник | 4.555.000 | 2.511.799 | 55,14 |
| Eo | Општинска администрација | 230.884.782 | 165.725.038 | 71,78 |
| EA | Општинска администрација(кап.расходи) | 8.150.000 | 5.833.774 | 71,58 |
| F1 | Урбанстички планирање | 2.500.000 | 111.661 | 4,47 |
| F2 | Уредување на градежно земјиште | 5.800.000 | 5.007.122 | 86,33 |
| FA | Уредување на градежно земјиште (к.п) | 155.080.000 | 130.444.737 | 84,11 |
| G1 | Подршка на ЛЕР | 10.660.000 | 1.438.557 | 13,49 |
| G2 | Потт. на развојот на туризмот | 13.500.000 | 4.375.193 | 32,41 |
| GD | Проекти за енергетска ефикасност | 600.000 | 325.375 | 54,23 |
| J0 | Одржување на урбана опрема | 300.000 | 0 | 0,00 |
| J3 | Јавно осветлување | 87.650.000 | 74.420.141 | 84,91 |
| J4 | Јавна чистота | 14.232.072 | 14.232.072 | 100,00 |
| J6 | Оддржување и заштита на пат.и улици | 8.300.000 | 1.175.450 | 14,16 |
| J7 | Оддрж и корист. На парк. И зеленило | 10.756.536 | 8.277.139 | 76,95 |
| J8 | Други комунални услуги | 8.630.000 | 6.544.104 | 75,83 |
| JA | Изградба на јавно осветлување | 5.500.000 | 3.709.302 | 67,44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| JF | Изградба на сообр.сигнализација | 7.950.000 | 3.007.819 | 37,83 |
| JЛ | Други комунални услуги (кап.расходи) | 7.500.000 | 3.000.000 | 40,00 |
| JM | Паркови и зеленило(капит.расходи) | 530.000 | 0 | 0,00 |
| JH | Урбана опрема (капитал.расх) | 10.950.000 | 7.370.459 | 67,31 |
| K4 | Култ.манифестации и творештво | 12.757.500 | 9.665.048 | 75,76 |
| Lo | Спорт и рекреација | 61.880.000 | 57.209.361 | 92,45 |
| LA | Спорт и рекреација (капит.расходи) | 475.000 | 200.000 | 42,11 |
| N1 | Основно образование | 32.678.000 | 25.318.879 | 77,48 |
| NA | Основно образование (капит.расх) | 96.656.000 | 16.754.628 | 17,33 |
| N2 | Средно образование | 2.942.000 | 2.455.314 | 83,46 |
| Љ0 | Заштита и спасување | 2.923.806 | 1.673.740 | 57,25 |
| R1 | Заштита на животна средина | 4.880.000 | 1.093.900 | 22,42 |
| T1 | Унапредување на здравств.заштита | 6.411.200 | 5.735.809 | 89,47 |
| V1 | ДЕтски градинки | 11.500.000 | 6.439.878 | 56,00 |
| Wo | Противпожарна заштита | 34.459.104 | 21.758.046 | 63,14 |
| H1 | Родова еднаквост | 500.000 | 0 | 0,00 |
| | ***Вкупно*** | ***1.000.860.000*** | ***713.898.798*** | ***71,33*** |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентот на реализацијата на поделните програми, но имајќи ги во предвид активностите кои се во тек согласно планираните програми за очекување е до крајот на буџетската година реализацијата на сите програми да биде поголема и во рамките на очекувањата. Во претстојниот период за дел од активностите кои се во тек сигурно ќе биде доставена финансиска документација која ќе предизвика зголемување на степенот на остварување одделно по активности и програми а сето тоа ќе влијае на вкупниот степен на реализација на одредени програми, но она што како дел од некоја активност ќе биде завршено во оваа буџетска година а поради природата на нештата и процедурите на одобрување, книжење и реализација нема да предизвика финансиски импликации во овогодинешниот буџет, повторно ќе биде испланирано во програмите за наредната буџетска година и ќе предизвика импликации во некој од наредните квартали на расходната страна на буџетот.

**Број 08-14468/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 4, УБ 4.3, СО ЦЕЛ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСТАТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на информацијата за постапката за изработка и донесување на ДУП за УЗ 4, УБ 4.3, со цел прекинување на истата, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/143** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), како и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 04.12.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 4, УБ 4.3, СО ЦЕЛ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСТАТА**

**Член 1**

Се усвојува Информацијата за постапката за изработка и донесување на ДУП за УЗ 4, УБ 4.3, со цел прекинување на истата поради промена на законската регулатива и неможност за нејзино законско продолжување.

Составен дел на Информацијата се:

- Барање за спогодбено раскинување на дел 1 од Договорот заведен во општина Охрид под број 20-12291/1 од 01.10.2024 год.
- Спогодба (број од ИНПУМА 0307-433 од 08.10.2024 наш бр. 09-14136/1 од 20.11.2024
- Информација бр.19-12291/2 од 20.11.2024

**Член 2**

Овој Заклучок стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/67** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ, СО ЦЕЛ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСТИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за усвојување на информацијата за склучени договори за изработка и донесување на планови, со цел прекинување на истите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/144** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), како и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седница одржана на ден 04.12.2024 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ, СО ЦЕЛ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ИСТИТЕ**

**Член 1**

Се усвојува Информацијата за склучени договори за изработка и донесување на планови, бр.03/6 од 08.10.2024, со цел прекинување на истите поради промена на законската регулатива и неможност за законско продолжување за изработката и донесувањето на плановите.

Составен дел на Информацијата се:

- Барање за спогодбено раскинување на Договори бр.20-12292/1 од 01.10.2024 год.
- Спогодба (број од ЗУМ бр.03/6 од 08.10.2024 наш бр. 09-14137/1 од 20.11.2024
- Информација бр. 19-12292/2 од 20.11.2024

**Член 2**

Овој Заклучок стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/68** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/145** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Вовед**

Туристичкиот развој на Охрид како град кој е етаблиран како исклучителна туристичка дестинација е во фокусот на Секторот за туризам и локален економски развој.

Во тој контекст креирањето на годишната програма на Секторот за 2025 година е со цел одржување и обезбедување на континуиран туристичкиот раст и развој.
Креирањето на програмските активности подразбира детализирање на претходно утврдените приоритетни цели чие реализирање се подразбира како важен интерес како за градот така и за регионот во целина.

При одредување на конкретните активности Секторот истите ги усогласува согласно актуелните препораки за заштита на охридскиот регион како светско природно и културно наследство на УНЕСКО.

Согласно претходното, во делот на туризмот фокусот на Секторот е на следните насоки и активности на дејствување:

**1.** Управување со туристички дејности за стимулирање на развојот на туризмот.

**2.** Развој и промоција на дестинацијата преку координација на клучните активности за развој на туризмот (планирање, дестинација, развој на туристички производ и услуга, финансирање, одлучување и имплементација), во согласност со насоките дефинирани од Националната Стратегија за развој на туризмот, Стратегијата за

развој на туризмот на општина Охрид, Стратегијата за рурален развој на општина Охрид, препораките на УНЕСКО и управување со заштитени подрачја и сл. документи.

**3.** Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

**4.** Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО.

**5.** Подготовка на проекти и проектно управување.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2025 во износ од **13.000.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од таксата за привремен престој | **13.000.000,00 ден.** |
| Приходи од донации | **0,00 ден.** |
| **Вкупно приходи за 2025** | **13.000.000,00 ден.** |

## I. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

**1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот 2025-2030**

Оваа година е предвидено да се изработи Стратегија за развој на туризмот и сите пропратни стратешки документи во нејзин склоп. Согласно новите светски туристички трендови и стандарди, ќе се изработи нов стратешки документ на среден рок до 2030 година.

**Предвиден буџет 600.000,00 ден**

1.2. **Управување со туристичките и угостителските дејности во надлежност на единицата на локална самоуправа општина Охрид**

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски кои произлегуваат од Законот за туристичка и Законот за угостителска дејност, преку Секторот за ТЛЕР – одделение за туризам во 2025 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,

- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за I: 600.000,00 ден**

## II РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД

Подобрувањето на туристичката понуда и производи е еден од клучните елементи во развојот на дестинацијата. Особено внимание треба да се обрнува на развој и подобрување на туристичката понуда со нови туристички содржини, и подобрување и адаптација на постоечките кон новите светски трендови. Збогатувањето на туристичката понуда и производи е од суштинско значење за одржување на константноста во атрактивноста и привлечноста на Охрид како туристичка дестинација.

### 2.1 Набавка и поставување на туристичко-информативен дисплеј

Оваа активност предвидува да се постави информативен видео дисплеј со висока резолуција и бежично управување, на една или повеќе локации на градскиот плоштад, на кој ќе бидат поставувани корисни туристички информации за туристите, посетителите и локалните жители. Преку него, ќе се врши информирање за возни редови на пловните објекти (кајчиња, катамарани, бродови), тековни занимливости и новости, информации за настани, промоција на локални производи, услуги или брендови и сл.
Оваа услуга да вклучува и прибирање и подготовка на текстуален материјал, фотографии и видеа, дизајн на прибраниот материјал и поставување на креираните туристички содржини на информатиовниот дисплеј.

**Предвиден буџет 600.000,00 ден**

### 2.2 Субвенционирање на физички лица вршители на туристичка дејност

Обезбедување на финансиска поддршка за физичките лица кои согласно член 51 став 1 и 3 од Законот за туристичка дејност се даватели на туристички услуги во селски, етно и еколошки туризам и се запишани во регистарот кој го води градоначалникот на оштина Охрид.
Начинот на субвенционирање и висината на субвенцијата ќе бидат дефинирани во Правилник за субвенционирање на физичките лица вршители на туристичка дејност. Оваа активност има за цел поддршка на руралниот туризам и дисперзија на туристичката понуда во Охрид.

**Предвиден буџет 200.000,00 ден**

### 2.3. Субвенционирање на дел од уплатената туристичка такса

Оваа активност предвидува субвеницонирање на дел од уплатената туристичка такса која ја уплаќаат физичките лица кои вршат угостителска дејност и се запишани во регистарот кој го води градоначалникот на општина Охрид согласно член 4 од Законот за угостителска дејност.
Начинот на субвенционирање, висината на субвенцијата и периодот за кој се однесува субвенцијата ќе бидат дефинирани во Правилник за субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност.
Една од целите на оваа активност е да се стимулираат приватните станоиздавачи за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на

уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна. Дополнително ваквата активност ќе рпидонесе кон подигнување на квалитетот на сместувачките капацитети.

| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |
|---|---|

**2.4 Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”**

Бесплатен hot spot интернет ќе биде овозможен на најпрометните и најпосетуваните локации во Охрид. На ваков начин туристите и посетителите на Охрид преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот.

| **Предвиден буџет** | **500.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за II:** | **1.500.000,00 ден** |
|---|---|

## III. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

Промоција и маркетинг на дестинацијата и обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални/регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално и меѓународно ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

**3.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид**

Промоција на туристичкиот потенцијал ќе се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.

Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство.

Целта на оваа активност е да се претстави Охрид на емитивните туристички пазари.

| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |
|---|---|

**3.2. Изготвување и печатење на промотивен материјал за Охрид**

Оваа активност вклучува изготвување на печатен или електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е репринт на постоечкиот промотивен материјал, но и изготвување на нов промотивен материјал согласно потребите на туристичкиот пазар, односно дизајнирање на нов промотивен материјал, изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа кои ќе бидат откупени на јавен оглас, набавка на текст за одделни сегменти од туристичката понуда, превод на промотивниот материјал и сл.

| **Предвиден буџет** | **300.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за III:** | **500.000,00 ден** |
|---|---|

## IV. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, подигање на човечките капацитети и ресурси во алтернативниот туризам, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО ќе бидат основа за развој на туристичката дестинација.

**4.1. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој**

Финансиската поддршка преку микропроекти е најефикасен и најнепосреден начин на задоволување на потребите и барањата на микрозаедниците. Оваа активност ќе се реализира преку граѓанските организации со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. Оваа активност превидува финананскиска поддршка на микропроекти наменети за ревитализација и развој на туристички атракции на територијата на општина Охрид кои се од значење за локалната заедница.

Предвидено е финансирање на микропроекти за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви, имплементација на програми за соработка и вмрежување, како и поддршка на идеи за промоција на локални производи и услуги и сл.).

**Предвиден буџет** **1.000.000,00 ден**

**4.2. Стандардизација и визуелна унификација на охридската чаршија "OHRID GO authentic"**

Општина Охрид веќе започна со промена на рекламните табли долж улиците Цар Самоил и Коста Абраш и на потегот на просторот кај црквата Св. Софија, при што веќе се поставени унифицирани табли на 74 објекти. Дополнително се поставени 40 рекламни табли на плоштадот Св. Климент Охридски и дел од охридската чаршија, а со оваа активност планирана е набавка и поставување на огласни табли на објектите долж охридската чаршија до плоштадот Крушевска Република, како и кракот на охридската чаршија кој води од Плоштадот Крушевска Република до пресекот со Булеварот Туристичка.

Целта на оваа активност е да се врати стариот сјај на јавниот простор на Охрид, да се намалат во најголем можен степен негативните влијанија врз заштитеното историско подрачје со интервенции на самите објекти и околината што е во духот на основните начела на заштита на историски градови кои се дел од листата на светско културно наследство а при тоа се води сметка и за современите потреби на граѓаните и градот како целина за економски просперитет и одржлив развој.

**Предвиден буџет** **6.000.000,00 ден**

**4.3. Реализација на активности согласно Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид**

Набавка и поставување на урбана опрема согласно Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид. Типот на опремата, бројот и локациите кои ќе бидат опфатени со оваа активност ќе бидат дополнително утврдени врз основа на теренска анализа извршена од страна на вработени во Секторот за туризам и локален економски развој.

**Предвиден буџет** **3.000.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за IV:** **10.000.000,00 ден**

## V. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**5.1 Средства од аплицирани и одобрени проекти**

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

**5.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **400.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвиден буџет за V:** | **400.000,00 ден** |

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2025:** **13.000.000,00 ден**

| 1 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | |
| 1.1. | Изработка на Стратегија за развој на туризмот 2025-2030 | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 1.1. | Управување со туристичките и угостителски дејности во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| | **Вкупно 1** | **600.000,00** | **0,00** | **600.000,00** |
| **II** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД** | | | |
| 2.1. | Набавка и поставување на туристичко-информативен дисплеј | 600.000,00 | 0,00 | 600.000,00 |
| 2.2. | Субвенционирање на физички лица вршители на туристичка дејност | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 2.3. | Субвенционирање на дел од уплатената туристичка такса | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 2.4. | Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected” | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **1.500.000,00** | **0,00** | **1.500.000,00** |
| **III** | **ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД** | | | |
| 3.1. | Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид | 200.000,00 | 0,00 | 300.000,00 |
| 3.2. | Изготвување на промотивен материјал за Охрид | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| | **Вкупно 3** | **500.000,00** | **0,00** | **500.000,00** |
| **IV** | **СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ** | | | |
| 4.1. | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 4.2. | Стандардизација и визуелна унификација на охридската чаршија “OHRID GO authentic” | 6.000.000,00 | | 6.000.000,00 |
| 4.3. | Реализација на активности согласно Правилникот и Каталогот за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид | 3.000.000,00 | | 3.000.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **10.000.000,00** | **0,00** | **10.000.000,00** |
| **V** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |
| 5.1. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **Вкупно 5** | **400.000,00** | **0,00** | **400.000,00** |
| **ВКУПНО** | | **13.000.000,00** | **0,00** | **13.000.000,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/146** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2022 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2025 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Одделението за Локален економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Охрид.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Охрид.

Процесот на планирање на програмата е врз основа на законските обврски на Општина Охрид во соработка и со непосредно учество на бизнис секторот, граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијасии и сл. Цел на оваа програма е остварување на низа активности со цел создавање на услови за одржлив локален економски развој на Општина Охрид.

Со стратешко планирање на програмата за локален економски развој на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор за реализација на ефектите од децентрализацијата

како политички процес и јакнење на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување со што Општина Охрид остварува чекор напред во приближување кон европските стандарди и главните цели на Европската Унија со цел подобрување на локалниот развој.

Се предлагаат мерки и активности за подобрување на локалната економска политика како и поттикнување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништво.

Воедно одделението во согласност со законските обврски во областите на занаетчиството, угостителството и трговијата, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на администрацијата на општина Охрид и врши други работи кои ќе му бидат определени.

Се планирааат и предлагаат мерки и активности во соработка со другите сектори во рамки на администрацијата на општина Охрид за развојни и структурни приорите на ниво на градот, иницира проекти што ќе се предложат за подршка од меѓународни, странски и домашни инвеститори.

Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население детектирани при изработката на стратешките документи, Стратегијата за развој на туризам и Стратегијата за рурален развој.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2025 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија во следните главни насоки на дејствување:

**I.** ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА.
**II.** ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY
**III.** РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
**IV.** ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2025 во износ од **9.000.000,00 ден** ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **8.570.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **430.000,00 ден** |
| | Вкупно | **9.000.000,00 ден** |

## I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

Активностите кои се предвидени во овој дел од програмата се насочени кон подобрување на економската клима во градот, но воедно и еден од најсуштинските за привлекување на директни инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места. Економското зајакнување на градот е една од целите кои треба да се постигнат со реализацијата на предвидените активности. Токму затоа дел од активностите за зајакнување на локалниот економски развој предвидуваат воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите и сл.

### 1.1. Имплементација на лидер пристапот во општина Охрид

Во рамки на оваа активност предвидено е формирање и регистрација на локална акциона група согласно постојната законска регулатива. ЛИДЕР програмата е во функција на локалните

чинители и на развојот на руралните средини. Станува збор за исклучително важна програма од особеното значење на руралниот развој, како клучен фактор за зачувување на населението во местата на нивно живеење. За тоа е неопходна континуирана синергична активност на сите локални чинители, помогнати од надлежните државни органи и подржани од локалната самоуправа. ЛИДЕР моделот, кој веќе 20 години функционира во ЕУ, а има мултисекторски пристап е (кратенка од француски јазик која означува – поврзување меѓу развојните активности и руралната економија). Станува збор за едно од успешните достигнувања на ЕУ, кое досега поминало низ четири фази, а од 2007 година претставува инструмент на заедничката политика и стратегија на ЕУ, која е интегрирана во националните и локалните програми за развој на земјоделството во земјите членки. Со овој пристап се потикнуваат руралните средини да ги користат своите ресурси за обезбедување на одржлив развој, кој се справува со општествените, економските и еколошките предизвици. Тоа е концепт кој влијае на промена на менаталитетот на сите релевантни фактори во руралните средини. Тоа се промени во смисла на обедиент заеднички пристап во решавањето на конкретните проблем.

| **Предвиден буџет** | **300.000,00 ден** |
|---|---|

**1.2. Изработка на проектно-техничка документација**

Согласно расположливите средства и извршената анализа за потребите од проектно техничка документација листата на објекти и локации за кои ќе се изработува документацијата ќе биде дополнително утврдена. Врз основа на досегашните анализи планирано е изработка на идејно решение и основен проект за кантина лоцирана на просторот кај поранешната Касарна, потоа обезбедување на проектно техничка документација за реконструкција на ТЦ Амам итн.

| **Предвиден буџет** | **2.000.000,00 ден** |
|---|---|

**1.3. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид**

Со оваа активност е предвидено одржување на серија на стручни обуки кои ќе се реализираат во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработеноста и зголемување на нивната конкурентност при вработување и стекнување на нови вештини. Општина Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на лица од различни возрасни групи кои сакаат да стекнат вештини и квалификации кои се потребни на пазарот на трудот. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа наспроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Обуките ќе се спроведуваат во различни сегменти согласно потребите на пазарот.

| **Предвиден буџет за 1.3** | **600.000,00 ден** |
|---|---|

**1.4. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид**

Реализација на активности согласно усвоената Стратегија за поддршка на женското претприемништво во општина Охрид. Овие активности се во насока на подобрување на квалитетот на живеењето на жените во општина Охрид и истите имаат **родово сензитивен** карактер. Активностите ќе бидат насочени кон подигнување на степенот на вештини за деловно планирање/претприемништво кај жените од општина Охрид кои сакаат да отпочнат свој сопствен бизнис или веќе водат свој бизнис.

| **Предвиден буџет за 1.4** | **200.000,00 ден** |
|---|---|

**1.5 Субвенционирање на регистрирани занаетчии**

Право на користење на субвенција ќе имаат веќе регистрираните занаетчии согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност. Условите за користење на субвенции ќе бидат дефинирани преку посебен правилник.

Ќе се субвенционираат дефицитарни занаети и занаети кои бележат намалување на активностите во континуитет, со цел развој промоција, поддршка и унапредување на занаетчиството и занаетчиските производи и услуги и останати активности од значење за градот.

| **Предвиден буџет** | **300.000,00 ден** |
|---|---|

**Вкупно предвиден буџет за I: 3.400.000,00 ден**

## II. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY

### 2.1. Воведување на смарт јавни услуги

Оваа активност предвидува дигитализација на одредени општински јавни услуги. За истата се изработува студија за оправданост, по што ќе се дефинира кои активности ќе бидат во прва фаза за имплементација.

**Предвиден буџет 1.800.000,00 ден**

### 2.2 Финансиска поддршка за стартап компании

Активноста предвидува исбор на најдобро решение за изработка на софтверска апликација од страна на охридски Стартап компании.

**Предвиден буџет 1.000.000,00 ден.**

**Вкупно предвиден буџет за II: 2.800.000,00 ден**

## III. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

### 3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој

Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

Ваквата форма на стимулирање на партиципативноста на локалното население претставува ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива исклучиво со поддршка на месните заедници. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, со дефинирани области на интервенција, Вид на програми/проекти што ќе бидат поддржани, прифатливи и неприфатливи активности и трошоци и минимални капацитети и искуства кои ќе треба да ги задоволат потенцијалните апликанти.

**Предвиден буџет 1.500.000,00 ден**

### 3.2 Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа.

Оваа активност предвидува давање стручни совети од областа на земјоделието. Во склоп на оваа активност формирана е комисија за развој и подобрување на условите во земјоделството

**Предвиден буџет 0,00 ден.**

**Вкупно предвиден буџет за III: 1.500.000,00 ден**

## IV. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на Одделението за локален економски развој, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за

аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

**4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции, вклучувајќи и средства наменети за членарина, партиципација за реализација на одобрени проекти кон Центарот за развој на југозападен плански регион и останати институции и организации.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **870.000,00 ден** |

**4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти**

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во насока на развој на туризмот, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Во рамки на програмата EU for municipalities, аплициран и одобрен е проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)*”* кој отпочна со реализација на 01.12.2021 година. Проектот е во партнерство со Stellar Solutions од Скопје, и општина Воден, Грција. Вкупен буџет на проектот е 716.724,88 еур, и завршува во февруари 2025. За 2025 е предвидена исплата на ревизор.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **430.000,00 ден** |
| **Вкупно планиран буџет за IV:** | **1.300.000,00ден** |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2025:** | **8.700.000,00 ден** |

| Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | |
| 1.1. | Имплементација на лидер пристапот во општина Охрид | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| 1.2. | Изработка на проектно-техничка документација | 2.000.000,00 | | 2.000.000,00 |
| 1.3. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 600.000,00 | / | 600.000,00 |
| 1.4. | Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид | 200.000,00 | / | 200.000,00 |
| 1.5 | Субвенционирање на занаетчиски дејности | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | **Вкупно 1** | **3.400.000,00** | | **3.400.000,00** |
| **II** | **ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY** | | | |
| 2.1. | Воведување на смарт јавни услуги | 1.800.000,00 | / | 1.800.000,00 |
| 2.2. | **Финансиска поддршка за стартап компании** | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **2.800.000,00** | **/** | **2.800.000,00** |
| **III** | **РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ** | | | |
| 3.1. | Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој | 1.500.000,00 | / | 1.500.000,00 |
| 3.2. | Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа | 0,00 | / | 0,00 |
| | **Вкупно 3** | **1.500.000,00** | | **1.500.000,00** |
| **IV** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |
| 4.1. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 870.000,00 | | 870.000,00 |
| 4.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | / | 430.000,00 | 430.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **870.000,00** | **430.000,00** | **1.300.000,00** |
| | **Вкупно за 2025** | **8.570.000,00** | **430.000,00** | **9.000.000,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/70**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/147** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТППЕ ОХРИД**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

**Вовед**

Пожарникарството е работа чие трајно и непречено извршување го обезбедува Републиката и Општините во согласност со закон. Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес, односно пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита во Републиката.

Територијалната противпожарна единица - Охрид,освен што дејствува во Општина Охрид и во Општина Дебрца, дејствува и како Републичка единица поради оперативно делување при гаснењето на големи пожари и останати елементарни непогоди на целата територија на Република Македонија.

**Основна Цел**

Основна цел на Програмата е заштита на Пожарникарите од професионални ризици, обезбедување на лична и техничка опрема за непречено извршување на секојдневните активности, и обезбедување на тековни средства за нормално функционирање на единицата.

**Генерална Цел**

Генерална цел на Програмата е зголемување на ефикасноста во гаснењето на пожари, спасувањето на животот на граѓаните и заштитата на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди.

**Финансирање**

Согласно Законот за Пожарникарство , средствата за финансирање на Територијалните противпожарни единици и организациите на гаснењето на пожарите се обезбедуваат од:

-Буџетот на Република Македонија;

-Буџетот на Општината;

-12% од наплатените премии за осигурување на имот од пожар;

-2% од наплатени премии за осигурување на моторни возила ( Каско ) и осигурување од одговорност од употреба на моторно возило;

-средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;

-доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

-приходи од сопствени извори за извршени услуги согласно членот 5 став (2) од Законот за Пожарникарство;

1. **Комунални услуги,греење,комуникација,транспорт,хигиенски материјали, канцелариски и административни материјали и друго**

1.1 Набавка на гориво за противпожарни возила и останати агрегати и моторни пумпи**.**

- Поради непречено функционирање на возниот парк на ТППЕ и целокупната моторна опрема со која располага единицата потребно е да се обезбедат следните средства.

**Потребни средства 500.000,оо ден**

1.2 Регистрација на противпожарни возила

***- Согласно законските прописи и противпожарните возила подлежат на вршење на едногодишни или периодични технички прегледи. Поради тоа потребно е да се обезбедат следните средства.***

**Потребни средства 120.000,оо ден**

***1.3 Хигиенски Материјали***

- За нормално функционирање и одржување на хигиената во ТППЕ – Охрид, потребно е да се одобрат наведените средства за набавка на сите видови на хигиенски материјали за таа намена.

**Потребни средства 60.000,оо ден**

1.4 Канцелариски и административни трошоци

- За нормално извршување на административните работи, и евиденција на сите настани во текот на годината, во ТППЕ – Охрид се користат книги за дежурства, книги за евиденција на пожари / технички интервенции, пријави за пожар ,листи за известување од пожар,компјутерски материјали,канцелариски прибор и сл., потребно е да се обезбедат наведените средства.

**Потребни средства 60.000,оо ден**

2. **Поправки и Тековно одржување**

2.1 Поправка,сервис и гуми за противпожарни возила

- Со оглед на итноста на интервенциите кои се извршуваат, староста на противпожарните возила и сл., возилата мора да бидат во исправна состојба и функција

за секојдневна употреба во секој момент при појава на пожар, технички или останати други интервенции,потребно е да се обезбедат наведените средства.

**Потребни средства 900.000,оо ден**

2.2 Полнење, испитување и сервисирање на противпожарни апарати

- Со оглед на тоа што противпожарните апарати често се користат при гаснење на почетни пожари, и истите задолжително мора да се сервисираат се со цел за понатамошна употреба, потребно е да се обезбедат наведените средства.

**Потребни средства 150.000,оо ден**

2.3 Поправка и тековно одржување на објектот на ТППЕ – Охрид

- Заради нормално и непречено одржување на објектот на ТППЕ во исправна и функционална состојба ( санирање на дефекти ) , потребно е да се обезбедат следните средства.

**Потребни средства 60.000,оо ден**

**3. Материјали и ситен инвертар**

3.1 Заштитна лична опрема за пожарникарите

- Работна секојдневна униформа. ( Согласно правилникот за видот и изгледот на униформата (С.Весник на Р.М. бр. 166/2019), (С.Весник на Р.М. бр. 141/2020), и правилник за изменување на правилникот за видот и изгледот на униформата,видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност (С.Весник на Р.М бр 250/2020 ), потребно е да се обезбедат следните средства.

**Потребни средства 2.000.000,оо ден**

**-** Заштитни комплети за интервенции во урбана/планинска средина. Од голема нужност е набавката на заштитни комплети за пожарникарите (интервентни одела,интервентни шлемови, интервенти подкапи, маски за шумски пожари, специјализирани кондури за шумски пожари, и истите треба да се набават Согласно правилникот за видот и изгледот на униформата (С.Весник на Р.М. бр. 166/2019), (С.Весник на Р.М. бр. 141/2020), и правилник за изменување на правилникот за видот и изгледот на униформата,видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност ( С.Весник на Р.М бр 250/2020 ), а за истото потребно е да се обезбедат следните средства.

**Потребни средства 5.000.000,оо ден**

**4.Договорни услуги**

4.1 Колективно осигурување на вработените во ТППЕ – Охрид

- Согласно Законот за пожарникарство,член 17 , пожарникарите во противпожарните едници имаат дополнително осигурување во случај на повреди или смрт.

**Потребни средства 150.000,оо ден**

**5.Капитални расходи**

5.1 Набавка на Колективна противпожарна опрема,арматура и средства за гаснење на пожари

- Заради професионално и навремено извршување на сите типови на интервенции кои ТППЕ – Охрид ги извршува потребно е да се набави одредена техничка опрема која е од исклучителна важност за нормално фунцкионирање на службата ( Еко пенило, турбо млазници,црева,грбни прскалки,моторни пили,маски за дишни апарати и сл. )

**Потребни средства 1.000.000,оо ден**

| Бр. | Финансиски потреби на ТППЕ - Охрид |
|---|---|
| 1. | **Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт, хигиенски материјали, канцелариски и административни материјали и друго.**<br>1.1 Набавка на гориво за противпожарни возила и останати пп пумпи и агрегати ... 500.000,оо ден<br>1.2 Регистрација на противпожарни возила ... 120.000,оо денари<br>1.3 Хигиенски материјали ... 60.000,оо денари<br>1.4 Канцелариски и административни трошоци ... 60.000,оо денари<br>**Вк 740.000,оо денари** |
| 2. | **Поправки и Тековно одржување**<br>2.1 Поправка,сервис и гуми на противпожарни возила ... 900.000,оо денари<br>2.2 Полнење и сервисирање на противпожарни апарати за гасење ... 150.000,оо денари<br>2.3 Поправка и тековно одржување на објектот на ТППЕ – Охрид ... 60.000,оо денари<br>**Вк 1.110.000 ,оо денари** |
| 3 | **Материјали и ситен инвертар**<br>3.1 Заштитна лична опрема за пожарникарите<br>-Работна секојдневна униформа ... 2.000.000,оо денари<br>-Заштитни комплети за интервенции ... 5.000.000,оо денари **Вк 7.000.000 ,оо денари** |
| 4. | **Договорни услуги**<br>4.1 Колективно осигурување на вработените во ТППЕ – Охрид ... 150.000,оо денари<br>**Вк 150.000,оо денари** |
| 5. | **Капитални расходи**<br>5.1 Набавка на колективна противпожарна опрема,арматура и средства за гаснење ... 1.000.000,оо денари<br>**Вк 1.000.000 ,оо денари** |
| **Вкупен буџет за потребите на ТППЕ – Охрид за 2025 година изнесува**<br>**Вк 10.000.000 ,оо денари** | |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/71**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2025-2027 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/148** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 40 и од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), член 22 ст.1 т.1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
## ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027

## 1.ВОВЕД

Развојната програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2025-2027 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистички плански документации и планско-проектни документации во Општината , основа за уредување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање на согласност за изработените планови од Министерство за транспорт и врски-Скопје.

## 2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПЛАНСКО - ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

### *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| **I-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | **ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана** | Општина (68.640,00) |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | **ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј** | Општина (177.840,00) |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.3 опфат 7 | Финансиран од ОУ Григор Прличев |
| **4** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | Општина (388.000,00) |
| **5** | **Урбан блок 5.3** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| **6** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 6.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | Општина (630.130,00) |
| **7** | **Урбан блок 12.4** | |
| 7.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | Општина ( 72.000,00) |

| | | |
|---|---|---|
| **8** | **Урбан блок 15.4** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **9** | **Урбан блок 16.3** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | Општина (105.000,00) |
| | | |
| | Вкупно: | **1.519.610,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7-"Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9-"Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14- "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 18 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 19 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

**I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Детални урбанистички планови во УЗ 1** | |
| **2** | **Детални урбанистички планови во УЗ 2** | |
| **3** | **Детални урбанистички планови во УЗ 3** | |
| **4** | **Детални урбанистички планови во УЗ 4** | |
| **5** | **Детални урбанистички планови во УЗ 5** | |
| **6** | **Детални урбанистички планови во УЗ 6** | |
| **7** | **Детални урбанистички планови во УЗ 7** | |
| **8** | **Детални урбанистички планови во УЗ 8** | |
| **9** | **Детални урбанистички планови во УЗ 9** | |
| **10** | **Детални урбанистички планови во УЗ 10** | |
| **11** | **Детални урбанистички планови во УЗ 11** | |
| **12** | **Детални урбанистички планови во УЗ 12** | |
| **13** | **Детални урбанистички планови во УЗ 13** | |
| **14** | **Детални урбанистички планови во УЗ 14** | |
| **15** | **Детални урбанистички планови во УЗ 15** | |
| **16** | **Детални урбанистички планови во УЗ 16** | |
| **17** | **Детални урбанистички планови во УЗ 17** | |
| **18** | **Детални урбанистички планови во УЗ 18** | |

| **I-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **УП за село Пештани** | Општина (1.571.820,00) |
| 2 | УП за село Велестово | Општина ( 784.000,00) |
| | Вкупно: | **2.355.900,00** |

| **I-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | Финансирано од Ј.П."Охридски Комуналец" Охрид |

| **I-6. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Проект за инфраструктура за потреби на општината | Финансиските средства за проектите планирани во Програмата од Сектор за комунален развој улици и сообраќај |
| 1.1 | ПИ за поставување на телекомуникациски столб и телеком/електро кабел ОХР3073 Пештани ГФ | |

| **I-7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Урбанистички проекти за потреби на општината | Општина (600.000,00) |
| **2** | Урбанистички проекти за плажи на Охридско Езеро | Општина (700.000,00) |
| | Вкупно: | **1.300.000,00** |

## II. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид и Агенции формирани од Влада

| | | |
|---|---|---|
| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа | 679.680,00 |
| 2 | УП за село Трпејца | 424.800,00 |
| 3 | УП за село Елшани | 207.060,08 |
| 4 | УП за село Лагадин | 644.280,00 |
| 5 | УП за село Долно Коњско | 536.900,00 |
| 6 | УП за село Велгошти | 1.342.002,20 |
| 7 | УП за село Лескоец | 1.265.367,14 |
| 8 | УП за село Косел | 1,223.424,00 |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | 427.000,70 |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | 997.100,00 |
| 11 | УП за село Подмоље | 767.000,00 |
| 12 | УП за село Орман | 150.000,00 |
| 13 | УП за село Горно Коњско | 153.400,00 |
| 14 | УП за село Рамне | 84.960,00 |
| 15 | УП за село Опеница | 287.583,44 |
| 16 | УП за село Вапила | 244.000,40 |
| 17 | УП за село Сирула | 67.968,00 |
| 18 | УП за село Куратица | 322.093,45 |
| | **Вкупно:** | **9.824.620,00** |
| **СЕ ВКУПНО ЗА ТОЧКА 2.** | | **15.897.560,00** |

**3. ГЕОДЕТСКИ И КАТАСТАРСКИ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УРБАНИЗМОТ 700.000,00**

1. Геодетски елаборати за ажурирани подлоги за изработка на урбанистички планови и проекти
2. Ажурирање на геодетски подлоги за потребите на урбанизмот
3. Преклопување на подлоги при усвојувањена урбанистички планови и проекти

**4. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ 600.000,00**

**5. СТРУЧНА РЕВИЗИЈА 1.500.000,00**

**6. ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ 700.000,00**

НАПОМЕНА: **Имајќи ја во предвид процедурата и постапката за донесување на урбанистичките планови, во буџетот на општина Охрид за Нацтр Годишна програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2025 година, се предвидуваат средства во вредност од 18,572,070 ден, од кои 4.950.000,00 ден. се предвидени согласно Решението за**

**одобрување на барањето за финансиска подршка за изработка на урбанистички планови за села, од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.**

**Од вкупно предвидените средства во Нацрт програма, за буџетската 2025 год. планирано е да се реализираат 3.000.000,00 ден.**

## *III. Планови кои ќе ги финансира Влада на РМ*

| **III-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина | Влада на РМ |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | Влада на РМ |

| **III-2. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | Влада на РМ |

## *IV. Планови финансирани со приватни иницијативи*

| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | Прив.иницијатива |

| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ15 УБ 15.1 | Прив.иницијатива |
| 2 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ9 УБ 9.3 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 3 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП УЗ10 УБ 10,1 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 4 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 11 УБ 11.1 и ДУП УЗ11 УБ 11.1- опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 5 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.3 и ДУП УЗ12 УБ 12.3 - опфат 4 | Прив.иницијатива |
| 6 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.5 и ДУП УЗ15 УБ 15.5 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 7 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 2 УБ 2.2 и ДУП УЗ 2 УБ 2.2 - опфат 4 | Прив.иницијатива |
| 8 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП УЗ 4 УБ 4.4- опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 9 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.2 и ДУП УЗ 12 УБ 12.2 - опфат 1 | Прив.иницијатива |

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | Прив. иницијатива |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | Прив. иницијатива |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | **ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2** | Прив. иницијатива |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектир. улица | Прив. иницијатива |
| **6** | **Урбан Блок 4.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.2 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **6** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.4 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **7** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 6 ,УБ 6.1 опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **9** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 9.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | Прив. иницијатива |
| **10** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | Прив. иницијатива |
| **11** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **12** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 12.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 12.2 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.1 – опфат 3 | Прив. иницијатива |
| 12.3 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 - опфат 4 | Прив. иницијатива |
| **13** | **Урбан блок 8.2** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 – опфат 1 (изменаидополнување) | Прив. иницијатива |
| **14** | **Урбан блок 8.3** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.3 опфат - 2 | |
| **15** | **Урбан блок 9.2** | |

| | | |
|---|---|---|
| 15.1 | ДУП за УЗ9, УБ 9.2 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **16** | **Урбан блок 9.4** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | Прив. иницијатива |
| **17** | **Урбан блок 10.2** | |
| 17.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **18** | **Урбан блок 10.4** | |
| 18.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | Прив.иницијатива |
| 18.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | Прив.иницијатива |
| **19** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **20** | **Урбан блок 11.4** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11, УБ11.4 опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **21** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | Прив.иницијатива |
| **22** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 22.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 22.2 | ДУП во УЗ 12 УБ 12.1 - опфат 2 (измени и дополнувања) | Прив.иницијатива |
| **23** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 23.2 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 3 | Прив.иницијатива |
| **24** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | Прив.иницијатива |
| **24** | **Урбан Блок 13.2** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.2 – опфат2 | Прив.иницијатива |
| **25** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 25.2 | ДУП за УЗ , УБ 13.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **26** | **Урбан блок 15.4** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 15, УБ 15.4 опфат - 2 | |
| **27** | **Урбан блок 15.5** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 27.2 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **29** | **Урбан блок 16.1** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 29.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | Прив.иницијатива |
| 29.3 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **29** | **Урбан блок 16.2** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2-опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **30** | **Урбан блок 16.3** | |
| 30.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **31** | **Урбан блок 18.1** | |
| 31.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | Прив.иницијатива |

| **IV-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕДНА ПАРЦЕЛА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 2 | ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 3 | ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др. | Прив.иницијатива |
| 4 | ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 5 | ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 6 | ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151 | Прив.иницијатива |
| 7 | ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 8 | ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 9 | ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3 | Прив.иницијатива |
| 10 | ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4 | Прив.иницијатива |
| 11 | ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 12 | ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 13 | ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка | Прив.иницијатива |
| 14 | ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 15 | ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 16 | ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово | Прив.иницијатива |
| 17 | ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14 | Прив.иницијатива |
| 18 | ДУП за ГП 1 во УЗ 16, УБ 16.2 на КП 2649/1, 2649/2, 2649/5 и 3037/5, КО Велестово | Прив.иницијатива |

| **IV-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 4 | УПВНМ Горица Север | Прив.иницијатива |
| **5** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **6** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | Прив.иницијатива |
| 7 | Урбанистички план вон населено место потег Лагадин - Пешт Опфат 2 Општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 8 | УПВНМ Горица Исток – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | УПВНМ Горица Исток – опфат 3 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | Прив.иницијатива |

| |
|---|
| **IV-7. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** |

**7. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата, брзината на изработката на ажурираните геодетски подлоги, брзината на изработка на плановите и брза и ефикасна соработка на државните органи што партиципираат во донесување на урбанистичките планови.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/72** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за заштита на животната средина и природата за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/149** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18 и 89/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

# НАЦРТ ПРОГРАМА
## ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2025 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;

- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената нацрт - програма за заштита на животната средина и природата за 2025 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2025 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2025 година. Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган.**
**Оценка на влијанија врз животната средина**

**1.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи**

Образложение: Членот 65 од Законот за животна средина предвидува изготвување Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи. Членот 76 предвидува изготвување Оцена на влијанија врз животната средина за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 900.000,00 денари.**

**2.Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

Образложение: Општина Охрид согласно одредбите од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува овластениот инспектор за животна средина. Инсталациите на територијата на општината плаќаат годишен надоместок за поседување на Б- Интегрирана еколошка дозвола.

**Потребни финансиски средства: Не се предвидени финансиски средства.**

**3. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Образложение: Согласно обврската од чл.24 од Законот за животна средина, Општина Охрид е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во „Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје“. Постапката отпочнува со разработка на доставениот елаборат за заштита на животната средина, се изготвуваат забелешки за елаборатот, по што следува достава на коригиран елаборат , се изготвува решение за одобрување, кое го потпишува градоначалникот на Општина Охрид.

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

**4. Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2025година.**

Образложение: Општина Охрид согласно Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Општина Охрид за период(2023-2027)година превзема мерки против загадувањето на амбиентниот воздух со субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување – набавка на инвертер клими за 2025година.

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 2.000.000,00денари**

**5.** Годишно одржување **на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел по негово прогласување за заштитено подрачје**

Образложение: Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) беше изработен Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје. Елаборатот со акламација беше усвоен од страна на Советот на Општина Охрид и целокупната документација беше доставена до МЖСПП и врз основа на истата локалитетот Дувало беше прогласен за заштитено подрачје со решение бр. 13-312/4 0д 12.06.2024г..Локалитетот, Дувало кај

село Косел во близина на Охрид претставува природна реткост од типот на мофети/сулфатари. Како природна појава предизвикувал внимание кај населението во минатото, но и денес, а сигурно ќе предизвикува внимание и во иднина. Токму затоа оваа појава е поставена како предмет на подетално научно и стручно проучување. Целта беше да се добијат целосни и јасни сознанија за локалитетот од една и врз основа на идентификуваните карактеристики и вредности да се заштити и соодветно да се користи за посредни и непосредни економски ефекти од друга страна.
Со имплементација на предлог мерките за локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел се изврши чистење на локалитетот од отпадот кој се наоѓа таму, поставување на информативни табли,патокази, оградување на просторот,реконструкција на постојниот видиковец и изградба на нови како и тампонирање на пристапниот пат.
**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00денари**

**6. Студија за проценка на еколошкиот отисок на Општина Охрид**

Образложение:Човековите активности ги трошат природните ресурси, а притоа емитираат јаглерод диоксид и произведуваат отпад.Како што нашата популација расте, потрошувачката се зголемува при што од суштинско значење е да го измериме капацитетот на природата за да се исполнат овие барања.Еколошкиот отпечаток(ЕО) се наметнува како една од водечките мерки за пресметување на човековата побарувачка од природата.Тоа е метрички управуван податок кој ни покажува колку одржливо живееме.Пресметките се какои извештаи со кои документираме дали живееме во рамиките на нашиот еколошки буџет или ги консумираме природните ресурси повеќе и побрзо отколку што тие можат да се обноват.Еколошкиот отисок се мери како природна област или износот на природниот капитал кој се консумира секоја година или хектари природна површина кои му се потребни на сите жители, вклучувајќи ја и природната област потребна да го асимилира создадениот отпад и да го филтрира јаглерод диоксидот.Со овој пристап на пресметки може да се укаже колкава бројност на населението со позната потрошувачка би се вклопила во рамките на позната географска област со познат биокапацитет.
**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 900.000,00 денари .**

**7. „Цветни балкони- цветен Охрид“**

*Образложение*: Овој проект повеќе години наназад традиционално се реализира на територијата на општина Охрид и е многу добро прифатен од страна на граѓаните.Целта е подигање на свеста на граѓаните за потребата од одгледување цвеќиња во сопствените дворови и на балконите, што ќе придонесе за целокупната слика на Охрид како цветен град и ќе има позитивно влијание на целокупната туристичка понуда на градот.
Проектот опфаќа делење на саксиско цвеќе на жителите на претходно утврден опфат, на дел од градот кој е различен секоја година.
**Потребни финансиски средства: За 2024 година се предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00 денари .**

**8. Изработка, поставување и одржување на интерактивна веб базирана апликација за Зелен катастар**

*Обраложение:*Согласно позитивните законски обврски и дадени насоки Оштина Охрид има обврска да изработи и постави на интернет апликација за Зелен катастар за граѓаните да можат да направат увид и да се информираат за реалната ситуација во врска

со Зелениот катастар во Општина Охрид. Со цел интеракција, управување и надоградба, истата ќе биде изработена и поставена на интернет страната на Економскиот оператор во име и сопственост на општина Охрид за период од 24 месеци. Најповолниот економски оператор има обврска да ги обработи сите претходно мапирани дрва, грмушки и.т.н кои се податоци во сопственост на општина Охрид и кои се претходно подготвени од страна на општина Охрид и да ги растеризира спрема зададените и однапред дефинирани координати на 2D мапа со цел нивен јавен увид(се мисли на засебна веб локација) од страна на трети лица

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 650.000,00 денари за период на одржување од 24 месеци.**

**9. Паметно управување со отпад од пакување**

*Обраложение:* Создавањето на навики кај населението за селектирано собирање на отпад од пакување и негово рециклирање ќе придонесат за намалување на количините отпад од пакување, а со тоа и ќе се намали тошокот на општината за негово собирање и помага во одржување на чиста околина. За таа цел Друштвото за пакување и отпад од пакување „Пакомак“ Доо Скопје ќе постави најмалку три повратни вендинг машини на територијата на општина Охрид со намена за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки. При користење на повратните веднинг машини корисниците ќе собираат „зелени поени“ на мобилна апликација. Еден „зелен поен“ ќе се доделува за едно собрано ПЕТ шише или една лименка ќе има парична вредност од 0,5 ден. „Зелените поени“ ќе може да ги користат за ваучери за купување на производи. Општина Охрид ќе партиципира во финансирањето на зелените поени.

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 300.000,00денари**

**10. Изработка на урбанистички проект и основен проект за затворање, санација и натамошна грижа за некласифицирана и нестандардна депонија Буково**

*Образложение:* Управувањето со отпад останува еден од најголемите предизвици од областа на животната средина кој бара итно решавање. Напорите за изнаоѓање на ефикасно решение се се’ позачестени, но работата е далеку од завршена. Сегашниот систем за управување со отпад во земјата скоро целосно функционира на принципот собирање и депонирање и користење на општински депонии кои што се нестандарни. Депонијата Буково се наоѓа во заштитено подрачје и се наоѓа во класа на висок ризик (црвена) според класификацијата во Планот за управување со отпад на РСМакедонија 2021-2031. Според класификацијата, депонииите со висок ризик се приоритетни за затворање. УНЕСКО уште во 2017 година бараше депонијата во Буково да е затворена и санирана до крајот на 2020. Од горенаведеното е јасно дека единствено одржливо решение на проблемот е целосно затворање на депонијата Буково. Спроведувањето на концептот за регионално управување со отпад е во поодмината фаза и земениот заем од ЕБОР треба да гарантира завршување на регионалната депонија во Новаци во 2027 год. по што постоењето на охридската депонија ќе биде непотребно. Од тие причини општина Охрид аплицираше со проект „Изработка на урбанистички проект и основен проект за затворање, санација и натамошна грижа за некласифицирана и нестандардна депонија Буково“ и доби грант во рамките на Вториот повик на Фондот за техничка документација во рамки на проектот„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ финансиран од Шведска и Бирото за регионален развој реализиран од УНДП. Обезбедените средства од грантот се во висина од 50.000,00 УСД, а од сопствено кофинансирање општина Охрид ќе обезбеди 20% од вкупната вредност на грантот.

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 600.000,00 денари**

**11.Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад**

*Обраложение:* Активностите за справување со цврст отпад се од суштинско значење за заштита на животната средина и градење поздрава иднина, посебно на Охридското Езеро и крајбрежието, затоа што така се потврдувааат стратешките определби за Охрид како светско културно и природно наследство. Согласно претходно изготвена мапа на загаденост на Охридското Езеро со цврст отпад, потребно е да се изврши негово системско подигање од дното на езерото и негово адекватно транспортирање и депонирање.

**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 200.000,00 денари**

## Предлог - проекти за одбележување на значајни денови на екологијата

Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики, предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

**12. Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)**

*Образложение*: Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање придонесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско – финансиски придобивки и исто така ја зголемува свеста и одговорноста на креаторите и давателите на услуги. Основната цел е да се издвојат употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на негово создавање. Со адекватна едукација на граѓаните за примарна селекција и рециклирање, пред сѐ на најмладата популација, односно со организирање на работилници за начини на користење на рециклабилни материјали во креативното изразување, ќе се зголеми свеста за поголема заштита на животната средина

**Потребни финансиски средства: За 2025 година за реализација на проектот не се потребни финансиски средства .**

**13. Одбележување на Европската недела на мобилност(16-22.09.2025)-Ден без автомобили**

Европската недела на мобилност е годишна кампања за одржлива урбана мобилност која ја организира мрежа од европски градови која има улога на координатор, заедно со енергетски ефикасни градови и Алијанса за клима со политичка и финансиска поддршка од Европската комисија и нејзиниот Генерален директорат за животна средина. Неделата се одбележува повеќе години по ред, почнувајќи од 2002 г.Целата на кампањата која се одржува секоја година од 16 до 22 септември е да ги поттикне локалните самоуправи ширум Европа да воведат и промовираат мерки за одржлив сообраќај и да им понудат на своите граѓани алтернативни употреби за автомобилите. Исто така, целта на одбележувањето на оваа недела е да поттикне анализа на начинот на кој го доживуваме градскиот простор од страна на надлежните и од самите граѓани.

Главен настан во кампањата претставува Денот без автомобили на 22 септември, кога градовите кои учествуваат во манифестацијата одвојуваат една или повеќе зони исклучиво за пешаци, велосипедисти и јавен транспорт во текот на целиот ден. **Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 60.000,00 денари.**

**14. Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)**
*Образложение*: На почетокот на школската година во соработка со охридските основни училишта Општина Охрид објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјали.
**Потребни финансиски средства: За 2025 година се предвидени финансиски средства во висина од 30.000,00денари**

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА ИЗНЕСУВА : 5.840.000,00 денари**

**КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА**
Активностите во оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид. Надлежен за изработка и спроведување на активностите по оваа програма е Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад .

**ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА**
Динамиката за извршување на активностите по оваа програма пред сè зависи од реалното подготвување на истата. Реализацијата на програмата во делот на одбележување на значајни денови на екологијата се одвива согласно календарот за одбележување на тие денови .
Динамиката за реализирање на програмата во делот за спроведување на законските обврски се одвива во текот на целата година согласно потребите.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/73** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-годишната програма за спорт и рекреација за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/150**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

# НАЦРТ ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
### за 2025 година

Програмата за активностите во областа на спортот и рекреацијата во Општина Охрид за 2025 година е направена врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа,Законот за спорт и други подзаконски акти.

*Јавниот интерес на спортот е:*

- Поттикнување на спортските активности на децата и младите во рамките на федерациите;
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари;
- Поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации;
- Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации;
- Одржување,функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес на граѓаните на Општина Охрид и пошироко;
- Развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови,училишен спорт,спорт за сите и особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- Организирање на спортски приредби и манифестации,поддржување на систем на натпревари на општинско ниво,регионално ниво,републичко ниво, поддржување на традиционални спортски манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот спорт,манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните,
- Класифицирање на спортските објекти,организирано користење на истите,опремување на рекреативни зони за масовно спортување;
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Охрид,
- Поддршка на општинските спортски сојузи како највисока форма на организирање на спортските клубови на подрачјето на Општината Охрид .

- Програмите се финансираат од буџетот на Општина Охрид,донации,спонзорства а за исполнување на програмите и утврдените рокови поднесуваат извештај до Општина Охрид .

*ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Главни цели на програмата ЛО Спорт и рекреација е афирмирање на Општина Охрид како општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт,спортско-рекреативни активности,омасовување на спортот како и развој на спортскиот туризам.

Општината Охрид преку својата организациона поставеност во областа на спортот ќе придонесе за зголемен опфат на младите во спортот. Општината постојано ќе се грижи за позитивно насочување на своите граѓани. Реализацијата на програмите од областа на спортот и рекреацијата сигурно дека ќе придонесе за подигнувањето на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури како и подршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби.

Преку организираните системи на натпревари и други спортски манифестации ќе се создадат услови за настапи во општината во земјата и странство.

Општината Охрид преку поддршка на спортските настани секогаш ќе придонесува за популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

Општина Охрид во континуитет се грижи за создавање подобрување на условите за работа на постоечките спортски терени и изградба на нови.

*МЕТОДОЛОГИЈА*

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.Спортски манифестации организираат и други правни и физички лица што вршат дејност спорт, под услови утврдени со Законот за спорт .

Програмата ЛО Спорт ирекреација се состои од активности за :

- Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт, реализирање спортски активности и систем на натпревари на учениците.
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови од Општина Охрид.
- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
- Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес за Општина Охрид.
- Поддршка на програми и проекти на останати спопртски организации од интерес на Општина Охрид.
- Подршка на спортисти во индивидуалните спортови кои имаат високи достигнувања на државно и мегународно ниво.
- Создавање на услови за работа,подобра спортска инфраструктура.

Вреднувањето на програмите ќе се одредува врз основа на :

- Остварени спортски резултати во зависност од рангот на натпревари на клубот,поединци на клубови со остварен висок пласман .
- Број на учесници во активностите или манифестации (увид од програмите или проектите)
- Манифестацијата да е во календарот на соодветната спортска асоцијација(федерација) со утврден статус и категорија на натпреварот

*СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

- ***Традиционални манифестации***
- Општината Охрид ќе партиципира во традиционалните спортски приредби и манифестации од локален,регионален, национален и меѓународен карактер со цел зачувување на континуитетот на манифестациите за кои има интерес од граѓаните, а се е во интерес на развојот на спортот во општината како и нивниот придонес во развојот на спортскиот турзизам.
- ***Манифестации од особен интерес***

Општина Охрид преку поддршка на вакви спортски настани ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентирање и промоција на можностите и потенцијалите на општината како и значајно ќе допринесе во развојот на спортскиот туризам.

- ***Хуманитарни акции***

Општина Охрид во координација со надлежните институции,Црвен крст-Охрид и други невладини организации ќе се вклучи и ќе даде подршка на хуманитарни акции со субјекти од областа спорт .

- ***Крводарителски акции***

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции

- ***Стоп на пороците***

Општина Охрид како организатор или коорганизатор ќе организира едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите.

***Спорт за сите***

Општина Охрид ќе поддржува програми и проекти за масовен ,рекреативен спорт на граѓаните од општината бидејќи рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби можности за активно вклучување во спортскиот живот во општината.

Активностите во областа на спортот Општина Охрид ќе ги насочи кон поттикнување,подржување и помагање за остварувањето на целите на оваа Програма за 2025 година, со средства предвидени во висина од **68.490.000,00 денари**.

| **42 Стоки и услуги**<br>**Активност Образложение** | | | |
|---|---|---|---|
| **Изнајмувања друг тип на простор**<br><br>**Јануари-Декември** | **Изнајмување спортски објекти на ЈП„Билјанини Извори“** | Непречено и организирано користење на расположивите спортски објекти од страна на клубови,училишта, поединци, здруженија и др. Субјекти со создавање услови за спортување за сите генерации. Организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности, посебно со поддршка на талентирани спортисти и проекти што значат унапредување на спортот во Општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повикза субвенционирање на трошоци за користење на спортските терени на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за спортските клубови, здруженија, спортски настани/ манифестации.** | **5.500.000,00** |
| **46 Субвенции и трансфери**<br>**Активност Образложение** | | | |
| **Трансфери до спортски клубови**<br><br>**Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | Основната цел е поддржувањето на организираните активности за развој и унапредување на масовниот спорт и рекреактивниот спорт како и клубските натпревари и натпревари по принципот спорт за сите.Со оваа програма ќе се обезбеди финансиска поддршка на спортските клубови и школи во општина Охрид.<br>**Предвидените средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2025година за финансирање програми од Спортски клубови и здруженија** | **7.500.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Трансфер и до спортски клубови**<br><br>**Јануари-Декември** | **Трансфери кон спортски клубови** | **Поддршка за спортски клубови од општина Охрид**<br><br>**1.ГРК Охрид**<br>**2.ГКК Охрид**<br>**3.ГФК Охрид Лихнидос**<br>**4.ГФК ОхридЛихнидос-младински категории**<br>**ВКУПНО:** | **16.000.000,00**<br>**3.500.000,00**<br>**9.500.000,00**<br>**1.200.000,00**<br>**30.200.000,00** |
| **Други трансфери**<br><br>**Јануари-Декември** | **-Во други трансфери влегува подршка за:**<br>**-Спортски манифестации/настани,проект и од областа на спортот**<br>**-Спортисти од индивидуални спортови**<br>**-Клубови за подводни дејности**<br>**-Училишен спорт**<br>**-Традиционални турнири**<br>**- Награди и признанија за најдобрите спортисти,спортски работници,клубови**<br>**-Активности на лицата за посебни потреби и пензионери** | -Поддршка за учество во училишните спортски системи на активности и натпревари на Сојузот на училишен спорт Охрид,како и подршка на проекти кои ,ќе значат унаредување на наставата по физичко и здраствено образование и спорт.<br>-Подршка на спортските здруженија и клубови кои допринесуваат за развојот на подводните спортови,ја развиваат свеста кај населението за здрава животна околина и со својата работа активно учествуваат за развојот на спортскиот туризам.<br>-Финансиска подршка за спортски манифестации,настани и проекти кој со нивната реализација ќе допринесат за популаризација на спортот,подигнување на свеста за здрав начин на живот,масовност но истовремено можност за достигнување на врвни спортски резултати.Нивната подршка и одржување допринесува за промоција на општина Охрид како препознатлива спортско туристичка дестинација во земјата и светот.<br>-Подршка за спортско рекреативните активности за лица со посебни потреби и пензионерите,како и подршка за традиционални спортски натпревари при што играта секогаш ќе биде над резултатот.Реализацијата ќе значи можност за социјализација на сите учесници независно од нивната возраст,пол или етничка структура.<br>-Подршка за спортисти во индивидуалните спортови кои имаат врвни достигнувања на национално и меѓународно ниво.<br>**-Предвидените финасиски средства ќе бидат распределени по јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и** | **7.500.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **рекреација од буџетот на општина Охрид за 2025 година за финансирање програми од Спортски манифестации, настани ,проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.** | |
| **Јануари-Декември** | **Училишни спортски лиги за основни и средни училишта** | Во насока на унапредување на училишниот спорт општината ќе финансира програми,проекти и спортски активности на учениците од основните и средните училишта од општина Охрид.<br>Училиштето има обврска да води грижа и за здравјето на учениците со овозможување правилен физички развој, во современи услови,како и создавање здравствена култура. Поради сето ова се помага училишниот спорт,се развива и организира при што учениците кои имаат афинитет и желба побрзо избираат сакан спорт под стручна контрола и организација.Воедно се создава еднаквост на правата за физичката активност на сите деца без оглед на нивните предиспозиции.<br>Организатор и реализатор:<br>-„Сојуз за училишен спорт Охрид“ | **500.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Општински фудбалски сојуз-Охрид** | Во насока на подршка на општинскиот фудбал и општинските клубови<br>Средствата се наменети за покривање трошоци за судии,котизации,спортска опрема<br>-„ОФС“-Охрид | **100.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **-Меморијален турнир во ракомет „Крсте Андоновски –Усташ”** | - Меморијален турнир во ракомет под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,<br>а во организација на ГРК Охрид. | **600.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **-Турнир во фудбал за млади категории„Охридски Фудбалски надежи’’** | -Турнир во фудбал за млади категории во кој ќе земат учество сите фудбалски школи во општина Охрид.Турнирот ќе биде под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,а во организација на „Сојуз за Училишен спорт Охрид“. | **180.000,00** |
| **Јануари-Февруари** | **Спортска манифестација „Најдобрите од спортот во** | „Најдобрите од спортот во општина Охрид” Спортска манифестација на која се одбираат најдобрите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **општина Охрид”2024** | спортисти,спортски работници,во орган. на општина Охрид. | **300.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Финансиска подршка за спортисти од општина Охрид кои постигнале значајни резултати во текот на годината** | -Средствата ќе се искористат за финансиска подршка на спортисти од општина Охрид кои постигнале значајни резултати на национално и меѓународно ниво(балканско,европско,светско првенство,олимпијада). | **120.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Печатарски услуги** | Средствата ќе бидат искористени за печатење,пехари,плакети,дипломи,рол банери,големи банери за потребите на спортски манифестации на кој организатор е општина Охрид | **90.000,00** |
| **Август-Септември** | **Охридски пливачки маратон 2025 Патека„Климе Савин”** | 38-мо издание на „Охридски пливачки маратон”. Технички организатор:Пливачки клуб„Охридски бранови 2008”-Охрид | **1.700.000,00** |
| **Август-септември** | **Фестивал на водените спортови „Ohridwater festival’’2025** | Спортско-туристички настан кој ке трае 9 дена во кој ке се организираат спортски манифестации од сите спортови на вода,поврзано со музички концерти,презентација на храна и пијалоци автентични за охридскиот регион и Македонија | **1.300.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Субвенција за ЈП„Билјанини извори“Охрид за Набавка на друга опрема** | Набавка и поставување на контењери за соблекувални и тоалети на фудбалскиот терен со вештачка трева при ЈП„Билјанини извори“Охрид. | **2.000.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **Субвенција за ЈП„Билјанини извори“Охрид за Набавка на друга опрема** | Метални заштитни подвижни огради за одржување на спортски настани,манифетстации,одржување концерти со цел зголемување на безбедноста. | **400.000,00** |
| **Јануари-Декември** | **ЛА Субвенција за ЈП„Билјанини извори„Охрид Реконструкција на други објекти** | Реконструкција на подни површини во спортска сала ЈП.„Билјанини извори“Охрид | **10.500.000,00** |

**ВКУПНО ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА: 68.490.000,00**

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/74** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за млади и невладини организации за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/151** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА**
**ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА**

***Воведни напомени***

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на градот. Програмата за млади и невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водич и гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

**ПОДДРШКА НА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**

***1. Проект: МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат б лагосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други апекти од животот на младите. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

Врз таа основа а спрема член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РМ“ бр.10/20), како и Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.2021 година донесе одлука за отстапување на времено користење и спроведување постапка за формирање на Младински Центар Охрид.Воедно по претходно објавен јавен повик бр.09- 433/2 од 13.01.2022 за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар – Охрид Општина Охрид донесе решение со кое **Коалиција на младински организации СЕГА** од Прилеп се избира за оператор на Младински Центар Охрид.Во рамките на истиот по претходно објавен оглас на Коалиција на младински организцаии СЕГА вработени се три лица од кои еден раководител и двајца младински работници.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Предвидени средства за трансфер до Коалиција на младински организации СЕГА, која го координира Младинскиот центар Охрид | 2.840.794,00 |
| ***Вкупно*** | **2.840.794,00** ***денари*** |

*Во прилог Ви ја доставуваме програматата на* ***МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД*** *и предлог буџет*

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

Младинскиот центар во Охрид е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на младинскиот центар Охрид е да се обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформално образование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

Младинскиот центар и оваа година ќе биде отворен секој работен ден и ќе биде достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите можат да доаѓаат во Центарот, да учествуваат во програмските активности и да ги користат постојаните услуги или пак да се самоорганизираат, дружат и да ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.

**Работен Пакет 1: Координација и раководење со проектот**

## *Координативни состаноци*

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО ќе организираат редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. На состаноците ќе учествува и Извршниот директор, а по потреба ќе се вклучат и други членови од персоналот на СЕГА.

На првиот иницијален состанок во јануари 2025 година, проектниот тим ќе подготви оперативен план за спроведување на активностите за 2025 година и ќе дефинира индикатори за успех. На иницијалниот состанок, проектниот тим ќе креира Календар за одбележување на позначајни интернационални денови во годината кои се од интерес на младите.

## *Обезбедување на техничка и логистичка поддршка за програмски активности*

Проектниот тим ќе биде задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Тој ќе биде задолжен за обезбедување на простор за одржување на настаните и состаноците, набавка на материјали и технички материјали, како и обезбедување на храна и освежување.

Тековно ќе се развиваат и дополнуваат сите неопходни процедури за работа кои ќе овозможат непречено функционирање на Младинскиот Центар Охрид.

## *Известување*

Младинските работници се одговорни за документирање на спроведените активности според претходно утврдени правила од страна на Коалиција СЕГА. Раководителот на МЦО е одговорен на месечна основа да ја прибере и документира целосната административна документација од спроведените активности и ја испраќа до Проектниот координатор во форма на месечен извештај. Проектниот координатор и раководителот се задолжени за известување и комуникација со Општина Охрид. Финансискиот менаџер е задолжен за реализација на сите плаќања предвидени со буџетот на Младинскиот Центар Охрид, во согласност со финансиските процедури на

СЕГА, како и за чување и документирање на финансиската документација од проектот и подготовка на финансиски извештај.

## *Дисеминација и видливост*

Проектниот тим ќе биде задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно ќе споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, tweeter, youtube) ќе се користат како канали за комуникација со јавноста. Дополнително, на почетокот на календарска година ќе се подготви Комуникациска Стратегија на Младинскиот Центар, која ќе биде водилка за активностите кои се однесуваат на видливост и промоција на центарот.

**Работен пакет 2: Јакнење на капацитети на младинските работници**

***Интерна Обука за јакнење на капацитетите на младинските работници***

Во првиот квартал на спроведување на програмата на МЦО, СЕГА ќе организира интерна обука со цел зајакнување на вештините за работа со млади. Интерните обуки ќе бидат фокусирани кон успешно спроведување на Програмските Активности на МЦО, а ќе бидат спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА.

## *Сертифицирана обука за работници со млади*

Поради промена на персоналот во Младинскиот Центар, потребно е новите вработени да се стекнат со сертификат за Работник со млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики. Сертифицираната обука за младински работници ќе биде обезбедена од Коалиција СЕГА е верификувана институција за образование на возрасните за спроведување на обуки за Работници со млади. Коалиција СЕГА ќе кофинансира една третина од обуката, а две третини ќе се обезбедат со средства од Буџетот на Општина Охрид. Оваа обука ќе започне да се спроведува во вториот месец од оперативниот план за активности и истата ќе биде со времетраење од 4 месеци. Обуката за **Работници со млади**, е врз основа на стандардот на занимање одобрен од Министерство за труд и социјална политика во 2018 година.

**Работен пакет 3: Промоција на работата на МЦО**

***Креирање на промотивен материјал***

За тековните потреби за промоција на Младинскиот Центар Охрид, ќе се креира промотивен материјал во согласност со актуелните трендови, и во согласност со оперативниот план за реализација на програмските активности. Воедно ќе се брендираат ранци за лаптопи, за службени потреби но и за промоција на МЦО.

***Организирање на ИНФО ДЕНОВИ за промоција на Младински Центар Охрид***

Согласно досегашната пракса, и во текот на 2025 година МЦО ќе продолжи да организира активности Инфо Денови, преку кои ќе се промовира работата на Младинскиот Центар, активностите, можностите за вклучување на локалните млади, како и услугите што ги нуди младинскиот центар за младите. Инфо деновите ќе бидат организирани на различни локации на кои фрекфенцијата на млади е најголема и на истите ќе се користат флаери и промотивни материјали со логото на МЦО и логото на Општина Охрид.

***Промоција на МЦО на социјалните мрежи***

На креираните профили на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram) кои се користат како канали за комуникација со јавноста, секојдневно ќе се врши промоција на Младинскиот Центар и промоција на услугите и програмите што ги нудиме. Со оваа промоција се планира да се опфатат месечно околу 3 000 млади (допаѓања на фејсбук

страната, рекации на постови, прегледи, импресии итн.), а истата бројка се очекува секој месец да се зголемува. Со цел поголема видливост на социјалните мрежи предвидени се средства за спонзорирање на социјалните мрежи.

**Работен пакет 4: Програмски Активности на Младински Центар Охрид**

***Програма: Младинско Учество***

Во рамките на програмата за Младинско Учество во текот на 2025 година, Младинскиот Центар Охрид ќе спроведе кампања за поттикнување и унапредување на младинското учество. Кампањата ќе вклучи неколку компоненти:

[1] Е-младинско учество: поттикнување на учеството на младите преку дигитални алатки и платформа за дигитално младинско учество inciraj.mk (со која раководи Коалиција СЕГА)

[2] Работилници за младинско учество со млади на возраст од 15 – 29 години: Целта на овие работилници ќе биде младите да се запознаат со скалилата на учество и можностите како тие да се вклучат во процесите на донесување одлуки согласно постоечката законска регулатива. Посебен фокус во 2025 година ќе биде ставен на ученици во прва година средно образование.

[3] Младински кругови – на теми кои се од интерес на младите Охриѓани а кои се во доменот на функционирањето на локалната самоуправа

[4] Соработка со Локален Совет за Млади и Собрание за млади

***Програма: Младинско Информирање***

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво), младинските работници секојдневно ќе објавуваат информации на веб страната и на социјалните мрежи. МЦО ќе продоложи да биде центар за документација и информирање со прибирање на печатени и електронски публикации, прирачници, книги и важни документи од областа на младите. Исто така младинските работници ќе ги промовираат европските програми за интернационални мобилности и волонтерство, интеркултурни размени како и можностите за искористување на овие програми од страна на младите.

Во рамките на оваа програма во Младинскиот Центар Охрид ќе продолжи да работи Медиа Клубот. Преку овој клуб младите кои имаат интерес за новинарство, графички дизајн и фотографија ќе можат да известуваат за теми од интерес на младите. Нивните вести ќе се објавуваат во посебно мени на веб страната на МЦО. Дополнително, младите ќе изработат списание за млади кое ќе излезе во еден годишен број (годишно списание) во текот на 2025 година.

Младински подкасти - во 2025 година од страна на членовите на Медиа клубот ќе се снимаат подкасти-емисии на теми од интерес на младите, како и актуелни случувања на локално ниво. Подкастите ќе бидат објавени на каналот на Youtube на МЦО и на веб страната.

Во 2025 година, МЦО ќе реализира и работилници за медиумска писменост со млади со главен фокус за препознавање на лажни вести.

***Програма: Вработување и претприемништво***

Програмата Вработување и претприемништво ќе вклучи серија на работилници за млади во насока на унапредување на нивниот личен развој и поттикнување на нивната вработливост. Работилниците ќе вклучат компоненти на кариерно насочување и кариерно советување во зависност од возраста на учесниците во програмата.

Дополнително, оваа програма предвидува објавување на сите можности за кариерен развој, образование и отворени работни места на веб страната на МЦО кои ќе се преземаат од повеќе проверени извори.

Младинскиот Центар Охрид ќе ја промовира и Гаранција за Млади (посебна мерка од Оперативниот План за вработување) помеѓу младите од Охрид, вклучително и активните мерки за вработување.

Во рамките на програмата се планираат следните активности:

[1] Саем за образование и кариера - организирање на Саем за образование и кариера, во соработка со средните училишта, факултетите и бизнис секторот во Општина Охрид.

[2] Работилници за кариерно советување и вработливост за млади лица – редовно спроведување на работилници со млади од 15 – 29 години.

[3] Мотивирачки трибини на МЦО

[4] Посета на млади претприемачи / успешни бизниси во Охрид

[5] Панел дискусии

[6] Конференција за младинско претприемништво – ноември 2025

***Програма: Култура***

Посебен фокус во работата на Младинскиот Центар Охрид ќе има и програмата Култура. Оваа програма ќе вклучува активности во насока на развивање на креативниот потенцијал на младите но и промоција на млади уметници и креативци. Програмата за Култура ќе ги вклучи следниве компоненти:

[1] Креативен Клуб: ќе продолжи да работи и оваа година со цел да се поттикне креативноста кај младите, каде на информален начин младите ќе се дружат, креираат и творат. Креативниот клуб ќе функционира во согласност со потребите на младите во период од 4 месеци во текот на 2025 година. Во рамките на креативниот клуб ќе се организира Летна креативна школа за млади и деца која ќе има цел да ја поттикне креативноста кај младите лица и деца од Охрид.

[2] Клуб за драма и филм: младите преку овој клуб ќе ги изучуваат основите на драматургијата и филмот.

[3] Промоција на млади уметници – МЦО ќе продолжи да дава поддршка и промоција на различни музички, културни и уметнички настани организирани од млади уметници и организации од Охрид

[4] Beach Film Фестивал

[5] Ликовна школа – оваа школа ќе се реализира со помош на ангажирање на ментор/ наставник каде преку серија на работилници младите ќе се запознаат со разни ликовни и уметнички техники.

[6] Музичка школа – оваа школа ќе биде реализирана од локален ментор / наставник по музичко каде ќе се вклучат млади кои имаат желба поблиску да се запознаат со музиката и да имаат можност да свират на различни инструменти.

[7] Проекции на филмови.

***Програма: Неформално Образование***

Програмата за Неформално Образование ќе опфати различни теми кои се од интерес на младите: здравје, екологија, недискриминација, безбедност и сл. Во првиот квартал од 2025 година, МЦО ќе го обнови Волонтерскиот Клуб кој ќе обезбеди можност за нови млади да се вклучат во работата на Центарот преку промоција на активностите и програмите на Центарот, но и преку учество во различни иницијативи кои ќе произлезат од младите за младите. Заедно со персоналот на МЦО волонтерскиот клуб ќе организира работилници на теми од интерес на младите. Воедно Волонтерскиот Клуб ќе биде вклучен и во:

[1] Одбележување на позначајни денови
[2] Неформално образование на теми од интерес на младите (работилници и предавања за здравје и спорт, безбедност, дигитализација, безбедност во сообраќај, екологија, кампања за превенција од пороци, превенција од насилство и врсничко насилство и сл.)
[3] Младински иницијативи (како на пример Еко Акции, Панел дискусии, Форуми и сл.)
[4] Одбележување на Ден на Млади – Недела на млади: по повод 12 август, Светскиот Ден на младите, ќе се организираат серија на активности кои од една страна ќе ги презентираат сите програми на МЦО но и ќе се промовираат младите уметници, креативци и артисти преку пригоден хепенинг кој ќе се одржува цела недела (Недела на млади).
[5] Меѓународен Ден на Студенти – МЦО ќе организира настан во соработка со двата универзитети „Св. Апостол Павле“ и „Св. Климент Охридски“ и студентските парламенти на овие факултети, во насока на промоција на можностите за студентите, но и отворени дискусии за предизвиците и потребите на студентите.
[6] Саем за волонтерски можности – По повод меѓународниот ден на волонтерството, МЦО ќе организира саем преку кој младите ќе се запознаат со можностите и бенефитите од нивно активно вклучување во заедницата, волонтеризмот како начин на живот, и општествената одговорност

***Други услуги за млади, младински организации и организации за млади***
За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, МЦО ќе ги изнајмува бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Воедно, МЦО ќе ги промовира сите активности на други организации кои реализираат активности во просториите на Центарот кои се во интерес на младите.

**Работен пакет 5: Соработка со локални актери**

***Соработка со училишта***
На почеток на новата учебна година 2025/2026 ќе бидат обновени и потпишани меморандуми за соработка со основни и средни училишта со цел вклучување на учениците и заедничка организација и имплементација на предвидените активности кои опфаќаат различни креативни и едукативни работилници, обуки, забавни настани, инфо денови и сл.

***Состаноци со локални младински организации***
Во текот на целата година, (на секои два месеци) ќе се одржуваат тековни состаноци со останатите младински организации со кои веќе имаме воспоставено успешна соработка: Младински Совет Охрид, Црвен крст Охрид, Енхелеус Лихнид, Суп Клуб Охрид, Фото Клуб Охрид, Охрид Трчат и други. МЦО ќе продолжи да работи на воспоставување на соработка со други организации кои работат на територијата на општина Охрид. Средбите ќе имаат за цел запознавање, подобра организација и имплементација на предвидените заеднички активности како што се: формирање на локален волонтерски клуб; одбележување на значајни датуми како Интернационален ден на волонтеризмот; организација на хуманитарни акции, јавни настани и други активности.

***Состаноци со претставници на локалните власти***
Во текот на годината редовно ќе се организираат средби со претставници на локалните власти со цел презентација на спроведените активности и резултатите од истите. На истите состаноци ќе се дискутира за забелешки, насоки и идеи за подобрување на соработката, потребите и проблемите на младите и зголемување на младинскиот активизам во Општина Охрид.

Тековни состаноци во зависност од потребите ќе се организираат со Советникот за Млади при ЛС Охрид и со претставници на Локалниот Младински Совет со цел консултации и помагање за поуспешно спроведување на некои од предвидените активности.

***Денови на младински центри***

Во изминатите две години, МЦО беше иницијатор за средби за вмрежување со младинските центри од другите општини. Па така во последниот квартал од 2025 година, МЦО повторно ќе биде домаќин на младинските работници кои работат во младинските центри низ државата. Средбата ќе има за цел вмрежување на центрите, дефинирање и поставување на минимум стандарди за работа, како и пренесување на позитивните искуства и практики на Младински Центар Охрид на другите центри.

| Предлог нацрт буџет за раководење со Младински центар Охрид за 2025 година, Коалиција на младински организации СЕГА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Единица** | **Тип** | **Количина** | **Месеци/** | **Побарано од општина Охрид** | **Учество на апликантот** | **ВКУПНО** |
| | **Опис на трошокот** | **Тип** | **Цена** | **# Единици** | **Единици** | **(МКД)** | **(МКД)** | **(МКД)** |
| **1. Персонал** | | | | | | **1,506,120.00** | **1,728,168.00** | **3,234,288.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 66,895.00 | 1 | 12 | 0.00 | 802,740.00 | **802,740.00** |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 57,119.00 | 1 | 12 | 0.00 | 685,428.00 | **685,428.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 44,970.00 | 1 | 12 | 539,640.00 | 0.00 | **539,640.00** |
| 1.4 | МЦО Младински работник | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.5 | МЦО Младински работник | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.6 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 20,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 240,000.00 | **240,000.00** |
| **2. Патни трошоци** | | | | | | **37,920.00** | **72,000.00** | **109,920.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локални патни трошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 2.3 | Патни трошоци за учество на обуки и конференции | месец | 2,000.00 | 3 | 12 | 0.00 | 72,000.00 | 72,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **50,500.00** | **20,000.00** | **70,500.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување, работни материјали, храна) | единица | 3,500.00 | 3 | 1 | 10,500.00 | 0.00 | 10,500.00 |
| 3.2 | Обука за младинска работа | единица | 20,000.00 | 2 | 1 | 40,000.00 | 20,000.00 | 60,000.00 |
| **4. Други директни трошоци** | | | | | | **12,000.00** | **0.00** | **12,000.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| **5. Индиректни трошоци** | | | | | | **72,000.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.Специфични трошоци поврзани со проектот** | | | | | | **384,000.00** | **20,000.00** | **404,000.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали | единица | 110,000.00 | 1 | 1 | 110,000.00 | 0.00 | 110,000.00 |
| 6.2 | Печатени ранци за лаптоп | единица | 1,700.00 | 10 | 1 | 17,000.00 | 20,000.00 | 37,000.00 |
| 6.3 | Освежување за програмски активности | настан | 2,350.00 | 10 | 1 | 23,500.00 | 0.00 | 23,500.00 |
| 6.4 | Хонорар за ментори/наставници/ панелисти | месец | 6,600.00 | 1 | 5 | 33,000.00 | 0.00 | 33,000.00 |
| 6.5 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 30,000.00 | 1 | 1 | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 |
| 6.6 | Меѓународен Ден на Студенти | единица | 10,000.00 | 1 | 1 | 10,000.00 | 0.00 | 10,000.00 |
| 6.7 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 4 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.9 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.13 | Денови на младински центри | единица | 7,900.00 | 15 | 1 | 118,500.00 | 0.00 | 118,500.00 |
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **520,000.00** | **1.00** | **520,001.00** |
| 7.1 | Акустична изолација и опремување со музичка опрема | единица | 331,000.00 | 1 | 1 | 331,000.00 | 0.00 | 331,000.00 |
| 7.2 | Кафемат | единица | 25,000.00 | 1 | 1 | 25,000.00 | 0.00 | 25,000.00 |
| 7.3 | Конференциски столици | единица | 2,200.00 | 20 | 1 | 44,000.00 | 0.00 | 44,000.00 |
| 7.4 | Инвертер клима 7 KW | единица | 60,000.00 | 1 | 1 | 60,000.00 | 0.00 | 60,000.00 |
| 7.5 | Плахари и полици | единица | 20,000.00 | 3 | 1 | 60,000.00 | 1.00 | 60,001.00 |
| **Вкупно директни трошоци** | | | | | | **2,582,540.00** | **1,864,169.00** | **4,446,709.00** |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 258,254.00 | MKD 0.00 | MKD 258,254.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 2,840,794.00** | **1,864,169,00** | **MKD 4,704,963.00** |

| | ОПШТИНА ОХРИД | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ** | **60.38%** | **39.62%** | **100.00%** |

***2.ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ***

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрзува да издвои средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.

Локалниот младински службите јадостависвојатапрограма во која се предвидени два предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина

Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси.

Програма на Локалниот младински совет на Општина Охрид за 2025 година:
1. ПРОЕКТ–**Низа на активности базирани на предлози од младите**
**1.1.**Со овој проект се опфатени конкретни теми и области кои суштински ја таргетираат младата популација на територија на Општина Охрид и имаат цел подобрување на младинскиот стандарт, задржување на младите во Охрид преку подобрување на економските можности, образование, раст и развој и подобрување на индивидуалните капацитети.

**1.2. Целна група:**

- Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и останати заинтересирани лица како на пример претставници на локалната самоуправа, бизнис секторот, невладиниот сектор итн.
- Млади кои се соочуваат со стрес, анксиозност и предизвици поради недоволното стекнати вештини.

**1.3. Цели на проектот:**

1. **Подобрување на емоционалната интелигенција**: Развивање на вештини за препознавање, изразување и управување со емоциите преку креативни активности.
2. **Понудување решенија за задржување на младите во Охрид**.
3. **Стратегии за справување со стрес и анксиозност**: Преку уметнички техники и практики на медитација, визуализација и релаксација.
4. **Да се покренат иницијативи за создавање на работни места, образовни можности и културни активности кои ќе ги задржат младите во градот**.
5. **Развивање на самосвест и самопочит**: Поддршка на младите да ја развијат позитивната слика за себе преку креативни изрази.
6. **Да се истражат причините за младинската иселеност во Охрид и да се обезбедат предлози за нејзино намалување**.
7. **Поддршка за решавање конфликти и подобрување на комуникацијата**: Користење групни активности за практично учење на решавање на конфликти.
8. **Подготовка за иднината и личен развој**: Помош при поставување и визуелизација на лични цели и амбиции.
9. **Создавање на платформа за дијалог помеѓу младите, локалните власти и бизнис секторот**.
10. **Да се подигне свеста за можностите кои се понудени во Охрид за младите да останат и развиваат свои кариери**.

**1.4. Опис на проектот и активностите:**

Работилници за градење на меки вештини кај младите за личен и професионален успех, со неколку под теми:

- Решавање на конфликти која има за цел развивање на комуникациски вештини и способност за решавање на конфликти

- Развивање на самосвест и саморазвој со цел поддршка на младите за личен развој преку техники и методи за самосвесност и себеразвивање.

- Справување со стрес и анксиозност е вештина која младите ќе ја стекнат преку креативни активности, вежби и задачи, како на пример „Визуелизација за релаксација“ и „Справи се со стресот со употреба на овие 5 чекори“.

Панел дискусија на тема: „Како да се намали младинската иселеност?“. Со оваа активност се планира да се дискутира со младите и со различни чинители во општеството на тоа како да ги задржиме младите во Охрид.

**1.5 Очекувани резултати**
- Препораки за стратегии кои ќе се имплементираат за намалување на младинската иселеност.
- Подобрување на комуникациските, лидерските и индивидуалните вештини кај младите.
- Развивање на способност за управување со време, решавање конфликти и емоционална интелигенција.
- Подобрување на младите за подобра конкурентност на пазарот на труд.
- Зголемена свесност за важноста на меките вештини во професионалниот и личниот живот.

**Извор на финансирање:**
Буџет на Општина Охрид

| **Трошоци за проектот:** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Експерт од областа на меките вештини и професионален развој | 6,000.00ден |
| Храна и освежување | 12,000.00ден |
| Фото + Видео документација | 12,000.00ден |
| Психолошки консултант (психолог) | 6,000.00ден |
| Промотивен и канцелариски материјал | 14,000.00ден |
| Модератор за панел дискусијата | 3,000.00ден |
| Патни трошоци | 6,000.00ден |
| Техничка опрема | 6,000.00ден |
| **Вкупно:** | **65,000.00**ден |

2. ПРОЕКТ **- Опремување и разубавување на младинско катче**
1.1 **Простор за настава и развој** кој ќе им служи на младите и учениците **при ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид**, а ќе претставува специјална просторија за обука, работилници или мали настани иможе да прерасне во катализатор за нивниот личен развој и меѓусебна поврзаност.

**1.2 Опис и цели на проектот**

Преку разубавување и модернизирање на младинското катче при ЛМО од Охрид, ќе се поттикнуваат младите за уште поголема активност во реализирањето на своите активности базирани на волонтерска работа, личен развој и врмежување со останатите младинци од градот и од околината. Со ова поддршка за подобрување на условите за работа ќе се поттикнат младите за поголема вклученост во секцијата, ќе имаат свое катче за поминување на слободното време заедно со своите врсници, ќе ја користат просторијата за подготовка за претстојните тестови и писмени работи, ќе се социјализираат и релаксираат и се разбира ќе креираат во подобрени и современи услови.

**Напомена:** Безбедноста на младите и здравјето е на прво место, па затоа сметаме дека со осовременување на младинското катче ќе имаме поквалитетни услови за работа и престојот во катчето ќе биде вистинско задоволство и уживање.

**1.2 Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“- Охрид, студенти, заинтересирани индивидуи во областа на младите, останати засегнати лица и останатите млади лица од тој дел на градот.

**1.3 Вклученост на младите**

Самиот проект би започнал со вклучување на младите во активностите на проектот каде што тие преку нивно активно вклучување би придонесле за реализирање на предвидените активности, ќе ги одразат своите потреби и желби и ќе креираат простор според нивен поглед и замисла. Во смисла, ќе помогнат за расчистување на просторијата, ќе го пренесат постоечкиот мебел и ќе направат поинаков распоред, ќе го монтираат плакарот, ќе го поврзат принтерот на статичниот компјутер што го имаат и сл. Ќе го “скројат“ просторот да биде пријатен, инспиративен и прилагоден на нивните потреби и интереси. Ќе створат мултифункционален дизајн што просторот ќе го направи флексибилен за да се користи за различни активности како учење, дружење, креативни работилници, музички или филмски вечери. Во кој ќе имаат софистицирана технологија, Wi-Fi пристап и електрични приклучоци за уреди за играње видео игри, аудио/видео опрема за презентации и забава.

**1.4 Очекувани резултати**

- Подобри услови за работа на ЛМО;
- Модерен и младински изглед;
- Современо опремен и функционален;
- Уредено младинско катче каде што младинците ќе можат редовно да ги спроведуваат своите состаноци и активности, притоа ќе ги имаат неопходните технички работи за успешна реализација на предвидените активности (проектор, принтер во боја, хартија за печатење и флипчарт листови, приклучоци за уреди,простор за уметничко изразување: ѕид за цртање, материјали за изработка на рачни дела, зона со удобни софи, перничиња и lazybags за релаксација.) со цел поуспешна и поквалитетна реализација на работилниците кои се многубројни во текот на една учебна година;
- Поголема мотивираност на младинците за волонтерска работа во која ќе биде препознаен нивниот активизам и следствено на тоа, ќе бидат дополнително мотивирани за работа поради подобрените услови за работа;

**1.5 Преглед на активности**

- Мобилизација на младите;
- Средби меѓу ЛМС и ЛМО;
- Координативни состаноци;
- Уредување и опремување на просторот;
- Обезбедување храна и вода;
- Набавка на потрошен и канцелариски материјал;
- Различни активности (креативни работилници,
музички или филмски вечери, едукации, предавања).
- On-line и медиумска промоција за време на целиот проект;
- Завршен настан: „Претставување на младинската просторијата“.

**1.6 Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| Трошоци за проектот: | Износ во денари |
|---|---|
| Принтер и потрошен материјал | 10,500.00ден |
| Бои и лакови | / |
| Храна и освежување | 15,000.00 ден |

| | |
|---|---|
| IT уред – ЛЦ Дпренослив проектор | 17,000.00 ден |
| Lazy bags | 10,500.00 ден |
| Канцелариски и промо. материјали | 16,000.00 ден |
| **Вкупно:** | **69.000** ден |

3. ПРОЕКТ **-“Здрав Охрид, младите возат велосипед “**

2.1 . Подигнување на свеста за употреба на велосипеди како алтернативен превоз.

**2.2Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и останати заинтересирани лица.

**2.3 Партнери во иницијативата**

Општина Охрид, IPA Ohrid, образовни институции, НВО, спортски, еколошки и велосипедски клубови.

**2.4 Реализирање на иницијативата**

**22 септември -** „Ден без автомобили“ – (дефиле на велосипеди) или во тек на март – мај ако дозволуваат временските услови

**Опис на иницијативата**

Правење на велосипедска прошетка низ Општина Охрид, каде вклучени ќе бидат ученици од 9 до 17 години од основни и средни училишта при Општина Охрид, студентите, заинтересирани лица и останатите млади на возраст од 15-29 години.

Во рамки на проектот вклучени ќе бидат и членови на Интернационална Полициска Асоцијација – Охрид (ИПА Охрид), во знак на поддршка која произлегува од потпишаниот меморандум за соработка со ИПА Охрид потпишана на 18.03.2024.

Преку оваа велосипедска прошетка низ Охрид би сакале да придонесеме за едукацијата и подигнување на свеста за правилата при користење на сообраќајот со велосипед, како и да испратиме порака за активен начин на живот и важноста на животна средина.

**Цели на иницијативата**

**Безбедност на патиштата и сообраќајна култура** – Преку учеството на ИПА Охрид, може да се стави акцент на важноста на безбедноста во сообраќајот и правилното користење на велосипедите, како и на учењето на младите за сообраќајните правила.

**Подигнување на свеста за активен начин на живот** – Велосипедизмот е одличен начин да се промовира физичката активност кај младите, особено во време кога дигиталната технологија ја зафаќа сета нивна внимателност.

**Екологија и заштита на животната средина** – Ќе се нагласи дека велосипедите се еколошки превозни средства, кои помагаат да се намали загадувањето на воздухот и сообраќајната гужва.

**Специфични цели:**

- Зголемување на употребата на велосипеди во секојдневниот живот.
- Намалување на загадувањето од моторните возила.
- Поттикнување на здрав животен стил преку физичка активност.
- Подобрување на инфрастуктурата за велосипедисти.

*1.* Очекувани резултати:

- Зголемена свесност за придобивките од возење велосипед кај најмалку 30% од целната група.
- Зголемен број велосипедисти за 10% во текот на 6 месеци.

- Предлог-план за подобрување на велосипедската инфраструктура во локалните заедници.

**Преглед на активности:**

- Организирање на „Ден без автомобили“.
- Инфраструктурна иницијатица со локалните власти за подобрување на велосипедската инфраструктура (велосипедски патеки, паркинзи за велосипеди, поставување на знаци и мапи за велосипедски патеки).
- On-line и медиумска промоција за време на целата иницијатива како: Образовна кампања за придобивките од возењето велосипед (еколошки, економски и здравствени аспекти).
- Координативни состаноци;
- Средби со здруженија, образовни институции, професори, клубови.

*2.* Заклучок

Иницијативата**“Здрав Охрид, младите возат велосипед“** ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на животот преку намалување на загадувањето, промоција на здрави навики и поттикнување на одржливи транспортни решенија. Успешното спроведување ќе има долгорочни позитивни ефекти врз младите и заедницата.

**2.5 Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| Трошоци за проектот: | Износ во денари |
|---|---|
| Печатење и промотивен материјал | 20,00.00 ден |
| Фото + видео документација | 12,000.00 ден |
| Храна и освежителни пијалоци | 20,000.00 ден |
| Техничка опрема | 12,000,00 ден |
| Патни трошоци | 2,000.00 ден |
| **Вкупно:** | **66,000.00**ден |

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Буџет на Општина Охрид | 200,000.00 ден |
| **Вкупно** | 200,000.00 ден |

| | |
|---|---|
| **Вкупен износ на програмата во денари** | 200,000.00 ден |
| **Буџет на Општина Охрид во денари** | 200,000.00 ден |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Програмата за работа на Советот на млади на Општина Охрид е изработена од членовите на Советот на млади на Општина Охрид во координација со претставници на општинската администрација. Целта на програмата е да делува во насока на реализирање на приоритетните цели за кои е основан Советот на млади на Општина Охрид. Програмата предвидува реализација на активности со кои се таргетира младинската популација на Општина Охрид како што е претходно наведено. Согласно политиката на Општина Охрид за транспаретност и отчетност пред граѓаните, пред конечното донесување на самата програма ќе биде претставена нацрт верзија на која преку јавна расправа младите ќе имаат можност нивните идеи да ги претстават пред Советот на млади и да ги интегрираат во самата програма.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА:**
јануари – декември 2025 година

**ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**
***1. поддршка на проекти кои се доследни на развојните цели а преку јавен повик општината ги определила како приоритетни за 2025 година***

Општина Охрид во изминатите три години (2021-2024 година) активно учествуваше во проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу двете инволвирани страни. Проектот Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан, ReLOaD2 беше финансиран од Европската унија и го спроведуваше програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во шест земји од Западен Балкан. Проектот траеше до декември 2024 година и истиот имаше за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија преку јакнење на граѓанското општество и младите за нивно активно учество во процесот на донесување одлуки. Со проектот се потикнуваа локалните власти да го користат јавното финансирање за граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, препознавaќи ги локалните потреби.

Согласно потпишаниот меморандум, Општина Охрид се обврза до крајот на декември 2024 година да издвои средства од општинскиот буџет во висина од 25% од вкупниот одобрен буџет на проектот.

**Според Меморандумот за разбирање меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации и општина Охрид со број 09-9395/1 од 13.09. 2021 година, општина Охрид се обврза од 2025 година целосно да ги финансира проектите кои одговараат на развојните цели кои преку јавна дебата општината ќе ги утврди како приоритетни за 2025 година.**

Во текот на 2025 година општина Охрид ќе објави јавен повик до граѓанските организации за поднесување предлог проекти кои се доследни на развојните цели кои преку јавен повик општината ќе ги определи како приоритетни за 2025.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за финансирање на проекти од јавен интерес за општина Охрид | ***2.500,000.00 МКД*** |

**Вкупен буџет за предлог нацрт годишна програма за Млади и НВО за 2025 година**

За успешна реализација на проктот „ReLOaD 2“ Општина Охрид, се обврзува да обезбеди средства од буџетот на општината во висина од минимум 25 % од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе се обезбедат во рамки на прогрмата за млади и невладини организации на општината

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***5,540,794,00*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***5,540,794,00*** |

**Напомена:** Со оглед на фактот што според единствената класигикација на буџетските програми не постои посебна програма за Млади и НВО, средствата планирани во оваа програма се буџетирани и контирани во буџетската програма Е0- Општинска администрација.

Оваа Нацрт програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/75**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/152**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид “ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) , Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ П Р О Г Р А М А
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2025 ГОДИНА

| Активности од областа на културата | Опис | Период на реализација | Носител | Износ |
|---|---|---|---|---|
| **МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| **Прличеви беседи** | Продолжување на долгогодишната традиција за промоција и негување на епохалното творештво на Григор С.Прличев | Февруари | Центар за култура “Григор Прличев”; Библиотека “Григор Прличев”; ООУ „Григор Прличев“; Општина Охрид НУ Библиотека,НУЦК Г.Прличев | **90.000,оо ден** |
| **Први детски Прличеви беседи** | Продолжување на долгогодишната традиција за промоција и негување на епохалното творештво на Григор С.Прличев и развивање на ораторските вештини кај младите луѓе | **март** | Општина Охрид, Здружение Охридски бисер, основни ии средни училишта | **40.000,оо ден** |
| **Фестивал „Охридско лето“** | Меѓународна културна промоција на Охрид | јули-август | Министерство за култура; НУ “Охридско лето”; Општина Охрид | **400.000,оо ден.** |
| **Охридски етно фестивал** | Почит, негување, заштита и промоција на македонското фолклорно културно наследство | 2025 | Општина Охрид и ЗГ „Арт пријатели“ | **250.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **„Вечер на Живко Чинго“** | Почит и негување на грандиозното книжевно дело на Живко Чинго | август | Општина Охрид; МЗ Велгошти; ООУ “Живко Чинго” –Велгошти | **100.000,оо ден.** |
| **Поетска ноќ во Велестово** | Меѓународна промоција на поетската реч и ликовната уметност | август | Здружение на граѓани “Поетска ноќ во Велестово”; МЗ Велестово; Општина Охрид | **130.000,оо ден.** |
| **Културно-забавно лето “На зајдисонце воТрпејца”** | Промоција на охридските природни убавини | Јули-август | Здружение за развој и промоција За “Трпејца со љубов”; Општина Охрид | **80.000,оо ден.** |
| **Културно лето - Пештани** | Промоција на охридските природни и културни убавини;меѓународна културна промоција на Охрид | август | Општина Охрид,МЗ Пештани Здружение за мултидициплинарни уметности „Арте Азура“ (м-р Валентина Толеска) | **100.000,оо ден** |
| **Поетска манифестација “Охридски бисер”** | Промоција на поетската реч | Јуни-јули | Здружение за литература и култура “Охридски Поетски бисер“; Општина Охрид | **50.000,оо ден.** |
| **Балкански – детско – младински камп: „Поетски искри од огништетото на Ванчо Николески”** | Меѓународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | Јуни-јули | Здружение за историја, литература, издаваштво, екологија и еко –туризам “Мацково” – Охрид; Општина Охрид | **100.000,оо ден** |
| **Поетски фестивал „Слушни го Езерото “** | Мешународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | Јуни -јули | Општина Охрид НУ Библиотека Григор Прличев | **60.000,оо ден** |
| **Книжевна манифестација Охридски книжевен мозаик** | Мешународна промоција на поетската реч и културна промоција на Охрид | 2025 | Општина Охрид М-Р Ивана Рилкоска Томеска Друштво на писатели на Македонија | **30 000,оо ден** |
| **„Иванден 2025“** | Негување на богатото културно-историско минато на Охрид и Македонија | јули | Општина Охрид, МЗ Велгошти ЗГ Велгошка гордост | **20.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **„Ноќ спроти Илинден“** | Негување на светлите традиции на Илинден | август | Општина Охрид Здруженија на граѓани,Општински основни и средни училишта, поединци | **30.000,оо ден** |
| **„Видевден“-Поетска манифестација во чест на Видое Видиќески** | Почит, негување и продолжување на ликот и делото на Видое Видически | 2025 | Општина Охрид, НУ Библиотека Г.Прличев, ЗГ за култура и уметност Вибрации 369 | **30.000,оо ден** |
| **Фестивал на виното и музиката** | Промоција на винската традиција и меѓународна културна промоција на Охрид | 2025 | Општина Охрид,Продукциски куќи, авторски агенција, винарии | **900.000,ооден** |
| **Охридска етно ризница Лескоец 2025** | Почит, негување, заштита и промоција на македонското фолклорно културно наследство во Лескоец | 2025 | Општина Охрид<br>Здружение Спасовден Лескоец | **50.000,оо ден** |
| | | | **ВКУПНО:** | **2.460.000,оо ден** |
| **<u>ВЕРСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ОД ВЕРСКИ КАРАКТЕР</u>** | | | | |
| **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање** | Продолжување на традицијата и негување на верските обичаи | јануари | Здружение на граѓани „Бадникови поворки”;Здружение за грижи и воспитување на децата на Охрид; МПЦ-Охридска архиепископија; Општина Охрид | **120.000,оо ден.** |
| **Богојавление - Водици** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот | јануари | Македонска православна црква; Општина Охрид | **1.000.000,оо ден.** |
| **Василичарски Карневал во с.Куратица** | Продолжување на вековната традиција и обичаите по повод празникот | јануари | МЗ Куратица,Здружение на граѓани Св. Василиј ;<br>Општина Охрид | **120.000,00 ден.** |
| **Карневал „Емшири“во Велгошти по повод празникот Прочка** | Продолжување на долгогодишната традиција и обичаите по повод празникот | Февруари-март | Општина Охрид,<br>Месна Заедница Велгошти,<br>ЗГ Коњанички спорт | **35.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Прочка во Велгошти | | | |
| **Ифтарска вечер** | Негување и продолжување на верските традиции | април | Општина Охрид; Исламска верска заедница | **200.000,оо ден.** |
| **Заветот на овчарот- верска манифестација по повод празникот Успение на Пресвета Богородица, Скребатно** | Негување и продолжување на верските традиции | август | Општина охрид<br>Црковен одбор Скребатно МПЦОА,МЗ Лескоец, МЗ Скребатно | **60.000,оо ден** |
| **Црковно-верска манифестација<br>Голема Богородица во Завој** | Негување и продолжување на верските традиции | 2025 | Општина Охрид, МЗ Завој, Воведение 2014 Завој | **50.000,оо ден** |
| **13-та Меѓународна научна конференција„ Водици 2025’** | Негување, надоградување на знаењата | 2025 | Општина Охрид, МАНУ,УКИМ, Здружение за напредни истражувања | **70.000,оо ден** |
| **Поддршка на други верски манифестации, организации и настани и објекти од верски карактер** | Негување и продолжување на верските традиции | континуиран о | Општина Охрид, Здруженија на граѓани, верски заедници | **100.000,оо ден** |
| | | | **Вкупно:** | **1.755.000,оо ден.** |
| **<u>ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ</u>** | | | | |
| **Издавање книга:<br>Книга за светите браќа Климент и Наум Охридски (второ издание)** | Негување на светиот лик идело на светите браќа Кирил и Методиј и културна промоција на Охрид | 2025 | Општина Охрид | **100.000,оо ден.** |
| **Издавање книга:<br>Охридски фолклористи** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2025 | Општина Охрид, | **200.000,оо ден** |
| **Издавање книга:<br>Охридска книжевна историографија** | Негување и сочувување на културното наследство и културна промоција на Охрид | 2025 | Општина Охрид | **200.000,оо ден** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 31 | Изработка, монтажа и демонтажа на 10 врати | 2025 | ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти | Буџет на општина Охрид | 220.000,00 | 0 | 0 |
| 32 | Рампа за лица со инвалидитет | 2025 | ООУ „Живко Чинго “ с.Велгошти | Буџет на општина Охрид | 0 | 235.354,00 | 0 |
| 33 | Санација на паркет во спортска сала | 2025 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 0 | 1.027.000,00 | 0 |
| 34 | Реконструкција на санитарни јазли | 2025 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 0 | 1.593.000,00 | 0 |
| 35 | Уредување на училишен двор | 2025 | ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Буџет на општина Охрид | 678.500,00 | 0 | 0 |
| 36 | Набавка на спортска опрема и реквизити за часовите по ФЗО и спорт | 2025-2027 | Во сите училишта | Буџет на општина Охрид | 600.000,00 | 0 | 0 |
| 37 | Набавка на машини за чистење | 2025-2027 | Во ООУ „Христо Узунов“ и „Григор Прличев“ | Буџет на општина Охрид | 400.000,00 | 0 | 0 |
| | **Вкупно НА**: | | | | **95.108.073,00** | **131.371.064,00** | **55.000.000,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/78** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/155** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА (Н2)**

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ**

Главните цели на годишната Нацрт- програма на општина Охрид во областа на средното образование за 2025година- Н2 програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на средното образование;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес;

- Развој на образовниот процес;

Оттука ,активностите на Општина Охрид во областа на средното образование во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на оваа Нацрт-програма, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема, неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Активностите во областа на средното образование, планирани за 2025 година, ќе се финансираат од Буџетот на МОН – блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни и еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените;

**За 2025 година со Нацрт-програмата на Општина Охрид за средно образование предвидени се, 189.465.000,00денари блок дотација ,2.550.000,00 денари општински средства, 3.409.800,00 денари сопствени средства и 7.340.306,00 денари од проекти и донации.**

| | ОПИС | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок- дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Др.извори* |
| | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| 1. | Плати и придонеси | Контиунуирано | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 142.000.000,00 | | | |
| 2 | Регрес за годишен одмор | Законски основ | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 3.000.000,00 | | | |
| 3 | Јубилејни награди за вработените | По Колективен договор за јавна администрација | | 1.000.000,00 | | | |
| 4. | Режиски трошоци | Континуирано | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 11.500.000,00 | | 232.000,00 | |
| 5 | Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост од училиштето од најмалку 2,5 км | Септември-јуни | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 24.800.000,00 | | | |
| 6. | Канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала,ситен инветар | Континуирано | МОН,Општина Охрид,средни училишта | 1.300.000,00 | | 903.800,00 | |
| 7. | Манифестации организирани по разни поводи (патронати, државни празници) | Континуирано | средни училиштата | | логистика | 320.000,00 | Донатори |
| 8 | Поддршка на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари во средните училишта | мај-јуни | Општина Охрид Блок дотација средни училишта | 200.000,00 | | 179.000,00 | |
| 9 | Матурска парада | мај | Општина Охрид Блок дотација средни училишта | 200.000,00 | | | |
| 10. | Патни расходи | континуирано | Средни училишта | | | 274.000,00 | |
| 11. | Копирање и печатење | | | 50.000,00 | | 55.000,00 | |
| 12. | Наградување на ученици кои | 24 мај | Општина Охрид | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | освоиле први места на државни и меѓународни натпревари, избор на првенец на генерацијата како и организација на манифестацијата „24 ти Мај – ден на Сесловенските просветители„ | | Блок дотација средни училишта | 200.000,00 | 550.000,00 | | |
| 13. | Осигурување на објектите | Континуирано (законски основ) | Општина Охрид Средни училишта | 165.000,00 | | 50.000,00 | |
| 14. | Тековно одржување на објекти и опрема | | | 1.000.000,00 | | 230.000,00 | |
| 15 | Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Континуирано(законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 200.000,00 | | 40.000,00 | |
| 16 | Чистење на оџаци и парни котли | Континуирано(законски основ) | Општина Охрид средни училишта | | | логистика | |
| 17. | Дератизација,дезинфекција дезинсекција | Континуирано (законски основ) | Општина Охрид средни училишта | 50.000,00 | | | |
| 18 | Доделување стипендии на ученици | јануари-јуни | Општина Охрид | | 2.000.000,00 | | |
| 19. | Субвенционирање на превозот на наставниците кои патуваат од руралните средини (Меморандум за соработка меѓу СОНК и општина Охрид) | Септември-јуни | СОНК, Општина Охрид | | | | |
| 20. | Договорни услуги | | | 300.000,00 | | 555.000,00 | |
| 21. | Исплата на средства по основ отпремнини ,солидарна помош и др.трансфери | Тековно (законски основ) | Средни училишта | 1000.000,00 | | | |
| 22. | Огласи и др. Оперативни расходи (семинари,конференции,обуки) | Тековно | Средни училишта | 600.000,00 | | 351.000,00 | |
| 23. | Вонучилишни и др. Образовни услуги | Тековно | Средни училишта, проекти од програмата на Еразмус+ | 600.000,00 | | 220.000,00 | 7.340.306,00 |
| 24. | Доделување на стипендии на студенти | Јануари-јуни | Буџетските средства за реализација на | | 1.000.000,00 Овие | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | оваа програма се предвидени во програмата Совет на општина Охрид | | средства не влегуваат во вк.износ на оваа Програма | | |
| 25. | Мониторинг и патролно обезбедување на средните училишта на територијата на општина Охрид | Тековно | Буџет на општина Охрид | 1.300.000,00 | | | |
| | **ВКУПНО:** | | | **189.465.000,00** | **2.550.000,00** | **3.409.800,00** | **7.340.306,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/79** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2025-2027 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/156** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027 ГОДИНА (НБ)

### ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Нацрт Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2025 – 2027 година (НБ Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во средните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Нацрт Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2025 – 2027 година (НБ Програма) на Секторот за јавни дејности поставена на овој начин за тригодишен период ќе овозможи услови за полесно работење, а ќе создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од МОН, од блок

дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни и еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените,

**Вкупно предвидените средства во буџетот за НБ Програмата за 2025 година изнесуваат 19.572.000,00 денари од кои: 1.553.000,00 ден се сопствени средства, 4.484.000,00 ден. средства од Буџет на општина Охрид и 13.535.000,00 се од блок дотација.**

Во Програмата НБ се предвидени следните капитални инвестиции и активности:

| | ОПИС | РОК | ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА ВО КОЈА Е ПРЕДВИДЕНА АКТИВНОСТА | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | УТВРДЕНИ СРЕДСТВА ПО ГОДИНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2025 | 2026 | 2027 |
| 1. | Модификација на машинска потстаница (систем на греење со топлинска пумпа) | 2025-2027 | ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид | Блок дотација | | 12.390.000,00 | 0 |
| 2. | Реконструкција на гимназиска зграда (внатрешни ѕидови, кров, под и столарија) | 2025-2027 | ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 4.130.000,00 | 39.185.000,00 | 39.185.000,00 |
| 3 | Набавка на апарати за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и хидранти | 2025 | ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид | Буџет на општина Охрид | 354.000,00 | 0 | 0 |
| 4 | Набавка на компјутерска опрема | 2025 | ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид | Блок дотација | 1.400.000,00 | 0 | 0 |
| 5 | Изработка на проекти и елаборати и надзор на градби од А и Б категорија | 2025 | Средни училишта | Блок дотација | 500.000,00 | 0 | 0 |
| 6 | Реконструкција на објекти | 2025 | Средни училишта | сопствени средства | 800.000,00 | 0 | 0 |
| 7 | Набавка на опрема и машини | 2025 | Средни училишта | сопствени средства | 753.000,00 | 0 | 0 |
| 8 | Санација на ѕидови во спортска сала | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 600.000,00 | 0 | 0 |
| 9 | Санација на паркет во спортска сала | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 818.560,00 | 0 | 0 |
| 10 | Дополнување на систем за | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и | Блок дотација | 1.500.000,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | греење во спортска сала | | Методиј“ | | | | |
| 11 | Набавка и монтажа на спортски реквизити за спортска сала | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 300.000,00 | 0 | 0 |
| 12 | Набавка на училишен мебел и опрема | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 1.200.000,00 | 0 | 0 |
| 13 | Набавка, транспорт и монтажа на две влезни сензорни врати | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 600.000,00 | 0 | 0 |
| 14 | Реконструкција и санација на ограда | 2025 | СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ | Блок дотација | 700.000,00 | 0 | 0 |
| 15 | Опремување на автомеханичарска работилница | 2025 | „ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ | Блок дотација | 5.916.440,00 | 0 | 0 |
| 16 | Поставување на фотоволтаици | 2025 | „ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ | МОН | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО: | | | | **19.572.000,00** | **51.575.000,00** | **39.185.000,00** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/80**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-годишната програма на општина Охрид за детска заштита за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/157** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА (В1)**

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Основните цели на годишната Нацрт-програма за детска заштита за 2025 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на детската заштита и
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на процесот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на детската заштита во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Нацрт- програма пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните проекти за 2025 година.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените,

Финансирањето на активностите од областа на детската заштита планирани за 2025 година ќе биде од средства на Министерството за труд и социјала, од сопствени приходи на градинката, од буџетот на општина Охрид и од донации. Износот на блок дотацијата за 2025 год. е **77.063.477,00** ден., износот на планираните сопствени средства е **19.092.336,00** денари , а планираните општински средства изнесуваат **16.500.000,00** денари.

| | О П И С | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Блок дотации | Општински средства | Сопствени средства | Др.извори |
| | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | | | | | | |
| | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| 2. | Плати и придонеси за вработените | Тековно | детска градинка, МТС | 67.579.416,00 | | | |
| 3 | Регрес за годишен одмор | | | 1.503.260,00 | | | |
| 4 | Јубилејни награди | | | 570.300,00 | | | |
| 5 | Режиски трошоци | Тековно | Општина Охрид, МТС, детска градинка | 6.927.243,00 | 4.262.000,00 | 51.500,00 | |
| 6 | Прехрамбени продукти | Тековно | детска градинка | | | 13.860.836,00 | |
| 7 | Дополнителен кадар ангажиран во градинката | Тековно | Општина Охрид, МТС, детска градинка | 0 | 12.238.000,00 | | |
| 8. | Тековно одржување на објектите и опремата | Тековно | детска градинка | | | 1.015.000,00 | |
| 9 | Средства за хигиена | Тековно | Детска градинка | | | 960.000,00 | |
| 10. | Осигурување на објектите | Тековно (законски основ) | Детска градинка | | | 60.000,00 | |
| 11 | Санитарни и систематски прегледи на вработените во градинката | Тековно (законски основ) | Детска градинка | | | 176.000,00 | |
| 12. | Материјали и ситен инвентар | Тековно | Детска градинка | | | 1.110.000,00 | |
| 13. | Канцелариски материјали,списанија,весници | Тековно | Детска градинка | | | 494.000,00 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Униформи и обувки | Тековно | Детска градинка | | | 0 | |
| 15. | Договорни услуги | За заштита при работа и ризик | Детска градинка | | | 350.000,00 | |
| 16 | Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | Тековно (законски основ) | Детска градинка | | | 130.000,00 | |
| 17. | Закупнина за просториите од училиштата кои ги користи детската градинка | Тековно | детска градинка | | | 378.000,00 | |
| 18. | Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Тековно (законски Основ) | детска градинка МТС | 483.258,00 | | 0 | |
| 19. | Семинари,огласи и др.оперативни расходи | Тековно | детска градинка МТС | | | 477.000,00 | |
| 20. | Патни расходи | Тековно | детска градинка | | | 30.000,00 | |
| | **Вкупно:** | | | **77.063,477,00** | **16.500.000,00** | **19.092.336,00** | |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/81** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2025-2027 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2025-2027 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/158** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ РАЗВОЈНА ПРОГРАМА**
**ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2025-2027 ГОДИНА (ВА)**

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Нацрт Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2024 – 2026 година (ВА Програма) ќе бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во објектите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид („Централна“, „Развигорче“, „Лихнида“, „Росица“ и „Билјана“) и групите формирани во други просторни услови во ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти и ООУ „Кочо Рацин“, на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники во воспитување и згрижување на децата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар воспитно-образовен процес претставува предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа Нацрт Програма треба да овозможи современи услови за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, пријатни услови за децата и воспитувачите кои поголемиот дел од денот го поминуваат во градинката. Нацрт Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2025 – 2027 година (ВА Програма) на

Секторот за јавни дејности на овој начин, за тригодишен период ќе овозможи услови за полесно работење, а ќе создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа нацрт програма ќе се финансираат од МТСП преку блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на градинката и од донации.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни и еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените,

**За 2025 година во буџетот на општина Охрид за оваа Програма се предвидени вкупно 10.976.000,000 ,00 ден. од кои: 4.776.000,00 денари сопствени средства и 6.200.000,00 ден. од Буџет на општина Охрид.**

Во Програмата ВА се предвидени следните капитални инвестиции и активности

| | ОПИС | РОК | ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА ВО КОЈА Е ПРЕДВИДЕНА АКТИВНОСТА | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | УТВРДЕНИ СРЕДСТВА ПО ГОДИНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2025 | 2026 | 2027 |
| 1. | Изградба на нов објект | 2025-2027 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект „Централна„ | Буџет на општина Охрид Светска банка МТСП | 0 | 35.000.000,00 | 0 |
| 2. | Изработка на основен проект со сите фази за реконструкција и надградба | 2025-2027 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект „Централна„ | Буџет на општина Охрид | 0 | 600.000,00 | 0 |
| 3. | Набавка на маси и столчиња за трпезарии и набавка на шкафчиња и друг мебел | 2025-2027 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“- за сите објекти | Сопствени средства | 1.861.000,00 | 0 | 0 |
| 4 | Комплетна реконструкција на паркетот во холовите и занималните | 2025-2027 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект „Росица “ | Буџет на општина Охрид | 1.200.000,00 | 0 | 0 |
| 5 | Реконструкција на фасади | 2025-2027 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ – објект „Билјана“ | Буџет на општина Охрид | 5.000.000,00 | 0 | 0 |
| 6 | Реконструкција на фасади | 2025-2027 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ – објект „Лихнида “ | Буџет на општина Охрид | 0 | 7.500.000,00 | 0 |
| 7 | Реконструкција на електрична инсталација и перална | 2025 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект „Развигорче„ и „Централна | Сопствени средства | 1.050.000,00 | 0 | 0 |
| 8 | Набавка на клима и котел | 2025 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект „Росица„ и група во објект на ООУ „Кочо Рацин“ | Сопствени средства | 815.000,00 | 0 | 0 |
| 9 | Молерисување | | Објект „Росица“ и „Лихнида“ | Сопствени средства | 600.000,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Набавка на камери и апарати за евиденција | 2025 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ | Сопствени средства | 450.000,00 | 0 | 0 |
| 11 | Реконструкција и адаптација на простор | 2025 | ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект на ООУ „Кочо Рацин“ | МТСП | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно ВА**: | | | | **10.976.000,00** | **43.100.000,00** | **0** |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/82**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- годишната програма на општина Охрид за социјална и здравствена заштита за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/159**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ**

Социјалната и здравствената заштита игра клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид.

Основните цели на Годишната предлог –Програма за социјална и здравствена заштита за 2025 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на социјалната заштита и
- Изнаоѓање форми за утврување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на социјална заштита во 2025 година ќе бидат насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2025 година.

**Важна напомена:** Ова програма е родово сензитивна. Активностите предвидени во неа овозможуваат комплетни и еднакви права, одговорности и можности и за мажите и за жените,

Финансирањето на активностите од областа на социјалната заштита планирани за 2025 година ќе биде од средства на донатори и од буџетот на општина Охрид. Износот на средства на општина Охрид изнесува 7.602.000,00 денари , а донатори и други институции е во износ од 330.000,00 денари

| | **О П И С** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *Општински средства* | *Донатори* | *Институции* |
| | **АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| 1. | Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Ангажирани 6 (шест)образовни асистенти во средните училишта | Од 1ви јануари 2025 до 10 Јуни 2025 | Општина Охрид, Агенција за вработување,Министерство за труд и социјална политика | | 192.000,00 | УНДП 330.000,00 Општина Охрид 192.000,00 | |
| 2. | Субвенционирање на трошоци за комунални услуги | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 2.300.000,00 | | |
| 3. | Образовен додаток за студенти | октомври | Општина Охрид | | 360.000,00 | | |
| 4. | Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Јануари-јуни | Општина Охрид | | 750.000,00 | | |
| 5. | Еднократна финансиска поддршка за „згрижувачки семејства„ (финансиската поддршка се дава по згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари) | Јануари-март | Општина Охрид | | 120.000,00 | | |
| 6. | Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна | Јануари-март | Општина Охрид | | 150.000,00 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид (15000 денари по семејство) | | | | | | |
| 7. | Финансиска поддршка на проекти од јавен интерес во областа на социјалната и здравствена заштитата на општина Охрид за 2025 година (предвидените средства ќе бидат распределени после спроведен јавен повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во делот на здравствената и социјалната заштита) | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 3.650.000,00 | | |
| 8. | Даночни обврски кон УЈП (персонален данок) | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 80.000,00 | | |
| **Вкупно:** | | | | | **7.602.000,00** | **330.000,00** | |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/83**
**04.12.2024 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2025-2027 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт- развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2025-2027 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/160** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ-РАЗВОЈНА ПРОГРАМА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2025-2027 ГОДИНА**

Развојната програмата за уредување на градежно земјиште за 2025-2027 година, изработена од Секторот за комунални дејности , сообраќај и улици во која се инкорпорирани капитални проекти ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани.

Целта на ваквото програмирање е создавање предуслови за задоволување на потребите и услугите на граѓаните, подобрување на квалитетот на живот и заштита на животната средина.

Висината на инвестициите е утврдена по направена предмер пресметка преку согледување на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Развојната програма содржи временска рамка за реализација на капиталните инвестиции, финансиска конструкција, извори на финансирање и контрола над примената на програмата.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува Општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Согласно степенот на реализација на одредени инвестициони активности предвидени во развојната програма за периодот 2025-2027 година и насоките на општината за преземање на активности од развоен карактер, согласно буџетските средства, во наредниот тригодишен период, општина Охрид ќе се фокусира на следните кативности од развоен карактер:

- подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;
- асфалтирање и реконструкција на улици и пристапни патишта во урбани средини;
- поплочување и одржување на тротоари и улици во урбани средини;
- партерно уредување на јавни сообраќајни површини ;
- изградба на системи за водоснабдување во урбани средини ;
- изградба и реконструкција на фекална канализација во урбани средини;
- изградба и реконструкција на атмосферска канализација во урбани средини;
- асфалтирање и реконструкција на улици и пристапни патишта во рурални средини;
- поплочување и одржување на тротоари и улици во рурални средини;
- изградба на системи за водоснабдување во рурални средини ;
- изградба и реконструкција на фекална канализација во рурални средини;
- изградба и реконструкција на атмосферска канализација во рурални средини.

Согласно погоре наведеното, со оваа програма во периодот за кој се однесува ќе се реализираат активности кои се однесуваат и проекти за водоснабдување, со што во голема мера ќе се подобри квалитетот на живот во Општина Охрид.

Проширувањето на градежните зони, зголемувањето на населението во градот ја налага потребата од натамошно размислување за зголемување на водоснабдувањето на град Охрид и околните населени места. Обезбедувањето на чиста вода за пиење со поевтини трошоци по пат на гравитација, налага водоводно каптирање на сите извори со акцент на реализација на проектот за водоснабдување на Охрид и населените места со вода од Изворот Дувло.

Со оваа програма исто така ќе се реализираат инфраструктурни зафати кои се тесно поврзани со изградба на системи за одведување на канализациона и одпадна вода како и изградба на системи за одведување на атмосверска канализација. Посебен акцент ќе се стави на реализација на проекти поврзани со одведување на атмосверска канализација.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште
Б) Изворни приходи на општината
В) Средства од разни домашни и меѓунардни институции

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од правни и физички лица а се однесуваат на спроведување на детални урбанистички планови.

## 1.РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2025– 2027 година

**А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА , ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно детални урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 30.000.000,оо |
| 2 | Обврски за плаќање по спогодби и договори по основ на експропријација | 30.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **60.000.000,оо** |

**А.1. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА НАД СУДСКИ УТВРДЕНИОТ ЛИМИТ СОГЛАСНО ОДОБРЕНОТО МЕСЕЧНО РАСПОЛАГАЊЕ СО БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Исплата на обврски за градежни активности за одржување, реконструкција и изградба на инфраструктурни објекти во претходни години | 30.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **30.000.000,оо** |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 8.000.000,оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 5.000.000,оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 5.000.000,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 1.500.000,оо |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 1.000.000,оо |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 1.500.000,оо |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 2.000.000,оо |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 1.000.000,оо |
| 1.9. | Трошоци за геомеханички испитувања | 1.000.000,оо |
| 1.10. | Изработка на проектна техничка документација за водоводен систем Свинишки Извори Охрид | 3.000.000,оо |
| 1.11. | Изработка на проектна документација за водоводни линии и инсталации на подрачје на општина Охрид | 9.000.000,оо |
| ВКУПНО : | | **38.000.000,оо** |

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**
**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на кружна раскрсница Здружение на возачи | 10.000.000,оо |
| 2. | Реконструкција на дел од ул. „ Гоце Делчев“ од пресек со ул. „ Абас Емин “ до пресек со ул. „ Махмуд Рифат“ | 40.000.000,оо |
| 3. | Реконструкција на од ул. „ Мирче Ацев “ со краци кои се спојуваат со истата улица | 6.000.000,оо |
| 4. | Реконструкција на ул. „ Аџи Мустафа “ | 8.200.000,оо |
| 5. | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев – бараки | 6.200.000,оо |
| 6. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 4.000.000,оо |
| 7. | Асфалтирање на краци на ул. „ Ристо Чадо “ | 5.000.000,оо |
| 8. | Реконструкција на од ул.„ Шар Планина “ | 3.000.000,оо |
| 9. | Реконструкција на улица „ Анастасија Узунова“ | 1.700.000,оо |
| 10. | Реконструкција на краци на ул. „ Абас Емин “ | 3.000.000,оо |
| 11. | Асфалтирање на краци на ул. „130 “ | 2.200.000,оо |
| 12. | Асфалтирање на дел од ул. „ Македонски Просветители“ и крак од ул. „ Дејан Војвода“ | 13.000.000,оо |
| 13. | Реконструкција на ул. „ Даме Груев“ | 7.000.000,оо |
| 14. | Реконструкција на улици во УЗ Билјанини Извори | 8.000.000,оо |
| 15. | Реконструкција на улици УЗ Воска | 12.000.000,оо |
| 16. | Реконструкција на улица со тротоар Македонски Просветители пред Вајкики | 6.000.000,оо |
| 17. | Реконструкција на улици во УЗ Лескајца | 8.000.000,оо |
| 18. | Реконструкција на дел од ул. „ Даме Груев“ пресек од Бул. Туристичка до пресек со ул. Питу Гули | 15.000.000,оо |
| 19. | Дел од улица 7 ми Ноември од пресек со ул. Македонски Просветители до оресек со улица Егејска | 30.000.000,оо |
| 20. | Реконструкција на ул. Кленоец | 20.000.000,оо |
| 21. | Реконструкција на ул. Гоце Делчев од пресек со ул. Абас Емин до пресек со улица Махмуд Рифат | 40.000.000,оо |
| 22. | Реконструкција на улици и тротоари во комплекс Охридати | 20.000.000,оо |
| 23. | Асфалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни патишта до објекти врз основа на издадени одобренија за градба и извршена легализација | 40.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **308.300.000,оо** |

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на ул. „Димитар Влахов“ со хортикултурно уредување | 8.000.000,оо |
| 2. | Реконструкција и поплочување на тротоар на ул. | 10.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | „Партизанска “ со хортикултурно уредување | |
| 3. | Реконструкција на тротоари и велосипедски патеки на ул. „Булевар Туристичка“ | 12.000.000,оо |
| 4. | Преуредување на камени плочки на улици „ Цар Самоил “ , „ Илинденска“ и ул. „ Кочо Рацин“ | 4.000.000,оо |
| 5. | Уредување на простор и пешачка патека на ул. „Климентов Универзитет “ | 1.500.000,оо |
| 6. | Преуредување на пристапни патеки во Стар Град | 10.000.000,оо |
| 7. | Реконструкција на јавен простор - потег пресек ул. „Абас Емин“ со ул. „ Македонски Просветители“ ( пред градски пазар) | 10.000.000,оо |
| 8. | Преуредување на постојни тротоари и пешачки патеки на подрачје на град Охрид | 10.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **65.500.000,оо** |

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на плоштад Крушевска Република и пристапни краци према стара чаршија и „ Македонски Просветители“ | 42.000.000,оо |
| 2. | Реконструкција на простор Градски плоштад ( кружно и зелен парк ) | 15.000.000,оо |
| 3. | Реконструкција и санација на простор парк Ден Долард | 12.000.000,оо |
| 4. | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 9.000.000,оо |
| 5. | Одржување и санација на пешачки патеки,јавни површини и платоа | 8.000.000,оо |
| 6. | Изградба и уредување на речно корито од Билјанини Извори до пресек со Бул. Туристичка | 10.000.000,оо |
| 7. | Изградба на велосипедска патека Охрид – Св. Стефан | 10.000.000,оо |
| 8. | Изградба на парк за домашни миленици | 1.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **107.000.000,оо** |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 30.000.000,оо |
| 2. | Реконструкција на водоводна линија на ул. „Гоце Делчев “ | 13.000.000,оо |
| 3. | Реконструкција на водоводна линија на ул. „Дејан Војвода “ | 4.000.000,оо |
| 4. | Реконструкција на водоводна линија на крак на ул. „Ариф Мустафа “ | 2.000.000,оо |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа за комплекс кај Моби Петрол на бул. Туристичка | 12.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Изградба на водоводна мржа за комплекс згради на ул. Асном | 12.000.000,оо |
| ВКУПНО: | | **73.000.000,оо** |

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 30.000.000,оо |
| 2. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Васил Главинов “ | 2.000.000,оо |
| 3. | Нивелирање и санација на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 3.000.000,оо |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација на ул. „ Гоце Делчев“ | 10.000.000,оо |
| 5. | Набавка и поставување на пумпи на ул. „Коста Абраш“ | 1.000.000, оо |
| 6. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација за комплекс кај Моби Петрол на бул. Туристичка | 25.000.000,оо |
| 7. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација за комплекс згради на ул. Асном | 25.000.000,оо |
| 8. | Спроведување на активности за бушотини за техничка вода | 3.000.000,оо |
| ВКУПНО: | | **99.000.000,оо** |

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**
**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба, одржување и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 8.000.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 5.200.000,оо |
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 7.000.000,оо |
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 4.000.000,оо |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | 4.000.000,оо |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани | 6.000.000,оо |
| 7. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Елшани | 2.000.000,оо |
| 8. | Изградба и реконструкција на улична | 2.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | патна мрежа во с. Трпејца и Љубаништа | |
| 9. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Подмље | 3.000.000,оо |
| 10. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Орман | 1.000.000,оо |
| 11. | Пристапен пат автокамп Љубаништа | 6.000.000,оо |
| 12. | Локален пат од с.Куратица до Магистрален пат Охрид – Битола | 12.000.000,оо |
| 13. | Доизградба на патен правец од с. Речица до с. Плаќе | 10.000.000,оо |
| 14. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 5.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **75.200.000,оо** |

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини ( с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец; с. Косел ,с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача ,с.Елшани) | 15.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **15.000.000,оо** |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 250.000,оо |
| 2. | санација на водоводни линии и изведба на бушотини во с. Косел, Вапила и Ливоишта | 1.200.000,оо |
| 3. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 9.200.000,оо |
| 4. | Изградба на отворени канали со пропусти | 8.000.000,оо |
| 5. | Изградба на фекална канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 15.000.000,оо |
| 6. | Доизградба на дел од фекална канализациона мрежа во рурални средини | 7.500.000,оо |
| 7. | Изградба на примарна фекална канализациона мрежа во с. Трпејца | 60.000.000,оо |
| ВКУПНО: | | **101.150.000,оо** |

| | |
|---|---|
| Вкупно за А ( А1), Б, В (В.1;В.2;В.3;В.4;В5), Г ( Г1;Г2;Г3;) од Буџетот на Општина Охрид за 2024 година | **972.150.000,оо** |

**Г. 4. Проекти финансирани од други нивоа на Власт**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект на пристапните патеки кои се во рамките на Градските Гробишта во град Охрид | 25.386.266,оо |
| 2. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект улица во село Долно Лакочереј во град Охрид | 5.702.006,оо |
| 3. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект за локалниот пат во село Опеница кој води до црквата Св. Кузман и Дамјан – Општина Охрид | 6.117.208,оо |
| 4. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект – колален пат во село Куратица, Општина Охрид | 9.395.160,оо |
| 5. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект- локален пат до крстосница за село Рамне до црква Св. Атанасиј Општина Охрид | 19.513.291,оо |
| 6. | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект за улици во село Пештани | 5.784.784,оо |
| 7. | Основен Проект за реконструкција на инфраструктурен објект за улица во село Подмоље во Град Охрид | 2.416.009,оо |
| 8. | Проект за замена на постоечка опрема во пумпена станица „Метропол“ во Општина Охрид | 39.074.222,оо |
| 9. | Основен проект за реконструкција на водоводна линија на ул. Кленоец – ЛТХ Леарница | 28.855.436,оо |
| ВКУПНО | | **142.244.382,оо** |

Динамиката на изведување на активностите ќе биде согласно динмаиката на обезбедување на потребните финансиски средства како од буџетот на општината така и од соодветните министерства, државни фондови, ИПА програми, Биро за регионален развој и Југозападниот плански регион.

Предложената развојна програма ќе подлежи на годишна проверка и корекција, согласно степенот на реализација на пооделни инвестициони активности.

Оваа Нацрт Развојна Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/84** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште во 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/161**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА**

**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

Предмет на оваа програма е менаџирање со градежното земјиште што се наоѓа на територијата на општина Охрид, за време на календарската 2025 година.

Оваа програма претставува континуитет на превземените активности за уредување на градежно земјиште од претходните години и се базира на искуства во поглед на потребите за планско уредување на градот како и изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти во надлежност на општината. Уредување на градежно земјиште е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежна парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежна парцела. Програмата за уредување на градежно земјиште е сеопфатна со цел да се овозможи задоволување на потребите на граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени објекти и друго.

При планирање на програмата земени се во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родова еднаквост.

**Цели на програмата за уредување на градежно земјиште**

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку правење просторни услови за развој на населените места односно создавање на квалитетни услови на живеење на граѓаните.

**Програмата ги предвидува сите потребни активности и средства во процесот на:**

1. Постапката на експропријација и плаќање на стари обврски;

2. Изготвување на техничко проектна документација, елаборати и други документи;
3. Уредување на градежно земјиште во урбани средини и
4. Уредување на градежно земјиште во рурални средини.

Поаѓајќи од законската регулатива, важечките урбанистички планови и потребите на граѓаните во оваа програма посебен акцент се става на :

1. Просторот кој е предмет на уредување;
2. Обемот на работите и средствата за подготвување и расчистување на градежното земјиште и другите градежни објекти;
3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
4. Начинот на финансирање и
5. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти, средства потребни за испитување на материјалите и контрола на истите.

## 1. *ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ*

*Како простор кој е предмет на уредување се смета изграденото и неизграденото земјиште на територијата на општина Охрид, со населбите, како и подрачјето за станбена и друга изградби одредени со ГУП за град Охрид, како и важечката урбанистичка документација за градот. Врз основа на просторот кој е предмет на оваа програма, активностите се поделени и тоа:*

- *активности во урбани средини и*
- *активности во рурални средини*

## 2. *ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ И СРЕДСТВАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ*

**Во активностите опфатени со оваа позиција потребно е да се извршат следните активности:**

А) Подготвителни работи

- Оформување на геодетска документациа;
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

Б) Расчистување на градежното земјиште.

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште ( градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо .
- Расчистување на постоечки инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнување на уредувањето на градежното земјиште.

## *3.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СООБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА*

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

***Основен степен на уреденост претставува опременост со :***

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

***Дополнителна опременост на земјиштето:***

- изградба и санација на кабловска мрежа во соработка со кабловските оператори;
- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување.

**Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела** :

а) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:
- основни градски сообраќајници ( примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини ( улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- овозможување и планирање на примарни и секундарни ТТ мрежи со приклучни ормари.

в) Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела.

Опремување на објектите од комуналната инфраструктура ќе се врши до границите на градежната парцела на начин што ќе се овозможи пристап на истата до инфраструктурни објекти утврдени со Законот за градење.

**4.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Извори на финансирање:

*надомест за уредување на градежно земјиште, притоа водејќи посебна сметка, трошоците за уредување градежно земјиште уплатени од страна на инвеститорите на објекти да бидат наменети за уредување на градежното земјиште во подрачјето на градот опфатено или дефинирано со постојни урбанистички планови;

*трансфери и финансиска поддршка од повисоки нивоа на власт(Јавно претпријатие за државни патишта, Биро за регионален развој, Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој како и фондови од ЕУ и др грантови).

Програмата опфаќа активности за изградба, санација и реконструкција на други објекти како активност во процесот на одржување целосна функционалност на јавните површини.

**1. НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2025 година**

**А. НАДОМЕСТОК ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА , ПЛАЌАЊЕ СТАРИ ОБВРСКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Средства за експропријација на земјиште за отварање на пристапни патишта и улици согласно урбанистички планови и издадени одобренија за градба | 10.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **10.000.000,оо** |

**Б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТНО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЕЛАБОРАТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ**

| Ред.бр | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна и техничка документација** | |
| 1.1. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба, реконструкција, санација и одржување на улична патна мрежа | 2.500.000,оо |
| 1.2. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба на водоводна мрежа, резервоари и друга опрема | 500.000,оо |
| 1.3. | Изработка на проектно - техничка документација за изградба и реконструкција на канализациони и атмосферски системи | 700.000,оо |
| 1.4. | Стручна ревизија на проекти | 300.000,оо |
| 1.5 | Изработка на елаборати за заштита на животна средина при изготвување на проекти | 150.000,оо |
| 1.6 | Изработка на геодетски елаборати | 300.000,оо |
| 1.7 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција | 400.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | и одржавање на објекти | |
| 1.8 | Трошоци за лабараториско испитување на квалитетот на материјали и консултански услуги | 200.000,оо |
| ВКУПНО : | | **5.050.000,оо** |

**В.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**
**В. 1 АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на кружна раскрсница Здружение на возачи | 10.500.000,оо |
| 2. | Реконструкција на дел од ул. „ Мирче Ацев “ со краци кои се спојуваат со истата улица - втора фаза | 2.000.000,оо |
| 3. | Реконструкција на ул. „ Аџи Мустафа “ | 4.500.000,оо |
| 4. | Реконструкција на улици во населба Гоце Делчев – бараки | 2.500.000,оо |
| 5. | Изградба и реконструкција на паркинг места | 500.000,оо |
| 6. | Реконструкција на дел од ул.„ Шар Планина “ | 600.000,оо |
| 7. | Реконструкција на дел од улица „ Васил Стефоски“ | 500.000,оо |
| 8. | Реконструкција на дел од улица „ Никола Петров Русински“ | 300.000,оо |
| 9. | Реконструкција на дел од ул.„ Сатеска “ | 300.000,оо |
| 10. | Реконструкција на крак на улица „ Гоце Делчев “ | 1.500.000,оо |
| 11. | Реконструкција на дел на улица „ Кирил и Методиј “ | 1.500.000,оо |
| 12. | Реконструкција на дел од улица „ Сирма Војвода “ | 1.000.000,оо |
| 13. | Реконструкција на дел од улица „ Прилепска “ | 1.400.000,оо |
| 14. | Реконструкција на дел од улица „ Даме Груев “ | 2.000.000,оо |
| 15. | Реконструкција на дел од улица „ Стив Наумов “ | 1.000.000,оо |
| 16. | Реконструкција на дел од улица „ Пере Тошев “ | 1.000.000,оо |
| 17. | Реконструкција на дел од улица „ Петар Поп Арсов “ | 1.000.000,оо |
| 18. | Реконструкција на дел од улица „ 8 ми Март “ | 600.000,оо |
| 19. | Реконструкција на дел од улица „ Кленоец “ | 600.000,оо |
| 20. | Реконструкција на краци од улица „ 15 ти Корпус “ | 600.000,оо |
| 21. | Реконструкција на дел од улица „ Дејан Војвода “ | 1.200.000,оо |
| 22. | Реконструкција на дел од улица „ Нада Филева “ | 1.200.000,оо |
| 23. | Реконструкција на дел од улица „ Момчило Јорданоски“ | 900.000,оо |
| 24. | Асфалтирање на краци на ул. „130 “ | 600.000,оо |
| 25. | Асфалтирање на дел од ул. „ Македонски Просветители“ | 9.000.000,оо |
| 26. | Реконструкција на дел од ул. „Македонски Просветители“ со тротоари пред Вајкики | 2.300.000,оо |
| 27. | Реконструкција на ул.„ Гоце Делчев“ од пресек со ул. „ Абас Емин “ до пресек со ул. „ Махмуд Рифат“* *Вкупниот трошок по овој основ изнесува 40.000.000, оо денари и се предвидени во Развојната програма 2025 – 2027 година . | 3.000.000,оо |
| 28. | Асфалтирање пристапен пат Чекоштина | 500.000,оо |
| 29. | Асфалтирање, тампонирање и реконструкција на пристапни патишта до објекти врз основа на издадени одобренија за градба и извршена легализација | 4.200.000,оо |
| ВКУПНО | | **56.800.000,оо** |

**В.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција и поплочување на тротоар на дел од ул. „Димитар Влахов“ со хортикултурно уредување | 3.500.000,оо |
| 2. | Преуредување на камени плочки на улици „ Цар Самоил “ „„Кузман Капидан“ „ Петар Чаулев“ | 1.600.000,оо |
| 3. | Преуредување на пристапни патеки во Стар Град | 2.000.000,оо |
| 4. | Преуредување на постојни тротоари и пешачки патеки на подрачје на град Охрид | 3.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **10.100.000,оо** |

**В.3 ИЗГРАДБА , УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ДРУГИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на плоштад Крушевска Република 2025 год., почетни активности | 3.000.000,оо* |
| 2. | Санација и изградба на потпорни ѕидови во Општина Охрид | 2.000.000,оо |
| 3. | Одржување и санација на пешачки патеки,јавни површини и платоа | 1.600.000,оо |
| 4. | Изградба на катна гаража * <br> * Вкупниот трошок по овој основ изнесува 150.000.000,оо денари и се предвидени во Развојна програма 2025 – 2027 година | 10.000.000,оо |
| 5. | Уредување на дел од канал Студенчишта ( Кај Билјанини Извори ) | 8.000.000,оо |
| 6. | Изградба на велосипедска патека Охрид – Св. Стефан * <br> * Вкупниот трошок по овој основ изнесува 18.000.000, оо денари и се предвидени во Развојната програма 2025 – 2027 | 3.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **27.600.000,оо** |
| *Согласно проектот, за кој сеуште не е добиено Одобрение за градба се очекува активностите да се одвиваат во буџетската 2025 и 2026 година.Наведениот износ 3.000.000, оо денари претставува дел од вкупните трошоци кои би се реализаирале во 2025 година . Целокупниот износ на проектот е опфатен во Развојната програма 2025 – 2027 година . | | |

**В.4. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на водоводни линии за доизградба на водоводен систем согласно издадени одобренија за градба и извршени легализации | 5.500.000,оо |
| 2. | Реконструкција на водоводна линија на ул. „Гоце Делчев “ дел активности 2025 година | 3.000.000,оо * |
| 3. | Реконструкција на водоводна линија на крак на ул. „Ариф Мустафа “ | 1.000.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Изградба на водоводна мрежа на ул. Прилепска и ул. Будва | 1.500.000,оо |
| ВКУПНО: | | **11.000.000,оо** |

*Наведениот износ од 3.000.000,оо денари претставува дел од вкупните трошоци кои се реализираат во 2025 година. Износот на проектот изнесува 9.000.000 и е опфатен со развојната програма 2025-2027.

**В.5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНИ И АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улична фекална и атмосферска канализација на постојни мрежи во Општина Охрид согласно реализација на урбанистички плански документации и издадени одобренија за градба | 6.000.000,оо |
| 2. | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „ Васил Главинов“ | 1.000.000,оо |
| 3. | Нивелирање и санација на канализциони шахти, сливници и промена на капаци | 1.000.000,оо |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација на ул. “ Гоце Делчев“ од пресек со ул. „ Абас Емин “ до пресек со ул. „ Махмуд Рифат“ | 3.000.000,оо |
| 5. | Доизградба на систем за примарна канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 11.500.000,оо |
| 6. | Трансфер на средства од Министерство за животна средина за изградба на примарна канализациона мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 8.000.000,оо* |
| ВКУПНО: | | **30.500.000,оо** |

**Г.УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**
**Г.1. АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба, одржување и реконструкција на улична патна мрежа во с. Велгошти | 2.000.000,оо |
| 2. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Лескоец | 2.000.000,оо |
| 3. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Горно и Долно Лакочереј | 2.000.000,оо |
| 4. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Рача и Велестово | 800.000,оо |
| 5. | Изградба и реконструкција на улична | 600.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | патна мрежа во с. Коњско и Шипокно | |
| 6. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Пештани* | 2.500.000,оо |
| 7. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Свињишта | 600.000,оо |
| 8. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Плаќе | 4.000.000,оо |
| 9. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Куратица | 700.000,оо |
| 10. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Косел | 600.000,оо |
| 11. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Вапила | 500.000,оо |
| 12. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Орман | 500.000,оо |
| 13. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во с. Елшани | 1.000.000,оо |
| 14. | Изградба и реконструкција на улична патна мрежа во рурални средини | 2.500.000,оо |
| ВКУПНО | | **20.300.000,оо** |

**Г.2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици, тротоари, и други површини во рурални средини ( с. Куратица ; с. Велгошти; с. Лескоец;с. Косел ; с. Горно и Долно Лакочереј; с.Коњско; с. Пештани ;с. Рача ,с.Елшани) | 2.000.000,оо |
| ВКУПНО | | **2.000.000,оо** |

**Г.3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ**

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на каптажа за вода во с. Коњско | 500.000,оо |
| 2. | Санација на водоводни линии и изведба на бушотини во с. Косел, Вапила и Ливоишта | 1.000.000,оо |
| 3. | Поправка и санација на постојни водоводни мрежи во рурални средини | 1.300.000,оо |
| 4. | Доизградба на дел од фекална канализациона мрежа во рурални средини | 2.000.000,оо |
| ВКУПНО: | | **4.800.000,оо** |

| | |
|---|---|
| Вкупно за А, Б, В (В.1;В.2;В.3;В.4;В5), Г ( Г1;Г2;Г3;) од Буџетот на Општина Охрид за 2024 година | **178.150.000,оо** |

**Г.4. ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ**

| Ред.бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект на пристапните патеки кои се во рамките на Градските Гробишта во град Охрид | 25.386.266,оо |
| 2 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект улица во село Долно Лакочереј во град Охрид | 5.702.006,оо |
| 3 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект за локалниот пат во село Опеница кој води до црквата Св. Кузман и Дамјан – Општина Охрид | 6.117.208,оо |
| 4 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект – колален пат во село Куратица, Општина Охрид | 9.395.160,оо |
| 5 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект- локален пат до крстосница за село Рамне до црква Св. Атанасиј Општина Охрид | 19.513.291,оо |
| 6 | Основен проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект за улици во село Пештани | 5.784.784,оо |
| 7 | Основен Проект за реконструкција на инфраструктурен објект за улица во село Подмоље во Град Охрид | 2.416.009,оо |
| 8. | Проект за замена на постоечка опрема во пумпена станица „Метропол“ во Општина Охрид | 39.074.222,оо |
| 9. | Основен проект за реконструкција на водоводна линија на ул. Кленоец – ЛТХ Леарница | 28.855.436,оо |
| ВКУПНО | | **142.244.382,оо** |

Напомена : Опфатените средства во точка Г.4. се извесни со склучени договори и утврдени обврски на Општина Охрид.

1. Динамика на извршување на програмата

Динамиката на извршување на програмата зависи од приливот на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите извори на финансирање.

Надзор на реализацијата на горенаведените активности, проверка на пристигнатата финансиска документација од извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/85** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за енергетска ефикасност за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/162** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ- ПРОГРАМА**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Предговор**

Во согласност со Законот за енергетска ефикасност, единицата на локалната самоуправа ја имплементира својата тригодишна Програма за енергетска ефикасност (ПЕЕ) преку годишен Акционен План (АП) за Енергетска ефикасност.

Акциониот План за Енергетска Ефикасност на Општина Охрид ги дефинира приоритетните проекти кои ќе се спроведат во текот на годината 2025 со кои се дефинира три-годишната Програма за Енергетска Ефикасност (ПЕЕ) од 2024 до 2026, во согласност со Законот за енергетска ефикасност.

Со изработката на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општината (ОПЕЕ), општината има за цел рационално и ефикасно да ги користи сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот, а со тоа постои можност за пренасочување на финансиските заштеди во подобрување на останатите сектори во општината.

Под ингеренции на Општина Охрид се секторот објекти: објектите на основните училишта и градинките, административната општинска зграда, јавното комунално претпријатие и јавното и улично осветление.

Со намалување на потрошувачката на енергија во наведените сектори, се намалуваат финансиските трошоци за енергија и се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на жителите во општината.

**ЕЕ проекти кои се вклучени во акциониот план**

Во согласност со националниот Акционен план за енергетска ефикасност предвидени се мерките кои се опфатени во него. Предвидените мерки спаѓаат во секторот јавни објекти. Според АПЕЕ енергетската потрошувачка во овој сектор главно ја сочинува електричната енергија, топлинската енергија и нафтените производи (нафта за греење, таканаречено „Д2” гориво итн.). Се предвидува на краткорочен план, фокусот да биде ставен на јавниот сектор, бидејќи е полесно истиот да биде опфатен со мерки на политиката.

**Буџет за реализација на проектна документација за ЕЕ за 2025 год.**

Вкупниот проценет буџет за спроведување на годишниот Акционен План (АП) за годината 2025 изнесува 900.000 МКД,истиот е прикажан во табелата дадена подолу.

Заради потребата годишната програма да соодветствува на реалните можности, се планира за следната 2025 година реализацијата од сопствени средства да изнесува 900.000 денари, а средствата потребни за непосредна реализација да се обезбедат комбинирано, како и сопствени така и од надворешни извори, затоа што тие средства за непосредната реализација се многу поголеми и истите се координираат и се реализираат преку соодветните општински сектори, во чија надлежност се објектите предмет на ЕЕ.

| **Тип** | **Извор** | **предвидени средства за Е. Е. (ден/год.)** |
|---|---|---|
| **Сопствени средства за:** | Општински Буџет за 2025 година | |
| 1. Изработка на годишен план за 2025 година, како дел од реализацијата на тригодишна програма за ЕЕ 2024-2026. | | 520.000,00 |
| 2. Консултантски услуги | | 100.000,00 |
| 3. Изготвување на Проектна Програма за изработка на основен проект за станица на гас | | 130.000,00 |
| 4. Годишно одржување на три фото напонски станици: Општина зграда, ОУ во с. Пештани и ОУ с. Велгошти | | 150.000,00 |
| **Вкупно:** | | 900.000,00 |

Во изминатиот период, Општина Охрид, по пат на јавна набавка изработи, преку соодветни проектантски бироа: тригодишната програма (изработена од Центарот за енергетска ефикасност МАЦЕФ - Скопје) за енергетска ефикасност 2024-2026, како и физибилити студии за поставување на фотоволтаични станици на објектите под ингеренција на општината како и за станица за гас на потегот Гимназија, ОУ Григор Прличев, Градинка, Економско средно училиште и административна зграда на Општината. Следните фази се изработка на поединечни основни проекти, финансиска инвестициона конструкција и секако, нивна реализација.

**Учесници и извршители на програмата: Тим за енергетска ефикасност**

Општинската програма за енергетска ефикасност (ОПЕЕ) е среднорочен план и документ за политиката што ќе се спроведува во општината. Претставници и експерти од Општина Охрид се вклучени во развојот на ОПЕЕ. Ова овозможува создавање на правилни процедури во организацијата на општината за подоцна истите да бидат користени според предвиденото во Програмата.

За оваа цел, во рамките на организационата структура на општината се предлага да се формира тим за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим) и задачите на членовите ќе бидат дефинирани со правилник за систематизација на работните задачи.

Како дел од стратегијата за енергетска ефикасност, Општината има формирано тим за Енергетска Ефикасност (ЕЕ тим) на локалната администрација.
Тимот за енергетска ефикасност е одговорен за работата поврзана со енергетската ефикасност со следните надлежности:

- координира и спроведува проекти за енергетска ефикасност во општината, следи и доставува извештаи за остварените резултати;
- учествува во планирање на општинскиот буџет за трошоците за енергија и одржувањето на објектите во надлежност на општината, како и јавното осветление;
- работи и управува со базата на податоци на јавните објекти и нивно следење;
- иницира и координира активности со владини и невладини организации за спроведување на проекти за енергетска ефикасност како и донаторски организации и фондови коишто подржуваат локален развој;
- помага при подготовка на тендерски документи и соработува со надворешни експерти и консултанти за енергетски прегледи, управување со проекти, итн.
- тимот го предводи раководител на тимот, а описот на неговите работни задачи и на останатите членови, се дефинирани соодветно и се ажурираат по потреба.

Успехот на Програмата е целосно зависен од посветеноста, учеството и ангажираноста на Раководителот на Тимот за Енергетска Ефикасност. Покрај другите, основни задачи на раководителот на тимот за енергетска ефикасност се:

- Да управува со проекти за развој на ОПЕЕ во општината;
- Да ги одредува улогите, одговорностите и мандатите на ЕЕ Тимот;
- Да ја објаснува содржината и да ги распределува задачите во ЕЕ Тимот, а доколку е потребно, да покани и други личности од општината како привремени членови на тимот или да ангажира надворешни советници;
- Да ја следи и навремено да известува за напредокот на Програмата до Градоначалникот;
- Да дава извештаи за напредокот и развојот на ОПЕЕ пред советот на Општина Охрид;
- Да ја следи употребата и надградувањето на базата на податоци и соодветното ажурирање на податоците за потрошувачка на енергија во општинските објекти.

Членовите на Тимот за Енергетска Ефикасност треба да соработуваат за извршување на задачите, да ги одредуваат задачите и да ги контролираат резултатите. Општи одговорности на членовите на тимот за енергетска ефикасност се:

- Поврзување на ОПЕЕ со визијата и стратегијата за развој на општината и истражување на правната рамка за развој и спроведување на Програмата;

- Одредување, следење и ажурирање на долгорочни и среднорочни цели за 2024-26г.;
- Да работаат на формирање и управување со базата на податоци, собирање и чување на податоците (типовите на градба на објекти, технички системи, енергетски системи, извори на енергија и уреди, и др.);
- Собирање и анализирање на неопходните факти и основни информации за идентификација на пречките и подготовка на Нацрт документи за Општинскиот Совет за развој на Програмата за Енергетска Ефикасност;
- Опишување/ажурирање на состојбата во општината за објектите под општинска надлежност и потрошувачката на енергија, правење на основни проценки и пресметка на потенцијалите за енергетска ефикасност во општината;
- Развивање на акциски планови за енергетска ефикасност за секоја година, вклучувајќи финансиски предвидувања и потреби за финансирање од рамките на буџетот на општината со детален опис на активностите и временски распоред, инвестициони заштеди, профитабилност, влијанија врз човековата средина, подобрување на квалитетот на општинските услуги и дополнителни придобивки;
- Развивање на финансиски план за спроведување на ОПЕЕ, вклучувајќи финансиски шеми, финансиски извори, капитал (извори од буџетот на општината), можни финансиски институции, донаторски програми, фондови со посебна намена, итн;
- Организирање и спроведување на Програмата со вклучени инвестиции, распореди, трошковни планови, учесници и спроведувачи на програмата, модалитети за изведба на програмата (подизведувачи и советници);
- Вршење на мониторинг и контрола за утврдување на енергетската состојбата во општинските објекти и јавното осветление;
- Организација на следење, проценки и известување за развојот на Програмата.

□□□□□□□: □□□□□□□□□□□□□ □□ □□□□□□□□ □□ □□□□□□□□□□□ □□□□□□□□□□□ □□□□□□□□ □□ □□□□□□□□□□ □□□□




За успешно функционирање на сите учесници во спроведување на ОПЕЕ, потребно е нивна меѓусебна и постојана комуникација како што е прикажано на горната слика.

## СЛЕДЕЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Мониторинг на Програмата за енергетска ефикасност

Редовниот мониторинг е клучен елемент на процесот на спроведување на Програмата за енергетска ефикасност. Мониторингот и евалуацијата (M&E) може да опфатат различни фази и аспекти од процесот на Програмата за енергетска ефикасност. Тоа обично започнува од самиот почеток и продолжува во текот на имплементацијата на програмата. Строго се препорачува мониторингот и евалуацијата (M&E) да продолжи и после временската рамка на Програмата за енергетска ефикасност, со цел како би можело ПЕЕ да создаде долгорочни влијанија врз локалната економија, енергетскиот сектор, животната средина и човековото однесување.Со цел да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, потребно е да се вршат мерења во различни временски периоди и да се врши споредба на резултатите со пресметаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачка на енергија (топлинска и електрична)
- Споредба на амбиенталните услови во објектите (температурни разлики, степен на осветленост и влажност)
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за трошоците за енергија.

Откако ќе се имплементираат предвидените активности во Програмата за енергетска ефикасност, добиените резултати треба да се споредат со резултатите пред интервенцијата и на тој начин да се утврди дали е постигната предвидената цел. Доколку не е постигната целта тогаш се испитува причината зошто не е постигната и се утврдуваат недостатоците во системот доколку такви постојат и истите треба да се отстранат. Во случај резултатите да се како претпоставените или подобри, тогаш се донесува заклучок дека целта е постигната.

**Резиме**

Како дел од процесот на континуирано следење, имплементираните проекти можат да се оценат преку нивното влијание врз потрошувачката на енергија и намалување на емисиите на $CO2$. Врз основа на резултатите и набљудуваните проблеми, доколку воопшто има некој, може да се превземат дополнителни корективни и превентивни мерки и активности.

Резултатите од мониторинг и евалуација (M&E) може да доведат до промена и надградба на Програмата за енергетска ефикасност. Ажурираната ПЕЕ ќе послужи како основа за развој на Акциониот план за наредната година.

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/86**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/163**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ -ПРОГРАМА ЈФ**
**ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

Со оваа програма се уредува организацијата на поставувањето, заменувањето или отстранувањето на сообраќајни знаци, сообраќајна сигнализација и заштитна опрема на општинските патишта.

Поставувањето, заменувањет и отстранувањето на сообраќајни знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на техничка документација, одобрена од Министерството за внатрешни работи.

Цел на оваа програма е превземање на активности за одржување во функционална состојба на светлосната, хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно техничка опрема, проектирање на документација за утврдување/измена на режим на сообраќај како и изведба на нова сообраќајна сигнализација заради непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на општина Охрид.

Во табеларниот приказ е даден целосен опис на активностите кои произлегуваат од законските и подзаконските акти, при што како подпрограми се наведени активности во поглед на вертикалната сообраќајна сигнализација, хоризонталната сообраќајна сигнализација и останатата опрема на пат.

**1. ВЕРТИКАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| ОПИС | | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Поправка, одржување и замена на постојана вертикална | 450.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| | сообраќајна сигнализација | |
| 2. | Набавка и поставување нова вертикална сообраќајна сигнализација | 650.000,оо |
| 3. | Набавка и одржавање на сверни огледала на улици низ Општина Охрид | 250.000,оо |
| ВКУПНО: | | **1.350.000,оо** |

2. **ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| ОПИС | | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Машинско и рачно обележување на пешачки премини, стоп линии , стрелки за насочување на сообраќај, паркинг простори, испрекинати и полни линии | 3.000.000,оо |
| 2. | Машинско обележување на автобуски, такси постојки, и паркинг за инвалиди | 400.000,оо |
| 3. | Машинско обележување на пешачки премини, вибрациони ленти, пешачки премини и други ознаки со топла и ладна пластична маса | 800.000,оо |
| 4. | Машинско обележување на велосипедски патеки | 1.200.000,оо |
| ВКУПНО: | | **5.400.000,оо** |

3. **ЗАБАВУВАЧИ НА СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ДРУГА СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА, ПОДРШКА И ОРГАНИЗИРАЊЕ ПРОЕКТИ ОД СООБРАЌАЈОТ**

| ОПИС | | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Поставување и одржавање на забавувачи на сообраќај на улици низ Општина Охрид | 750.000,оо |
| 2. | Поставување и одржавање на ПВЦ сообраќајна опрема, светлосни катадиоптери на коловоз и друга сообраќајна опрема | 250.000,оо |
| | ВКУПНО | **1.000.000,оо** |

**Вкупно за ЈФ ............................................................................................................ 7.750.000,оо**
**Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Охрид за 2025 година.**

Надзор на реализацијата на горенаведените активности, проверка на пристигнатата финансиска документација од извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/87** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиноски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНА ОПРЕМА-ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за урбана опрема-изградба и одржување за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/164** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА ЈН**
**Урбана опрема – изградба и одржување**
**за 2025 година**

Со оваа програма се уредува законската обврска и потребата на општината за уредување, оплеменување и хуманизација на просторот преку одржување на постојната и изградбата на нова урбана опрема.

Цел на оваа програма е подобрување и почитување на локалниот урбан предел и создавање безбедна јавна површина како и средена и пријатна околина,улици, плоштади и други јавни површини.

Во оваа програма се опфатени средства и соодветната набавка на урбана опрема дадени во прилог на табелата.

**1. ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** |
|---|---|---|
| **1.** | Одржување на автобуски постојки | 100.000,оо |
| **2.** | Реконструкција на клупи и корпи | 150.000,оо |
| **3.** | Реконструкција на детски и повеќенаменски игралишта | 650.000,оо |
| **4.** | Реконструкција на велосипедски терминали | 50.000,оо |
| **5.** | Одржување на рампи , ступчиња и држачи | 150.000,оо |
| **6.** | Санација на детски реквизити | 300.000,оо |
| ВКУПНО | | **1.400.000,оо** |

**2. ИЗГРАДБА НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** |
|---|---|---|
| **1.** | Набавка , поставување и опремување на нови автобуски постојки | 300.000,оо |
| **2.** | Набавка и поставување на клупи , корпи и пепелници | 500.000,оо |
| **3.** | Изградба на детски и повеќенаменски игралишта | 7.500.000,оо |
| **4.** | Набавка и поставување на велосипедски терминали | 200.000,оо |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | Набавка и поставување на рампи , ступчиња и држачи | 300.000,оо |
| **6.** | Изградба на фонтани на кружни раскрсници | 2.500.000,оо |
| **7.** | Набавка и поставување на урбана опрема | 800.000,оо |
| ВКУПНО | | **12.100.000, оо** |

**ВКУПНО ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА - 13.500.000,оо денари .**
**Програмата ќе биде финансира од Буџет на Општина Охрид .**

Надзор на реализацијата на горенаведените активности, проверка на пристигнатата финансиска документација од извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.
Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици**.**

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/88** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за други комунални услуги за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/165** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМА**
**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2025 ГОДИНА**

Со оваа програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржување и заштита на речните корита, суводолици и канали преку ангажирање на градежна механизација, активностите за заштита на населението од заразните и незаразните болести преку дезинфекција, дезинсекција и дератизација, активностите наменети за решавање на комунални проблеми, активности за традиционалното украсување новогодишно украсување и декорирање на градот како и активности одржување на другите објекти на подрачјето на општина Охрид.
Во продолжение на оваа програма се проследени активностите кои ќе се извршуваат во 2025 година и потребните средства за нивна реализација.

## Други комунални услуги

| Ред. Бр. | ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Изградба и уредување на речни корита | 3.000.000,оо |
| 2. | Машинско и рачно чистење и одржување на речни корита, суводолици и канали на територија на Општина Охрид | 1.800.000,оо |
| 3. | Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на Општина Охрид,свлечишта и одрони | 500.000,оо |
| 4. | Изнајмување на мобилни тоалети | 300.000,оо |
| 5. | Исплата на обврски за изнајмување на мобилни тоалети од претходни години | 300.000,оо |
| 6. | Новогодишно украсување | 2.800.000,оо |
| 7. | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 800.000,оо |
| 8. | Хидродинамичко пробивање на цевоводни системи, шахти, таложници со специјални возила и опрема | 900.000,оо |
| 9. | Набавка на опрема за одржување и чистење на улици * <br> * Вкупниот трошок по овој основ изнесува 30.000.000,оо денари, а исплатата ќе се врши на 36 еднакви месечни рати | 10.000.000,оо |
| 10. | Ангажирање на механизација и набавка на материјал за санација на депонија Буково | 2.000.000,оо |
| 11. | Набавка на градежна механизација за потребите на Општина Охрид | 11.600.000,оо |
| 12. | Изградба на парк за домашни миленици | 500.000,оо |
| ВКУПНО: | | **34.500.000,оо** |

| Динамика за извршување на плански активности од подпрограма **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** за 2025 година | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци <br> -I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција) <br> -II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | ✓ мај/јуни ( во зависност од временските прилики) <br> ✓ јули |

| | |
|---|---|
| теренско запрашување против комарци на крајбрежен појас на Охридско езеро како и делови од речните корита<br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br><br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | ✓ април/мај ( во зависност од временските прилики)<br>✓ јуни<br><br>✓ јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>I –во третирање<br>II –ро третирање | ✓мај<br>✓октомври |

**Извор на финансирање:**

| | |
|---|---|
| **Буџет на Општина Охрид за програма Други комунални услуги 2025 година** | **34.500.000,оо** |

Надзор на реализацијата на горенаведените активности, проверка на пристигнатата финансиска документација од извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/89** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/166** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ ПРОГРАМАТА J6**
**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА 2025 ГОДИНА**

Со оваа годишна програма која се темели на промоција, афирмација и имплементација на документи, проекти, мерки како и активности за подобрување на сообраќајната инфраструктура и режим на сообраќај, се предлагаат мерки и активности за изградба, реконструкција, заштита и одржување на одредени патни правци, локални улици и патишта на територијата на општина Охрид за 2025 година со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и комуникацијата и безбедноста на корисниците на овие инфраструктурни градби.

Целта на оваа програма е превземање активности за одржување на општинските улици и патишта во функционална состојба за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на општина Охрид.

Распределбата на средствата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај по активности ќе се врши на следниот начин:

А) Изработка на сообраќајни проекти за режим на сообраќај

Изработката на ваков вид на проекти треба да овозможи законски пристап во однос на регулирање на сообраќајот, зголемена динамика на истиот и целосна безбедност на учесниците во сообраќајот.

Годишната програма на одвивање на сообраќајот во градот бара сериозен пристап особено во летните месеци кога значително е зголемен бројот на учесници во сообраќајот. Покрај другото овие проекти треба да понудат соодветни решенија во услови на промена на режимот на сообраќај предизвикан од соодветни активности и други состојби.

Проектите ќе бидат изработени од правни и физички субјекти лиценцирани за ваков вид на услуга.

Б) Санирање на улици и патишта со крпење на ударни дупки

Исправноста на колозовот е значаен фактор за безбеден и функционален сообраќај. Редовната контрола на коловозот и крпење на појавените ударни дупки е активност со кој ќе се овозможи квалитетен коловоз. Од тие причини во програмата се предвидени активности за следење, контрола и преземање на активности за санација на истите со соодветна асфалтна маса и алтернативно бехатон елементи.

В) Зимско одржување на локалните патишта во општина Охрид

Со цел овозможување функционалност на патната мрежа во Охрид, во оваа програма предвидени се средства за одржување на истата во зимски услови. Како активност која соодвејствува со оваа програма е чистење на коловозот од снег и третирање на истиот со соодветен материјал против замрзнување. Оперативниот план за видот на машините кој ќе бидат користени при чистење на патот како и улиците ки ќе бидат предмет на активности ќе биде изработен од страна на јавното претпоријатие Ј.П .Охридски Комуналец.

Г) Чистње и уредување на заштитен појас покрај улица и пат

Средствата наменети за оваа активност опфаќаат чистење на банкините и риголи од нанос и одрони, кастрење на дрва покрај пат и редовно одржување на пропустите и каналите покрај патот.

**Категоризација на улици за зимско чистење**

| | | |
|---|---|---|
| | ***1-ва група на улици*** | |
| 1 | ул. Јане Сандански | |
| 2 | ул. Питу Гули | |
| 3 | ул. 7-ми Ноември | |
| 4 | ул. Македонски Просветители | |
| 5 | ул. Партизанска | |
| 6 | ул. Димитар Влахов | |
| 7 | ул. Абас Емин | |
| 8 | ул. Кирил и Методиј | |
| 9 | ул. Илинденска | |
| 10 | ул. Гоце Делчев | |
| 11 | ул. Марко Цепенков ( од кружна крстосница кај болница до кружна крстосница со Момчило Јорданоски) | |
| 12 | ул. Момчило Јорданоски ( од кружна крстосница до населба Гоце Делчев) | |
| 13 | ул.Сирма Војвода | |
| 14 | ул. Кузман Јосифоски | |
| 15 | ул. Марко Несторoски | |
| 16 | ул. Коста Абраш | |
| 17 | ул. Самоилова | |
| 18 | ул. Асном | |
| 19 | Кеј Македонија | |
| | ***2-ра група на Улици:*** | |
| 1 | ул. Стив Наумов | |
| 2 | ул. Даме Груев | |
| 3 | ул. Карпош Војвода | |
| 4 | ул. Марко Цепенков ( од кружна крстосница до Стобекс) | |
| 5 | ул. Ристо Чадо ( од Здружение на возачи до Стобекс) | |
| 6 | ул. 1-ва Македонска Ударна Бригада ( од ул.Питу Гули до Стобекс) | |
| 7 | ул. Живко Чинго ( од ул.15-ти Корпус до ОУ Живко Чинго) | |
| | | |
| | ***3-та група на Улици:*** | |
| 1 | ул. Стив Наумов ( од Булевар Туристичка до ул.8-ми Март) | |
| 2 | ул. 8-ми Март (од ул.Железничка до ул.Стив Наумов) | |
| 3 | ул.Распаќе | |
| 4 | ул. Галичица | |
| 5 | ул. Ванчо Николески | |
| 6 | ул. Карпош Војвода | |
| 7 | ул. Момчило Јорданоски ( од ул.Марко Цепенков до ул.1-ва Макед.Ударна Бригада) | |
| 8 | ул. Егејска | |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | ул. Ариф Мустафа | |
| 10 | ул.„ Ванчо Питошески | |
| 11 | ул. Бистрица | |
| 12 | Улици во населба Радојца Новичиќ | |
| | ***4-та група на Улици:*** | |
| 1 | ул. 8-ми Септември | |
| 2 | ул. Лазо Трпоски | |
| 3 | ул.Никола Карев | |
| 4 | ул. Кузман Капидан | |
| 5 | ул. Беќир Али Риза | |
| 6 | ул. Крали Марко | |
| 7 | ул.„ Никола Петров Русински | |
| 8 | ул.„ Васил Стефоски | |
| 9 | ул. Дејан Војвода | |
| 10 | комплекс згради нас.Христо Узунов | |
| 11 | ул.„ Богомилска | |
| 12 | ул.Васил Главинов | |
| 13 | ул. Ѓорче Петров | |
| 14 | ул. Вангел Николоски | |
| 15 | ул. Трајче Дојчиноски | |
| 16 | ул. 1-ви Мај | |
| 17 | ул. Александар Гушо | |
| 18 | ул. Мирче Ацев | |
| 19 | Улици во населба Железничка | |
| | ***Приградски и селски населби:*** | |
| | ***Машинско и рачно чистење на локалните патишта до сите населени места во Општина Охрид*** | |

**1. ОДРЖАВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЛИЧНА ПАТНА МРЕЖА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ**

Во расходниот дел предвидена е следната распределба на средства:

| Ред. Бр. | Опис | Предвидени средства |
|---|---|---|
| **1.** | Изработка на сообраќајни проекти за режим на сообраќај | 600.000,оо |
| **2.** | Санирање на улици и патишта со крпење на ударни дупки со асфалтна маса или бехатон елементи во Општина Охрид | 5.000.000,оо |
| **3.** | Зимско одржување на локални патишта и улици и чистење на заштитен појас на улици на подрачјето на Општина Охрид | 1.200.000,оо |
| **4.** | Други оперативни расходи за заштита на локални патишта, улици и мостови | 800.000,оо |
| **5.** | Субвенционирање на линискиот превоз на патници 2024 | * |
| **Средствата се предвидени во Програмата А0 | | |
| ВКУПНО : | | **7.600.000,оо** |

Оваа програма е финансирана од :

- **Буџет на Општина Охрид**
- **Јавно претпријатие за државни патишта**

**Надзор на реализацијата на горенаведените активности, проверка на пристигнатата финансиска документација од извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.**

**Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.**

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/90** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за јавно осветлување за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/167** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ -ПРОГРАМА
## ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА

Водени од начелото за постојано подобрување и унапредување на јавното осветлување, преку мерки за енергетска фикасност и проширување и надградба на постоечката инсталирана мрежа, општината ја изготви оваа програма и согласно финансискиот капацитет ќе продолжи со континуирана модернизација.

Програмата ги дефинира потребните средства за надомест на потрошена електрична енергија како и средствата потребни за изградба на нови улични системи на подрачјето на општина Охрид. Со оваа програма се опфатени и средствата потребни за одржување на осветлувањето на кружните раскрсници.

Системот за јавно осветлување, општина Охрид, согласно усвоена физибилити студија и спроведена постапка со користење на моделот јавно приватно партнерство го има доделено на јавен приватен партнер. Согласно склучениот догоор за ЈПП, сите трошоци кои ќе произлезат при одржување и санација на јавното осветлување, се обврска на приватниот партнер. Со договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се овозможува зголемување на квалитетот и квантитетот на осветленост на целата територија на општината, заштеда на електрична енергија, зголемување на безбедноста и квалитетот на живеење на граѓаните, зголемување на ефикасноста и брзината на отстранување на дефекти во системот при известување од страна на граѓаните, добро и ефикасно одржување на системот на јавно осветлување, идентификување на губитокот на електрична енергија предизвикан од објективни и субјективни причини(нелегални приклучоци на лиините од уличното осветлување) Трендот на модернизација на постоечката мрежа за јавно осветлување ќе продолжи и во 2024 година. Програмата е всушност континуитет на имплементацијата на програмата од претходната година, надополнета со нови активности произлезени од новосоздадените услови на терен и потребите на граѓаните.

**ЈЗ Експлоатација на мрежи за јавно осветлување**

| ОПИС | Предвидени средства |
|---|---|
| Трансфер на средства кон приватен партнер согласно склучен договор за управување и одржување со системот за јавно осветлување | 94.650.000,оо |
| Изградба на нова мрежа за јавно осветлување | 10.000.000,оо |
| Оперативни трошоци за одржување и потрошена електрична енергија на светлосни тела кои не се вклучени во Договорот за јавно приватно партнерство | 500.000,оо |
| ВКУПНО | **105.150.000,оо** |

Согласно договорот со Приватен партнер, изградбата и тековното одржување на јавното осветлување на Општина Охрид го врши Приватниот партнер, по добивање на налог за работа од страна на Општина Охрид. Со договорот е предвидено Приватниот партнер да изврши проширување на постојното јавно осветлување со изградба на нови мрежи и нови сијалични места. За изградба на нови мрежи приватниот партнер е обврзан предходно да изготви комплетна проектна документација вклучително и ревизија на истата. Согласно договорот Приватниот партнер е обврзан да изведи 620 комплет нови лед енергетски ефикасни светилки со комплет столбови и каблирање на локации кои ќе ги утврди Општина Охрид.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/91** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за одржување јавна чистота за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/168** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2025 ГОДИНА**

**Вовед**

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти заради обезбедување на здрава и чиста животна средина и подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање хартија и други отпадоци;
- Празнење корпи за отпадоци;
- Прскање и миење улици во летен период;
- Други вонредни активности кои се дел од оваа Програма.

**Содржина на програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

8. Извори на финансирање на програмата ;
9. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата;
10. Организација и динамика на извршување на редовните активности;
11. Трошоци за одржување на јавната чистота;
12. Преглед на обемот на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување на јавна хигиена за 2025 година
    А) Редовни активности и
    Б) Вонредни активности .

**1. Извори на финансирање на програмата**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок. Висината на надоместокот за одржувањето на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на општина Охрид и потребата – обемот за одржување на јавната чистота во зависност од местоположбата на домаќинствата, односно седиштата на правните лица како и видот на дејноста што ја вршат, кои се утврдуваат со Одлуката за утврдување на надоместокот за одржување јавна чистота усвоена од Советот на општина Охрид.

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението „Јавна хигиена“ од Р.Е. „Комунална хигиена“, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид

**4. Организација на извршување на редовни активности**

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од шест месеци ,а другите пет месеци по потреба во зависност од временските услови.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно;
- Исто така во оваа категотија во месеците јули и август влегуваат и туристичките места и тоа: с.Трпејца, с.Пештани, нас.„Лагадин“, нас.„Св.Стефан“, плажата „Сараиште“, „Лабино“ и „Грашница“ заради зголемениот прилив на туристи, како и с.Велгошти заради големиот број на манифестации и турнири кои се организираат во тој период.

***Улици од I категорија***

| **реден број** | **име на улица** | **m2** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„7.Ноември“ | 12.000 |
| 2. | ул.„Македонски Просветители“ | 6.500 |
| 3. | Булевар„Туристичка“ дел | 10.000 |
| 4. | ул.„Цар Самуил“ | 4.850 |
| 5. | ул.„Коста Абраш“ | 4.200 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 6.000 |
| 7. | ул.„Партизанска“ | 8.400 |
| 8. | ул.„Димитар Влахов“ | 8.840 |
| 9. | ул.„Гоце Делчев“ ( до „А.Емин “) | 1.890 |
| 10. | ул.„Јане Сандански“ | 14.315 |
| 11. | ул.„Илинденска“ | 4.232 |
| 12. | Патека по канал Б.Извори | 2.080 |
| 13. | Рекреативна патека од мост Б.Извори до х.Парк | 8.400 |
| | ***Вкупно:*** | ***91.707*** |

- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се метат машински и мијат** секој втор ден, во период од шест месеци;

***улици од II категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Кирил и Методи“ | 3.600 |
| 2. | ул.„Кузман Капидан“<br>ул.„Б.Шотра“<br>ул.„Браќа Миладиновци“ | 7.089 |
| 3. | ул.„Мите Богоески“ | 1.500 |
| 4. | ул.„Бистрица“ | 7.300 |
| 5. | ул.„АСНОМ“ | 8.812 |
| 6. | ул.„В.Стефоски“ | 6.387 |
| 7. | ул.„Боро Шаин“ | 1.348 |
| 10. | Бул.„Туристичка“ дел | 3.000 |
| 11. | ул.„Даме Груев“ | 4.600 |
| 12. | ул.„Кочо Рацин“ | 1.896 |
| 13. | ул.„К.Јосифоски“ | 3.100 |
| 14. | ул.„М.Несторoски“ | 8.256 |
| 15. | ул.„М.Патчев“ | 918 |
| 16. | ул.„П.Чауле“ | 1.413 |
| 17. | У..„П.Гули“ | 9.200 |
| 30. | ул.„Рашанец“ | 606 |
| 31. | ул.„Серафим Китаноски“ | 1.450 |
| 34. | ул.„Страшо Пинџур“ | 1.240 |
| 37. | ул.„Којдан Чернодрински“ | 1.000 |
| 38. | Пешачки патеки во локалитет Кале | 2.360 |
| | *Вкупно:* | *75.075* |

- **III категорија** : влегуваат улиците кои ќе се метат рачно двапати неделно, а машински ќе се метат и мијат еднаш, а поveќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно ;

***улици од III категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Абас Емин“ | 9.500 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | ул.„Ариф Мустафа“ | 3.922 |
| 3. | ул.„Аџи Мустафа“ | 3.130 |
| 4. | Ул.„В.Главинов“ | 4.000 |
| 5. | ул.„Дејан Војвода“ | 6.709 |
| 6. | ул.„Караорман“ | 1.421 |
| 7. | ул.„Кленоец“ | 14.190 |
| 8. | ул.„Крали Марко“ | 6.659 |
| 9. | ул.„Крум Точко“ | 3.520 |
| 11. | ул.“Марко Цепенков“ | 10.875 |
| 12. | ул.„Никола Петров Русински“ | 2.453 |
| 13. | ул.„Пере Тошев“<br>ул.„Петар Попарсов“ | 7.457 |
| 14. | Станбен комплекс „Даљан“<br>ул.„Сатеска“<br>ул.„Т.Трајчески“<br>ул.“Мичо Гилиќ“ | 12.720 |
| 15. | Ул.„К.Охридски“<br>Ул.„11-ти Октомври“<br>Ул.„Д.Маленко“<br>Ул.„К.Иниверзитет“<br>Ул.„О.Архиепископија“ | 5.022 |
| 16. | ул.„Славеј Планина“ | 9.071 |
| 17. | ул.„Стив Наумов“ | 10.000 |
| 18. | 8-ми Септември | 6.261 |
| 19. | ул.„8 Март“ | 3.040 |
| 20. | „Охридати“ | 11.400 |
| 21. | ул.„Шар Планина“ | 1.060 |
| 22. | Ул.„А.Маринчев“ | 1.531 |
| 23. | Ул.„Егејска“ | 4.683 |
| 24. | Ул.„Галичица“ | 7.996 |
| 25. | Ул.„В.Николески“ | 3.250 |
| 26. | Ул.„К.Војвода“ | 6.741 |
| 27. | Ул.„Л.Трпоски“ | 3.677 |
| 28. | Ул.„М.Ацев“ | 6.521 |
| 29. | Ул.„Нада Филева“ | 2.990 |
| 30. | Ул.„Никола Карев“ | 7.047 |
| 31. | Ул.„С.Војвода“ | 3.480 |
| 32. | Станбен комплекс Расадник | 8.385 |
| 33. | Станбен комплекс Х.Узунов | 6.200 |
| 34. | Ул.„В.Питошески“ | 7.000 |
| 35. | Локален пат Охрид –с.Велестово | 16.0000 |
| | *Вкупно:* | *201.911* |

- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно, а машински се метат и мијат еднаш неделно во период од шест месеци, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

***улици од IV категорија***

| **реден број** | ***име на улица*** | ***m2*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„1Мај“ | 2.600 |
| 2. | ул.„I Македонска ударна бригада“ | 8.500 |
| 4. | ул.„130“ | 4.843 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | ул.„15.Корпус“ | 9.220 |
| 6. | ул.„6.Бригада“ | 476 |
| 8. | ул.„Железничка“ | 32.355 |
| 9. | ул.„Андреа Јованоски“ | 4.646 |
| 10. | ул.„Александар Гушо“ | 2.120 |
| 11. | ул.„Александар Турунџиев“ | 3.850 |
| 12. | ул.„Андон Дуков“ | 2.120 |
| 13. | ул.„Бекир Али Риза“ | 2.220 |
| 14. | ул.„28 Април“ | 5.100 |
| 15. | ул.„Будва“ | 6.700 |
| 16. | ул.„Дебарца“ | 1.400 |
| 17. | ул.„Јабланица“ | 2.320 |
| 18. | ул.„Махмут Рифат“ | 1.970 |
| 19. | ул.„Живко Чинго“ | 9.373 |
| 20. | ул.„Малесија“ | 1.550 |
| 21. | ул.„Момчило Јорданоски“ | 7.997 |
| 22. | ул.„Ѓорче Петров“ | 4.000 |
| 23. | ул.„Мирка Гинова“ | 2.800 |
| 24. | ул.„АРМ“ | 1.550 |
| 25. | ул.„Париска Комуна“ | 7.200 |
| 26. | ул.„Партизански Одреди“ | 1.360 |
| 27. | ул.„Димо Хаџидимов“ | 1.880 |
| 28. | ул.„Охридска Бригада“ | 3.960 |
| 29. | ул.„Петрино“ | 2.800 |
| 30. | ул.„Прилепска“ | 3.730 |
| 31. | ул.„Радоица Новичиќ“ | 16.600 |
| 32. | ул.„Ристо Чадо“ | 6.600 |
| 33. | ул.„Спас Банџов“ | 898 |
| 34. | ул.„Српница“ | 212 |
| 35. | ул.„Трајче Дојчиноски“ | 2.100 |
| 36. | ул.„Вангел Николоски“ | 3.000 |
| 37. | ул.„Богомилска“ | 8.753 |
| 38. | ул.„Веле Марков“ | 2.120 |
| 39. | ул.„Винковачка“ | 2.390 |
| 40. | ул.„Ѓорѓи Сугарев“ | 1.400 |
| 41. | Ул.„Боро Шаин“<br>Ул.„Г.Прличев“ | 1.348 |
| | ***Вкупно:*** | ***184.061*** |

- Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

| **реден број** | ***населено место*** |
|---|---|
| 1. | с.Лескоец |
| 2. | с.Косел |
| 3. | с.Куратица |
| 4. | с.Трпејца |
| 5. | с.Г.Лакочереј |
| 6. | с.Д.Лакочереј |

| | |
|---|---|
| 7. | с.Орман |
| 8. | с.Пештани |
| 9. | с.Подмоље |
| 10. | с.Љубаништа |
| 11. | с.Велгошти |
| 12. | нас.„Лагадин “ |
| 13. | нас. „Исток“ |
| 14. | нас.„Елшани“ |
| 15. | нас.„Рача“ |
| 16. | нас. „ Долно Коњско “ |
| 17. | нас. „ Св.Стефан “ |
| 18. | нас.„Елешец “ |

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05 до 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 11 до 17 часот и од 17 до 23 часот. Во летниот период од 15 јули до 15 септември, собирањето хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 12 до 18 часот и од 18 до 24 часот. Исто така во петок, сабота и недела во истиот период заради зголемениот обем на работа уште двајца работници вршат празнење на корпите за ѓубре на потегот од градското пристаниште до мостот на каналот Билјанини извори, каналот до Билјанини извори и рекреативната патека до суводолицата Рача. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02 до 08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – „јапонер“.

Пешачката патека од Самуилова тврдина, до ОУ„Св.Климент Охридски “ во населбата „Даљан“ се чисти секој петок и понеделник, а во сезона секојдневно се врши празнење на корпите за отпадоци.

За 2025 година предвидено е и собирање хартија и празнење корпи за отпадоци во периодот од 15 јули до 15 септември да го вршат по двајца работници во трета смена односно од 24 до 06 часот на потегот од плоштад „Св.Климент Охридски“, чаршијата до чинарот на раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ со ул.„Абас Емин“, Кеј„Македонија“, ул.„М.Просветители“, „Партизанска“, „Д.Влахов“ и од постојка на Бул.„Туристичка кај мини -маркет до постојка кај раскрсница со ул.„Абас Емин“ како и празнење корпи на пешачка патека од црква Св.Јован Канео до река Грашница.

5. **Трошоци за одржување јавна хигиена**

***Вредност на работна рака по час***

ден/час

1. општ работник .................................... 350,00 ден/ час
2. општ КВ работник ........................... 400,00 ден/ час

***Вредност на работна рака по м2***

ден/м2

1. метење .................................. 0,103 ден./м2
2. прскање.................................. 0,120 ден./м2
3. машинско метење ........................ 0,120 ден./м2

***Вредност на основни средства по час***

1. цистерна ........................................ = 3.500,00ден/тура
2. „МАН “- ФАП......................................... = 3.500,00ден/тура
3. трактор ........................................... = 2.000,00ден/тура
4. Утоваруувач „RD“-130.................................= 2.000,00ден/час
5. „фиат хитачи FB100“ .2.............................. = 3.000,00ден/час
7. метачка............................................ = 3.500,00ден/час
8. хидромак ........................................... = 3.500,00ден/час
9. товарно возило Кесон транспортер.................... = 1.600,00ден/час

***Вонредни активности***

1. чистење реса ........................................ = 350,00 ден/час
   - подигање и транспорт ............................... = 2.000,00 ден/тура
2. Чистење езеро од муљ и багеровање на кеј ................... = 3.500,00 ден/тура
3. чистење лист ........................................ = 350,00 ден/час
   - подигање и транспорт ............................... = 2.000,00 ден/тура
4. Одржување на плажи кои не се под концесија.................= 350,00 ден/час
5. собирање угинати животни.......................... = 1.000,00 ден/час

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржувањето на јавната чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на општина Охрид бр.08-17168/10 од 30.11.2023 год.

## 6. Преглед на обем на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување јавна хигиена 2025 год.

### А) Редовни активности

| *Вид на интервенција* | *категорија* | *површина* | *Денови на интервенција* | *Вкупна год. површина м2* | *Цена по м2* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Рачно метење | I | 91.707 | 365 | 33.473.055 | 0,103 | 3.447.724,00 |
| Рачно метење | II | 75.075 | 128 | 9.609.600 | 0,103 | 989.788,00 |
| Рачно метење | III | 217.911 | 64 | 13.946.304 | 0,103 | 1.436.469,.00 |
| Рачно метење | IV | 184.061 | 32 | 5.889.952 | 0,103 | 606.665,00 |
| Машинско метење | I | 91.707 | 64 | 5.869.248 | 0,120 | 704.309,00 |
| Машинско метење | II | 75.075 | 64 | 4.804.800 | 0,120 | 576.576,00 |
| Машинско метење | III | 217.911 | 32 | 6.973.152 | 0,120 | 836.778,00 |
| Машинско | IV | 184.061 | 32 | 5.889.952 | 0,120 | 706.794,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| метење | | | | | | |
| Миење | I | 91.707 | 64 | 5.869.248 | 0,120 | 704.309,00 |
| Миење | II | 75.075 | 32 | 2.402.400 | 0,120 | 288.288,00 |
| Миење | III | 217.911 | 32 | 6.973.152 | 0,120 | 836.778,00 |
| Миење | IV | 184.061 | 32 | 5.889.952 | 0,120 | 706.794,00 |
| | | | | | **Вкупно:** | **11.841.272,00** |

**Б) Вонредни активности**

| *Вид на интервенција* | *Вкупно часови на интервенција/ Тури на транспорт* | *Цена* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| Чистење реса | 76 пати/год х 3 раб. х 6 часа/ден.<br>76 тури | 350,00<br>2.000,00 | 478.800,00<br>152.000,00 |
| Собирање угинати животни | 50 парчиња | 1.000,00 | 50.000,00 |
| Чистење на Езерото од муљ и багерување на кеј | 70 часа | 3.500,00 | 245.000,00 |
| Чистење лист<br>Подигање и транспорт | 30 пати/год х 10 раб. х 6 часа/ден<br>40 тури | 350,00<br>2.000,00 | 630.000,00<br>80.000,00 |
| Одржување на плажи кои не се под концесија | 122 пати/год х 7 раб. х 6 часа/ден<br>180 тури | 350,00<br>2.000,00 | 1.793.400,00<br>360.000,00 |
| Метење на шумски патеки во локалитет Кале и собирање отпадоци | 24 пати/год. х 2 раб. х 6 часа/ден. | 350,00 | 100.800,00 |
| | | **Вкупно:** | **3.890.000,00** |

**Напомена:** Количините за вонредни активности се добиени споредбено со минати години

Надзор над спроведување на оваа Програма врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици. Инспекциски надзор над спроведувањето на Програма врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен, јавното претпријатие ќе биде задолжено до Општина Охрид да доставува неделни и месечни извештаи за извршената работа врз основа на кои ќе се изврши фактурирање.

Најдоцна до 01.03.2026 год. Ј.П.„Охридски Комуналец“ е должен да достави и Годишен извештај за реализација на програмата за 2025 год. до Градоначалникот и Советот на Општина Охрид.

Ј.П.„Охридски Комуналец“ е должен неделниот извештај за извршена работа во електронска форма да го достави до општинскиот комунален инспектор и службено лице од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, најдоцна до 10 часот во понеделник.

За извршените активности во викенд (доколку се извршуваат), дневниот извештај во електронска форма да се достави во понеделник, најдоцна до 10.00 часот.

**7. Буџет и финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Охрид. За финансирање на оваа Програма, Општина Охрид ќе склучи договор со Ј.П.„Охридски Комуналец“, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

Планираните работни операции во Програмата можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата, во зависност од климатските услови во тековната година, а во договор и со знаење на општината.

| | |
|---|---|
| **Редовни активности** | **11.841.272,оо** |
| **Вонредни активности** | **3.890.000,00** |
| **Одржување и чистење на други површини** | **500.000,00** |
| **Исплата на фактури од мината години** | **2.000.000,00** |
| **Вкупно за 2025 година** | **18.231.272,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/92**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/169**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

**НАЦРТ - П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2025 ГОДИНА**

**Вовед**

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 80.226 $m^2$.

Површините на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49.965 $m^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 $m^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . 13.340 $m^2$
- зеленило во жардињера на Бул.„Туристичка“ 3.500 бр.
- зеленило во жардињера на ул.„Железничка“ 4.000 бр.
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . 340.000 $m^2$
- дрвореди долж сообраќајници (број на стебла) . 1.564 бр.
- Зеленило кај пешачка патека канал на Б.Извори . . . 3.000 $m^2$
- Кружни текови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.109 $m^2$
- Парк пред нас.Рача . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.500 $m^2$
- Зеленило во жардињери на рекреативна патека од канал на Б.Извори до канал кај ресторан „Парк“ . 112 $m^2$

Градското зеленило се одржува на површина од 56.325 $m^2$ која е во центарот на градот, како и на површина од 3.500 $m^2$ кај пешачка патека пред нас.Рача и на површина од 3.000 $m^2$ кај каналот на Билјанини Извори. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$, во жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници, како и во жардињерите на пешачката патека од канал на Билјанини Извори до канал на суводолица од 112 $m^2$ , се одржуваат со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Кружните текови се засадуваат со сезонско цвеќе кое редовно се одржува и наводнува.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

**Содржина на Програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

1. Извори на финансирање на програмата,
2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата.
3. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2025 година,
4. Пресметка на вредноста на извршената работа,
5. Календар за работа на јавнато зеленило за 2025 година

6. Интензитет на одржување на јавното зеленило за 2025 година
7.Подигање / реконструкција на парковски површини и реконструкција на дрвореди со засадување на нови садници

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за подигање и одржување на јавното зеленило се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2025 година. Изворите за финансирање на оваа програма опфаќаат:

А) Средства за подигање и реконструкција на јавното зеленило:

- Приходи за надоместок за уредување на градежно земјиште во делот за заедничка комунална потрошувачка во минимален износ до 2,5 %,
- Приходи од комунална такса за користење на јавни зелени површини за манифестации,
- Приходи од надоместокот за поставување рекламни паноа и истакнување на фирми на јавни зелени површини во минимален износ од 5 % на посебна наменска сметка
- Приходи по основ на донации
- Кредити и заеми

Б) Средства за одржување и заштита на јавното зеленило:

- надоместок за индивидуална комунална потрошувачка во согласност со законот за комунални дејности,
- други извори

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развол, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението Паркови и зеленило, а се однесува на годишно одржување на паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др на територијата на Општина Охрид.

**3. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2025 година**

**Градско зеленило**

| Реден број | *Подрачје* | *$m^2$* |
|---|---|---|
| 1. | “Стара бана“ | 100 |
| 2. | Плоштад | 2.500 |
| 3. | “Дом на култура”- према езеро | 1.665 |
| 4. | “Дом на култура”- западна страна | 3.300 |
| 5. | “Кеј Македонија“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Жардињера ул.„Железничка“ | 2.000 |
| 12. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 13. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со | 314 |

| | | |
|---|---|---|
| | “АСНОМ“ | |
| 14. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “Бистрица“„М.Просветители“„С.Наумов“„А .Емин“„Ј.Сандански“ | 795 |
| 15. | Жардињера кај рекреативна патека | 112 |
| 16. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 3.000 |

***Вкупно: 80.226m²***

**Дрвореди**

| Реден број | *Подрачје* | *бр.* |
|---|---|---|
| 1. | Бул.„Туристичка“ | 968 |
| 2. | ул.„Јане Сандански“ | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 165 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |
| 10. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 28 |

***Вкупно: 1.649 бр.***

**Вонградско зеленило**

| Реден број | *Подрачје* | *m²* |
|---|---|---|
| 1. | „Кале“ | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 m²***

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА*

- машинско косење на тревник . . . . . . . . . . . . . 2,20 ден./m²
- собирање на трева по машинско косење
  со изнесување собрана трева . . . . . . . . . . . . . . . . 0,80 ден./m²
- полевање тревници и грмушки . . . . . . . . . . . . .. . . 0,95 ден./m²
- чистење на трева од лист со изнесување . . . . . . . . . 3,90 ден./m²
- садење на сезонско цвеќе . . . .. . . . . . . . . . . . . .. . 40,00ден/бр.
- Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење 5,50 ден./ m²
- прашење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . .. . . . . 24,40 ден./m²
- полевање на сезонско цвеќе .. . . . . . . . . . . . . . . 0,60 ден./m²
- окопување дрвја и грмушки . . . . . . . . . . . . 19,90 ден./бр.
- Одржување на жардињери . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
  Полевање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,60 ден./m²
  Плевење . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . .. 19,90 ден./m²
- кроење трендафили . . . . . . . . . . . . . 18,75 ден./бр.
- кроење – режење грмушки . . . . . . . 18,75 ден./бр.
- Кроење на дрјва со одвоз на гранки . .. . . . 812,00 ден./бр.
- собирање хартија и отпадоци . . . . 0,08 ден./ m²
- косење трева со грбна косачка . . .. . . . . . 3,20 ден./m²

- чистење на трња и грмушки . . . . . . . .. . . . . . 285,00 ден./час
- машинско чистење на неуредена вегетација . . . .1.000,00 ден./час
- косење со трактор со мулчер . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,69 ден/час
- постапување со оштетени дрвја . . . . . . . . . . . . . . 1.000,00 ден./час
- постапување со оштетени гранки со дигалка . . . 3.500,00 ден./час
- одвоз на гранки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.600,00ден./тура

---

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.08-17168/10 од 30.11.2023 год.

## 5. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2025 ГОДИНА

| *Вид на операција* | *Јан.* | *Фев.* | *Март* | *Апр.* | *Мај* | *Јуни* | *Јули* | *Авг.* | *Септ.* | *Окт.* | *Ноем.* | *Дек.* | *Вк.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење и собирање трева со изнесување | | | | | | | | | | | | | |
| -паркови | | | 2 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 3 | 2 | | | 28 |
| -Бул.„Туристичка“ | | | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 2 | | | 26 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 2 | | | 23 |
| -парк Рача | | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | | | | 17 |
| -круж.текови | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | 13 |
| - Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | | | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | | | | 16 |
| Полив.трева, дрва и гр. | | | 1 | 1 | 2 | 4 | 4 | 4 | 2 | | | | 18 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | | | 9 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Садење сезонско цвеќе | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Окопување дрва и грмушки | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Одржување на жардињери | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 4 |
| Кроење-режење грмуш. | | 1 | | | 1 | | | | | | 1 | | 3 |
| Кроење режење тренд. | | 1 | | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Собир.харт.и отпадоци | 18 | 10 | 14 | 14 | 21 | 21 | 21 | 21 | 14 | 14 | 12 | 12 | 192 |

НАПОМЕНА: Операциите садење цветни површини со операциите ѓубрење и расадување, како и кроење дрвореди и кроење-режење на трендафили и грмушки можат да се вршат и во други периоди од годината во зависност од временските услови

6. **ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2025 ГОДИНА**

| *Вид на операција* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* | *Цена* | *Вкупен износ* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-кружни текови<br>-канал Б.Извори | $m^2$ | <br><br>49.465<br>13.340<br>6.360<br>3.500<br>1.109<br>3.000 | <br><br>28<br>26<br>23<br>17<br>13<br>16 | <br><br>1.385.020<br>346.840<br>145.280<br>59.500<br>14.417<br>48.000 | <br><br>2,2 | <br><br>3.047.044,00<br>763.048,00<br>321.816,00<br>130.900,00<br>31.717,00<br>105.600,00 |
| Поливање трева, дрва и грмушки | $m^2$ | 49.465 | 18 | 890.370 | 0,95 | 845.851,00 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 9 | 445.185 | 0,80 | 356.148,00 |
| Чистење трева од лист со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 2 | 98.930 | 3,90 | 385.827,00 |
| Садење сезонско цвеќе | бр. | 20.000 | 2 | 40.000 | 40,00 | 1.600.000,00 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | $m^2$ | 3.000 | 2 | 6.000 | 5,50 | 33.000,00 |
| Прашење  сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 24,40 | 292.800,00 |
| Полевање сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 0,60 | 7.200,00 |
| Окопување на дрва и грмушки | бр. | 9.064 | 2 | 18.128 | 19,90 | 360.747,00 |
| Одржување на жардињери<br>Полевање<br>Плевење | <br>$m^2$<br>$m^2$ | <br>4.000<br>4.000 | <br>4<br>4 | <br>16.000<br>16.000 | <br>0,60<br>19,90 | <br>9.600,00<br>318.400,00 |
| Кроење-режење грмуш. | Бр. | 9.300 | 3 | 37.900 | 18,75 | 523.125,00 |
| Кроење режење тренд. | Бр. | 1.100 | 2 | 2.200 | 18,75 | 41.250,00 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | бр | 800 | 1 | 800 | 812 | 649.600,00 |
| Собир.харт.и отпадоци | пати | 49.465 | 192 | 9.497.280 | 0,08 | 759.782,00 |
| **Вкупно** | | | | | | **10.583.455,00** |

Покрај горенаведените сктивности предвидени се и активности околу одржување ( косење на трева со грбна косачка ) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| Улица | *бр.пати* | *м* | *цена* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | 2 | 1.200 | 3,2 | 7.680,00 |
| ул.„Марко Цепенков“ | 2 | 1.000 | 3,2 | 6.400,00 |
| ул.„Егејска“ | 2 | 530 | 3,2 | 3.392,00 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 2 | 1.700 | 3,2 | 10.880,00 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 | 450 | 3,2 | 4.320,00 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 | 1.000 | 3,2 | 9.600,00 |
| ул.„Галичица“ | 3 | 600 | 3,2 | 5.760,00 |
| ул.„Н:Карев“ | 3 | 600 | 3,2 | 5.760,00 |
| ул.„Кленоец“ | 3 | 1.300 | 3,2 | 12.480,00 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 | 400 | 3,2 | 2.560,00 |
| ул.„Железничка“ | 2 | 1.700 | 3,2 | 10.880,00 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 | 560 | 3,2 | 5.376,00 |
| нас.„Даљан“ | 3 | 1.450 | 3,2 | 13.920,00 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 | 450 | 3,2 | 2.880,00 |
| с.Пештани | 2 | 1.500 | 3,2 | 9.600,00 |
| нас.„Варош“ | 4 | 1.600 | 3,2 | 20.480,00 |
| Сооб.клучка | 3 | 6.400 м2 | 2,2 | 42.240,00 |
| Спомен парк на Револуција | 2 | 300 | 3,2 | 1.920,00 |
| дворно место на Општина Охрид | 6 | 1.350 м2 | 2,2 | 17.820,00 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 | 870 | 3,2 | 8.352,00 |
| с.Трпејца | 2 | 560 | 3,2 | 3.584,00 |
| с.Лакочереј | 2 | 650 | 3,2 | 4.160,00 |
| с.Лескоец | 2 | 1.100 | 3,2 | 7.040,00 |
| с.Косел | 2 | 1.000 | 3,2 | 6.400,00 |
| с.Велгошти | 2 | 1.900 | 3,2 | 12.160,00 |
| нас.„Рача“ | 2 | 690 | 3,2 | 4.416,00 |
| нас.„Лагадин“ | 2 | 810 | 3,2 | 5.184,00 |
| с.Свиништа | 1 | 1.500 | 3,2 | 4.800,00 |
| с.Опеница | 1 | 740 | 3,2 | 2.368,00 |
| с.Куратица | 1 | 4.300 | 3,2 | 13.760,00 |
| с.Љубаништа | 2 | 1.200 | 3,2 | 7.680,00 |
| Вкупно: | | | | 273.852,00 |

За одржување на локалитетот „Кале“ потребен е постојан тим од 3 ( тројца ) работници кои ќе вршат редовно косење на тревата по патеките, одржување на дрвниот фонд со навремено отстранување на сувите гранки и заболените стебла како и редовно чистење од разни отпадоци. За таа цел на годишно ниво потребни се 150.000,00 денари.

Со решението за прогласување на чинарот ( Platanus orientalis ) кој се наоѓа на плоштадот „Чинар “ за природна реткост со решение бр. 13-5051/1 од 25.09.2319 год., за заштита и спроведување на мерки за санација/ревитализација на стеблото и крошната на годишно ниво се потребни 50.000,00 денари.

Постапувањето со оштетени дрвја на територијата на Општина Охрид подразбира кроење на гранки и сечење на оштетени дрвја што се потенцијално опасни за околината. Постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетените дрвја се спроведува согласно донесено Решение.

Ј.П.„Охридски Комуналец“ ќе ги спроведува потребните активности за кастрење, односно сечење согласно Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини на Ј.П.„Охридски Комуналец“.

Одржувањето на зелени површини по потреба ќе опфати:

- Одржување на зеленило во останати рурални подрачја;
- Одржување на вегетација покрај локални патишта;
- Постапување со неорганизирано зеленило при интензивна вегетација на други јавни површини кои не се дефинирани со оваа Програма.

Финансирањето ќе се изврши по извршени операции и по редовните цени од Одлуката за утврдување на цени за вршење на хортикултурни услуги на јавни зелени површини на Ј.П.„Охридски Комуналец“.

Извршување на работните активности од страна на Ј.П.„Охридски Комуналец“ ќе се врши по доставување на работен налог од Општина Охрид. Доколку се работи за итно и неодложно одржување, извршување на работните активности ќе се врши со давање на устен налог за извршување од Општина Охрид и отворање на работен налог со дневен извештај од страна на Ј.П.„Охридски Комуналец“. Писмен налог од Општина Охрид ќе се изготви првиот работен ден.

На дел од зелените површини кои се уредени, а каде има поставено системи за наводнување потребно е нивно тековно одржување. Дел од овие системи во текот на годината намерно се уништуваат, но потребна е и нивна замена заради дефект или амортизација. Затоа во оваа Програма се планирани средства за оваа намена. При дефект, замена или поставување на нови делови, потребно е Ј.П.„Охридски Комуналец“ да ја извести Општина Охрид за да се изврши заеднички увид, да се констатира состојбата и потребата од интервенција. За таа цел ќе се отвори работен налог кој ќе се потврди со потпис на двете страни и ќе биде извршено плаќање по цени кои се донесени од Советот на Општина Охрид. За заменетите материјали и др. опрема важечки се цените согласно тендерската постапка и избраниот оператор во јавното претпријатие.

**8. Надзор над спроведување на програмата**

Надзор над спроведување на оваа Програма врши Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици. Инспекциски надзор над спроведувањето на Програма врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен, јавното претпријатие ќе биде задолжено до Општина Охрид да доставува неделни и месечни извештаи за извршената работа врз основа на кои ќе се изврши фактурирање.

Најдоцна до 01.03.2026 год. Ј.П.„Охридски Комуналец“ е должен да достави и Годишен извештај за реализација на програмата за 2025 год. до Градоначалникот и Советот на Општина Охрид.

Ј.П.„Охридски Комуналец“ е должен неделниот извештај за извршена работа во електронска форма да го достави до општинскиот комунален инспектор и службено лице од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, најдоцна до 10 часот во понеделник.

За извршените активности во викенд (доколку се извршуваат), дневниот извештај во електронска форма да се достави во понеделник, најдоцна до 10.00 часот.

**9. Буџет и финансирање**

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Охрид. За финансирање на оваа Програма, Општина Охрид ќе склучи договор со Ј.П.„Охридски Комуналец“, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

Планираните работни операции во Програмата можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата, во зависност од климатските услови во тековната година, а во договор и со знаење на општината.

| | |
|---|---|
| Вкупно за одржување и користење на паркови и зеленило | 10.857.307,00 |
| За одржување на локалитет „Кале“ | 150.000,00 |
| Подигање и реконструкција на парковски површини | 330.000,00 |
| Активности за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“ | 50.000,00 |
| Изградба и одржување на системи за наводнување | 200.000,00 |
| Постапување со оштетени дрвја | 200.000,00 |
| Одржување на зелени површина по потреба | 200.000,00 |
| Потрошена вода за наводнување на паркови и жардињери | 1.300.000, 00 |
| Исплата на фактури од минатата години | 1.500.000,00 |
| Вкупно за 2025 година | 14.787.307,00 |

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/93** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасувањето, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/ 170**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и чл.34 и чл.123 ст.4 од Закон за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18, 215/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

## НАЦРТ-ПРОГРАМА

### ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО, УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува, поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.

Општина Охрид е должна да организира заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Заштитата и спасувањето претставува збир на мерки и активности кои се превземаат од страна на субјектите во системот со цел навреме да се откријат и спречат природните непогоди и други несреќи и да се отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба.

Со превземање на превентивни плански и програмски мерки, кои се превземаат пред настанување на природните непогоди и други несреќи, за време на настанувањето, по настанатите непогоди и несреќи се овозможуваат реални услови за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Системот за заштита и спасување во Република Македонија, согласно Законот за заштита и спасување, се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;

- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- самозаштита, самопомош и заемна помош;
- мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- определување и спроведување на заштитните мерки;
- спасување и помош;
- отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, до
- обезбедување на основните услови за живот;
- надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи;
- давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од
- природни непогоди и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;
- примање помош од други држави;
- идентификација и процена на опасностите;
- водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од
- природни непогоди и други несреќи и
- изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и
- планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

Во справувањето со кризи, согласно Закон за управување со кризи, општините ги вршат и следниве работи:

- ги следат состојбите и дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општините,
- донесуваат процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините (ја изработуваат регионалните центри за управување со криза),
- донесуваат програма за ревитализација на општините по елиминирањето на кризата,
- ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на
општините и
- одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општините.

## 1. Основни начела на заштита и спасување

Заштитата и спасувањето се засновува на следниве основни начела:

1) секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
2) во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;
3) при настанување на природни непогоди и други несреќи секој е должен да помага во рамките на своите можности;
4) Републиката, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни, навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперетивните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

5) секое физичко и правно лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;
6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општините и градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница и
7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

## 2. Надлежности на Советот на општина Охрид

Во остварувањето на заштитата и спасувањето, Советот на општина Охрид согласно чл.34 од Законот за заштита и спасување, ги врши следниве работи:
1) одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за заштита и спасување;
2) донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување;
3) заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди или и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во:
- гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи;
- расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго;
- укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести;
- заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;
4) ја следи подготвеноста на општина Охрид за заштита и спасување;
5) одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа;
6) одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи и
7) одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа.

## 3. Надлежности на Градоначалникот на општина Охрид

Во остварувањето на заштитата и спасувањето на подрачјето на општина Охрид, согласно чл.35 од Закон за заштита и спасување и чл.5 од Закон за управување со кризи, градоначалникот ги врши следниве работи:
1) го предлага планот за заштита и спасување;
2) ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на општина Охрид за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи;
3) одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои ги формира општина Охрид;
4) одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои општина Охрид ги формира;

5) раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува општина Охрид до активирање на подрачните штабови;
6) го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на општина Охрид;
7) бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на општина Охрид;
8) во услови кога со силите за заштита и спасување на општина Охрид не можат да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување;
9) во справување со криза обезбедува координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

**4. Основни цели на Програмата**

Општина Охрид за 2025 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми, предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на подрачјето на општината.

Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои општина Охрид во соработка со другите надлежни сублекти ќе ги спроведе, како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2025 година.

Општина Охрид настојувајќи да оддржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани.

Со оваа Програма се остваруваат целите и активности во областа на заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Планирањето на развојот, оперативното и тековното планирање на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување ќе се води и реализира според принципите, критериумите и стандардите кои важат во системот на планирање, програмирање и буџетирање.

Општина Охрид, основните цели на заштитата и спасување и управување со кризи ќе ги остварува преку:

- Штаб за заштита и спасување на општина Охрид со следниве единици:
- Универзална единица за заштита и спасување во јачина на вод;
- Просторна специјализирана единица за прва медицинска помош во јачина на одделение;
- Просторна специјализирана единица за противпожарна единица во јачина на одделение (Противпожарно доброволно друштво „Ентузијаст”);

Просторна специјализирана единица за заштита и спасување на вода и планинско спасување (Планинска спасителна служба) ;

- ТППЕ-Охрид
- Соработка со сите јавни претпријатија (ЈП Охридски Комуналец, ЈП Градски Пазар, ЈП Водовод, ЈП Градски гробишта, ЈП Нискоградба, ЈП Билјанини извори, ЈП Национални шуми и ЈУ Национален парк Галичица).
- Соработка со подрачните одделенија на Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за одбрана и МВР.

Основна цел на оваа програма е заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи преку обезбедување на основни средства за финансирање на системот за заштита и

спасување со цел превентивно делување на подрачјето на општина Охрид, како и управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи, односно:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба (пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.);
- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на навремено детектирање на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогодата;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување за справување со кризи (обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на општината и соодветни обуки);
- Едукација и подготовка за превентивно делување;
- Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи;
- Помош и поддршка на граѓаните на општина Охрид по настаната катастрофа.

**5. Програмски активности**

| Ред. бр. | Програмски активности |
|---|---|
| 1 | Ажурирање на Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи |
| 2. | Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид |
| 3. | Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид |
| 4. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид на Штабот за заштита и спасување |
| 5. | Специјализирани обуки на просторните сили за заштита и спасување (универзална, за противпожарна заштита, за справување со поплави, земјотреси итн.) |
| 6. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид |
| 7. | Набавка на заштитна опрема и средства за Универзална единица за заштита и спасување; |
| 8. | Набавка на заштитна опрема на Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита<br>Јакна за шумски пожари<br>Пантолони за шумски пожари<br>Ракавици за шумски пожари<br>Шлем за шумски пожари.<br>Чизми за чумски пожари<br>Подкапа |

| | |
|---|---|
| 9. | Надоместок на граѓаните за извршување на правата и должностите во заштита и спасување (во зависност од потребите за ангажирање на граѓаните, општинскиот кризен штаб и просторните сили за заштита и спасување) |
| 10. | Оддржување на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) |
| 11. | Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи |
| 12. | Финансиска и стручна поддршка по настаната криза |

6. **Неопходни финансиски средства**

| Ред. бр. | Програмски активности | Потребни средства |
|---|---|---|
| 1. | Обуки, работилници, семинари на членови на Штабот за заштита и спасување и Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид | 40.000 денари |
| 2. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид | 2.100.000 денари - |
| 3. | Ангажирање на Противпожарно доброволно друштво „Ентузијаст" | 200.000 денари |
| 3. | Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) | 307.000 денари |
| | **Вкупно** | **2.647.000 денари** |

7. **Финансирање**

Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година ќе биде финансирана од Буџетот на општина Охрид за 2025. Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.

Одредени активности кои можат да трпат измена во зависност од потребите за заштита и спасување, како и за некои активности кои не се предвидени во програмата, а се во интерес на зголемување на заштитата и реализирање на превентивните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи во општина Охрид, како и ревитализација по настаната криза ќе се предвидат дополнителни финансиски средства од буџетот на општина Охрид.

По реализација на годишната Програма за заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година на општина Охрид до Советот на општина Охрид ќе се достави извештај за потрошени финансиски средства за програмските мерки и активности.

Носител и одговорен за реализација на Програмата за заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година се Градоначалникот и Советот на Општина Охрид.

Општина Охрид во соработка со Штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други органи и тела, ќе го следат

спроведувањето и реализацијата на оваа Програма. Наведените органи и тела ќе покренуваат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.

Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година е родово сензитивна, бидејќи програмските активности се однесуваат на заштита и спасување на сите жители од машки и женски пол на подрачјето на општина Охрид.

Индикатори за следење на родово-сензитивната програма се бројот на жители на подрачјето на општина Охрид од женски пол, односно 26.197 жени и бројот на жители од машки пол, односно 25.231 мажи.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14468/94** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/171** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната:

# НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид е изготвена согласно Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016) и Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и се темели на фактот дека заштита на работа е едно од основните права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со кое се обезбедува чување и унапредување на здравјето на работниците како предуслов за успешна работа и оптимална продуктивност во работењето.

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид ќе обезбеди безбедност и здравје при работа за сите вработени во општина Охрид од секој аспект поврзан со работата. Градоначалникот во рамки на неговите обврски презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства.

Градоначалникот е должен да планира мерки и средства за обезбедување развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа и за менување на постојните технолошки процеси со помалку опасни, односно со побезбедни процеси и да ги прилагоди мерките земајќи ги предвид променливите околности за подобрување на постојните состојби.

Градоначалникот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:

- избегнување на ризици,
- проценување на ризиците кои не можат да се избегнат,
- справување со ризиците на самиот почеток,
-прилагодување на работата кон поединецот, особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина и олеснување на монотоната работа и работата со претходно утврдено работно темпо
- изборот на личната заштитна опрема,
- изборот на хемиски супстанции или препарати,
- изборот на работни и производни методи,
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето,
- прилагодување кон техничко-технолошкиот напредок,
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно,
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина,
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки и
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

Градоначалникот го прилагодува работниот процес кон способностите на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, земајќи ја предвид природата на работа.

## 1. Цели

Програмата за безбедност и здравје при работа има за цел:

- да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид,
- подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа,
- процена на секој вид на ризик за сите работни места,
- безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици,
- превентивни мерки за намалување на повреди на работно место,
- позитивна работна култура,
-подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

## 2. Законска регулатива

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2024, предвидените активности ги базира на следниве законски акти:

- Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016);
- Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025;
- Програма за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 292/2021;
- Закон за заштита и спасување -Пречистен текст (Сл.Весник на Р.М бр.93/12).
- Закон за пожарникарството (Сл.Весник на Р.М бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16).
- Правилник за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на Република Македонија бр. 26/2018)
- Закон за техничка инспекција (Сл. Весник на Р.М бр. 88/2008 и измените).
- Правилник за користење на лифтови и транспортери (Сл. Весник на Република Македонија 26/2009).
- Закон за безбедност на производи (Сл. Весник на Р.М. 33/2006,63/ 2007).
- Правилник за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови – (Сл. Весник на Р.М бр.
- Правилник за користење на електроенергетски постројки и електрична опрема (Сл. Весник на Р.М. бр. 140/2010);
- Правилник за висина на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа (Сл.Вес. на Р.М бр.275 од 27.12.2019 г).

## 3. Активности

### 3.1. БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

| Бр | Опис | Кол | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Обука на вработените за безбедност и здравје при работа - на 25 и повеќе вработени. | 30 | 472 | 14.160 |
| 2 | Редовно тестирање и контрола на работната опрема:(Машина). Парен котел | 2 | 2.950 | 5.900 |
| | **Вкупно** | | | **20.060 ден.** |

Цените се според Правилник за висина на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа (Сл.Весник на Р.М бр.275 од 27.12.2019 г).

**3.2. ОВЛАСТЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ**

| Бр | Опис | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015,192/2015 и 30/2016). | 50.000 |
| | **Вкупно** | **50.000ден.** |

***За точка 3.2, цената е по договор.**

**3.3. НАБАВКА НА ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**

| Бр. | Опис | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на лична заштитна опрема за безбедност и работа | 60.000 |
| | **Вкупно** | **60.000 денари** |

**3.4. Испитување на ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА**

| Бр | Опис | |
|---|---|---|
| **I** | **Одржување сервисирање и испитување на ПП Апарати ;** (Сл.Вес. на Р.М бр. 74/06) член 9,10,11 .Одржувањето,сервисирањето и испитувањето на рачните преносни и рачните превозни противпожарни апарати се врши согласно техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот. Одржувањето на противпожарни апарати опфаќа: | |
| 1. | **Редовен визуелен преглед** (го врши сопственикот - корисникот на пп апаратот и тоа најмалку еднаш месечно) | |
| 2. | **Сервисен преглед и контролно испитување. (Сервисен преглед и полнење на ппа го врше правно лице со овласување од ДЗС).** Сл.Вес.на РМ бр.74/06 Сервисниот преглед се врши најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто во зависност од условите и пожарното оптоварување. | |
| 3. | **Полнење на противпожарни апарати*:** | |
| **II** | **Одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање јавување и гаснење на пожари и експлозивни смеси ;** Сл.Весник на Р.М бр.74/06) член 4. Одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уредите, инсталациите за заштита од пожари за автоматско откривање и јавување на пожари, автоматско откривање и гаснење на пожари и уреди и инсталации за рачно јавување на пожари. | |
| 1. | **Испитување на Хидранти** | |
| 2. | **Испитување на ПРОТИВПОЖАРНА Централа** | |
| | **Вкупно** | **46.000 ден** |

*Полнењето на ПП апаратите зависи од тоа дали се употребени, доколку не се употребени нема потреба од полнење.

## 3.5. Набавка на ПП апарати

| Бр | Опис | Кол | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| I | **Набавка на ПП апарати** | | | |
| 1. | Противпожарен апарат S -9 | 10 | 2.200 | 22.000 |
| | **Вкупно** | | | **22.000 ден.** |

**3.6. Технички преглед и периодично испитување на нисконапонска електрична и громобранска инсталација**

| I | **Нисконапонски електрични инсталации :** | |
|---|---|---|
| 1. | Технички преглед и испитување на отпорност на струен круг (јамка). | |
| II | Технички преглед и испитување на отпор на заземјување на громобранска инсталација | |
| | **Вкупно** | **50.0** |

**3.6. Технички преглед и периодично испитување на лифт**

**I** Техничка понуда - Спецификација бр.6:

| Бр | Опис | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Технички преглед и периодично испитување на лифт за превоз на лица и хидраулична платформа | | | |
| | **Оцена на сообразност на лифтови:** | | | |
| | Поединечна верификација (модул “G”). | | | |
| | Испитување на тип (модул “B”). | | | |
| | Завршна инспекција. | | | |
| 2. | Надомест за известување за извршен периодичен преглед на тех.опрема | | | |
| | | | | |
| | **Вкупно** | | | **18.000ден** |

## 3.8. Периодични мерења на стационарни извори на емисии

| I | Мерење на стационарни извори на емисии (2 оџаци) | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **36.000 ден** |
| | | |

## 3.9. Обука на вработени за безбедност и здравје при работа

| | | |
|---|---|---|
| | Едукација преку семинари, обуки и работилници за безбедност и здравје при работа за вработени кои во делокруг на работа извршуваат работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа | 30.000 |
| | **Вкупно** | **30.000 ден** |

## 3.10. Финална финансиска конструкција

| **Бр.** | **Опис** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | **Безбедност и здравје при работа** | **20.100** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Овластено правно лице за вршење стручни работи** | **50.000** |
| 3. | **Набавка на лична заштитна опрема за безбедност и работа** | **60.000** |
| 4. | **Испитување на опрема за противпожарна заштита** | **46.000** |
| 5. | **Набавка на ПП апарати** | **22.000** |
| 6. | **Технички преглед периодично испитување на нисконапонска електрична и громобранска инсталација** | **50.000** |
| 7. | **Технички преглед и периодично испитување на лифт** | **18.000** |
| 8. | **Периодични мерења на стационарни извори на емисии** | **36.000** |
| 9. | **Обука на вработени за безбедност и здравје при работа** | **30.000** |
| | **Вкупно** | **332.100 ден.** |

## 4.Финансирање

Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид 2025 година ќе биде финансирана од Буџетот на општина Охрид за 2025.

Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.

Одредени активности кои можат да трпат измена во зависност од промените на ситематизација на работни места на општина Охрид, како и за некои активности кои не се предвидени во програмата, а се во интерес на зголемување на безбедноста и здравјето на вработените во општина Охрид, ќе се предвидат дополнителни финансиски средства од буџетот на општина Охрид.

По реализација на годишната Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид до Советот на општина Охрид ќе се достави извештај за потрошени финансиски средства за програмските мерки и активности.

**Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година е родово сензитивна, бидејќи програмските активности ги опфаќаат и мажите и жените вработени во општина Охрид.**

**Индикатори за следење на родово-сензитивната програма се бројот на вработени лица од женски пол, односно 105 жени и бројот на вработени лица од машки пол, односно 148 мажи**.

Оваа Нацрт Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-14468/95**
**04.12.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦРТ- ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Нацрт-годишната програма на општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид за 2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година.

**Број 09 - 14468/172** **ОПШТИНА ОХРИД**
**04.12.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 159 од Законот за права на децата („Сл.весник на РМ“ бр. 148/13, 152/19 и 275/12), член 4 ст.1 од Деловник за работа на општински совет за превенција на детско претстапништво бр.29-18593/2 од 15.12.2023 година, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 04.12.2024 година, ја донесе следната :

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со донесување на Законот за правда за децата се направи голем исчекор во делот на заштитата на правата и интересите на децата. Со новиот концепт на Законот се постигна усогласување со меѓународните стандарди за правда за децата и се создаде еден сеопфатен концепт насочен во полза на децата кои дошле во контакт со правниот систем, а во нивен најдобар интерес.

Овој Закон ги уредува постапките со деца во ризик, деца жртви и сведоци на кривични дела и деца сторители на кривични и прекршочни дела. Воедно законот определува услови за примена на мерки на помош и заштита, воспитни, алтернативни мерки и казни, но и положбата, улогата и надлежностите на органите кои учествуваат. Општинскиот совет за превенција на детско престапништво е тело кое е задолжено за следење и превенирање на состојбите со детското престапништво во Општината.

Програмата на општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид за 2025 година е изготвена согласно чл.159 од Законот за правда на децата (Сл.весник на РМ бр. 148/13, 152/19 и 275/12), Член 4 ст.1 од Деловник за работа на општински совет за превенција на детско претстапништво бр.29-18593/2 од 15.12.2023 година и е во согласност со Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво и Годишната програма за работата на Државниот Совет за малолетничко престапништво.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид е формиран на 29.08.2023 година со Одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-12881/114 од 29.08.2023 година и брои 11 членови.

Програмата на општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид за 2025 година ја изготвува Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид, кој исто така донесува:

- деловник за својата работа,
- на подрачјето на општина Охрид врши работи за следење на состојбите, покренува иницијативи за нивно подобрување и
- развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско претстапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Во општина Охрид постојат 4 средни училишта, 9 основни училишта, вклучувајќи го и музичкото училиште, 5 детски градинки и 3 високо образовни институции.

Превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид претставува активност на сите општествени чинители (семејство, полиција, образовни институции, социјални, педагошки служби, здравствени установи и др.) и бара сериозен и мултидисциплиниран пристап во реализирање на превентивните активности.

Годишната програма за 2025 година за работа на Општинскиот Совет за превенција на малолетничко престапништво за општина Охрид претставува оперативен документ, за реализација на конкретни приоритетни цели и задачи во тековната година.

За својата работа, општинскиот Совет за превенција на малолетничко престапништво најмалку еднаш годишно го известува Советот на општина Охрид и Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво.

Програмата на Советот за превенција на малолетничко престапништво се финансира од буџетот на општина Охрид и од други средства.

Оваа програма е изготвена според Националната Стратегија за превенција на малолетничко престапништво како и Годишната програма за работата на Државниот совет за малолетничко престапништво. Општинскиот совет во 2025 година ќе продолжи со реализација на нови активности, како и активности кои ќе бидат насочени кон финализирање на веќе започнатите активности согласно Програмата за работа на Општинскиот совет од претходната година.

Во текот на спроведувањето на Програмата, доколку според проценката на членовите на Општинскиот совет се јави потреба од нејзино дополнување или унапредување, таа може да биде ревидирана.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Општинскиот совет за превенција на малолетничкото престапништво на општина Охрид дефинира приоритетни програмски активности кои се групирани во три области, кои се во согласност со приоритетите на Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво и годишната програма за работата на Државниот Совет за малолетничко престапништво.

Општите цели на оваа програма се:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид;
2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката делинквенција;

3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на ОСПМП со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

ОПИС НА АКТИВНОСТИ

**1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид**

Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на територијата на општина Охрид се врши преку истражување во училиштата и анализа на документацијата и статистиките на Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјални работи, обвинителствата и судовите со цел да се добие прецизна бројка малолетни престапници, најчесто сторени кривични дела и прекршоци, како и да се детектираат проблемите со кои се соочуваат социјалните и педагошките служби. Од посебен интерес е да се организираат работни средби со основци и средношколци за директно да се детектираат ризиците и изворите за малолетничко престапништво и работни средби со стручниот кадар од училиштето заради детекција на проблемите со кои се соочуваат и врз основа на тоа да се бараат соодветни солуции.

**Врз основа на наведените активности ќе се направи проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид, ќе се утврдат фактори на ризик и врз основа на тоа ќе се планираат превентивните активности. Ќе се утврди и трендот на малолетничкото претстапништво на општина Охрид, етиолошки и феноменолошки карактеристики на малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид. Врз основа на добиените резултати ќе се утврди и профилот на малолетниот престапник.**

1.1.Состојба со основните и средните училишта на подрачјето на општината во делот на превенција на детското престапништво:

---

1.1.1. Продолжување со вооспоставената соработка со директорите на основните и средните училишта, претседателите и членовите на училишните одбори, претседателите и членовите на советите на родителите,
1.1.2. Организирање средби со директорите на основните и средните училишта, претседателите и членовите на училишните одбори, претседателите и членовите на советите на родителите, со цел презентирање на позитивните практики од останатите училишта во општината или училишта од други општини,
1.1.3.Поддршка и градење на соработка на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво со Градоначалникот на општината и општинската администрација со цел за превенирање на детското престапништво во основните и средните училишта,
1.1.4.Следење на актуелните состојби со детското престапништво, особено во делот на врсничкото насилство (булинг);
1.1.5. Организирање средби со претседателите на ученичките парламенти во училиштата и со ученичките правобранители за состојбите во училиштата,
1.1.6. Организирање средби со НВО кои реализираат проекти или програми во училиштата поврзани со спречување на детското престапништво,

**Индикатори за успешност:** Континуирана соработка со директорите на основните и средните училишта, претседателите и членовите на училишните одбори, претседателите и членовите на советите на родителите, претседателите на ученичките парламенти во училиштата и со

ученичките правобранители, Градоначалникот на општината и општинската администрација реализирани средби, изготвени и разгледани извештаи.
**Носители на активноста:** Општинскиот совет за превенција на детско престапништво со поддршка на Градоначалникот на општината и општинската администрација.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

2.Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за проблемот со малолетничката деликвенција

Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за проблемот со малолетничката деликвенција претставува континуиран процес кој ги вклучува сите општествени чинители.
Малолетничката делинквенција е проблематика која бара сериозен и координиран системски пристап со цел да се влијае на јавноста на подигање на свеста и разбирање на сериозноста на малолетничкото престапништво и последиците кои произлегуваат. Имајќи во предвид дека се работи за најранлива категорија, неопходно е заедницата да го третира проблемот со малолетничка делинвенција со посебен сензибилитет.
Со цел да се делува ефективно и ефикасно на локално ниво, општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво на општина Охрид ќе иницира и организира јавни расправи, трибини, дебати, контактни емисии на локални медиуми кои ќе имаат тематски пристап. Најактуелни теми се темите за врсничко насилство, сајбер криминал, младите и зависностите, организирани форми на криминал и младите, спречување на рецидивизмот кај младите итн.
Во соработка со основните и средни училишта, невладините организации, Младински совет, Црвен крст-Охрид. Одделот за превенција при СВР Охрид, Комисијата за еднакви можности, Локалниот совет за превенција на општина Охрид, ќе се оддржат едукативни работилници за пооделни целни групи (родители, ученици, наставници) како потенцијални инволвирани страни, на кои посебен акцент ќе се стави на последиците од малолетничкото престапништво, но и како да се делува во насока на превенција на појавата на малолетничко претстапништво. Ќе се планираат и проектни активности и кампањи со цел подигање на свеста кај основците и средношколците за оваа појава, но и на целата заеница. Исто така овие работилници треба да промовираат здрава и безбедна средина, креативно користење на слободното време, спортско-рекреативни и забавни активности што ќе овозможи правилен психо-физички раст и развој и отргнување на малолетниците од девијантни појави.

**3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на локално, регионално и национално ниво**
Оваа цел ќе се постигне преку организирање директни средби со преставниците на сите засегнати надлежни институции, како што се од стручните служби од основните и средните училишта, невладините организации, Центар за социјални работи, Младински совет, Одделот за превенција при СВР Охрид, Основно јавно обвинителство, Основен суд Охрид, Државен Совет за превенција на малолетничко престапништво и др. Целта на овие средби е координација на тековните активности и размена на информации за добри практики и позитивни искуства.

**Особено значајна е и соработката на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид со општинските совети за превенција на малолетничко престапништво од другите општини, обезбедувајќи размена на искуства и координација на можни идни заеднички активности и проекти за превенција на малолетничкото престапништво на регионално ниво.**

### 3.1. Соработка со МВР во делот на превенција на детското престапништво:

3.1.1. Продолжување со воспоставената комуникација со надлежните служби во МВР во насока на заедничка соработка за превенција на детското престапништво во општината,.
3.1.2.Организирање, во соработка со МВР, одржување на едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта, со цел презентирање на несаканите последици од користење на droги и дуги психотропни супстанции, користење алкохол и цигари.
3.1.3. Организирање, во соработка со МВР, одржување на едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта, со цел спречување на врсничкото насилство (булинг) .
3.1.4. Организирање, во соработка со МВР, одржување на едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта, со цел спречување на злоупотреба и трговија со деца.

**Индикатори за успешност:** Организирани едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта
**Носители на активноста:** Општинскиот совет за превенција на детско престапништво со поддршка на МВР.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

### 3.2. Соработка со Центарот за социјални работи во делот на превенција на детското престапништво:

3.2.1 Продолжување со воспоставената комуникација со Центарот за социјални работи во насока на заедничка соработка за превенција на детското престапништво во општината,.
3.2.2 Организирање, во соработка со Центарот за јавно здравје, одржување на едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта .

**Индикатори за успешност:** Организирани едукативни предавања, работилници и др. во основните и средните училишта
**Носители на активноста:** Општинскиот совет за превенција на детско престапништво со поддршка на Центарот за јавно здравје.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

Постои тесна соработка и заеднички координирани активности помеѓу Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид и Локалниот совет за превенција на општина Охрид и Комисијата за еднакви можности.
Програмските активности за 2025 година ќе се реализираат преку работни групи кои покриваат посебни полиња на интерес. Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид ги формира следните работни групи:
1. Работна група за поддршка на малолетни престапници;
2. Работна група за оддржување работилници и предавања во основните и средните училишта на теми за превенција на малолетничко претстапништво;
3. Работна група за изготвување на проекти од областа превенција на малолетничко престапништво;
4. Работна група за остварување на средби со основци и средношколци;

5. Работна група за остварување на средби со стручните служби во основните и средните училишта;

Во зависност од потребите и програмските активности, може да се формираат и нови работни групи, како и да се оствари соработка со спортски, културни здруженија, невладини и др. организации.

## 4.Тематски расправи

4.1. Разгледување на извештаи, информации и анализи од други надлежни органи, институции и граѓански организации поврзано со превенција на детското престапништво во општината

**Индикатори за успешност**: Одржани тематски расправа, усвоени заклучоци и нивна дисеминација до релевантните тела и органи.
**Носители на активноста:** Општинскиот совет за превенција на детско престапништво
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

## 5. Зајакнување на капацитетите на членовите на ОСПДП

5.1.Учество на обуки, работилници, семинари, конференции, дебати, тркалезни маси од страна на членовите на Општинскиот совет во и надвор од земјава.

**Индикатори за успешност**: Посета на обуки, работилници, семинари, конференции, дебати, тркалезни маси од страна на членовите на Општинскиот совет во и надвор од земјава.
**Носители на активноста**: Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, донатори и поддржувачи.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

## 6. Покренување иницијативи

6.1.Покренување иницијативи од страна на Општинскиот совет за воспоставување соработка со институции и тела кои работат со деца, училишта, посета на институциите во кои се сместени деца, констатирање на кршење на правата на децата и реакции во врска со констатираните прекршувања ;
6.2. Давање предлози и иницијативи до релевантните органи -тела во Општината за подобрување и надминување на констстираните состојби.

**Индикатори за успешност**: Поднесени и прифатени иницијативи и постигнати промени, посетени институции.
**Носители на активноста**: Општинскиот совет за превенција на детско престапништво.
**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2025 година.

## 7. Изработување на Годишен извештај за работењето на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2025 година

7.1. Собирање на податоци согласно индикаторите за следење на примената на Законот за правда за децата и изготвување на Годишен извештај за работењето на Општинскиот совет за 2025 година;
7.2. Доставување барања за обезбедување податоци согласно утврдените цели и индикатори;
7.3. Собирање на обезбедените податоци, проверка на истите и нивна обработка;
7.4. Доставување барања за извештаи со реализирани активности од областа на превенција на детско престапништво до основните и средните училишта на подрачјето на општината, Центарот за социјални работи, Министерството за внатрешни работи-Подрачна единица, Основниот суд, НВО;
7.5. Изготвување предлог текст на Годишниот извештај на Општинскиот совет од страна на работната група и негово доставување до сите членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво;
7.6. Разгледување на Предлог текстот на Годишниот извештај;
7.7. Усвојување на Годишниот извештај за 2025 година на седница на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво;
7.8. Доставување на Годишниот извештај за 2025 година до Советот на општината и до Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца, со цел негово разгледување.
7.9. Објавување на Годишниот извештај за 2024 година на интернет страницата на Општина Охрид;

**Индикатори за успешност:** Изготвен Годишен извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2025 година и доставен до Советот на општината и до Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца.
**Носители на активноста:** Општинскиот совет за превенција на детско престапништво.
**Време на реализација:** Прва половина на 2025 година.

## 8. Финансиска рамка

Средствата за имплементација на програмата на Општинскиот совет се обезбедуваат согласно Законот за правда за децата и истите се во рамки на финансиските средства од Буџетот на Општина Охрид.
За 2025 година за Годишната програма за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2025 година од буџетот на општина Охрид се издвоени 60.000 денари.
Финансиските средства ќе овозможат да се реализираат мал дел од програмските активности за 2025 година, при што истите ќе се наменат за предавачи, модератори, печатен материјал, промотивен и рекламен материјал. Дополнителни финасиски средства можат да бидат обезбедени и од донации, спонзорства и проекти.

Составен ден на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2025 година е Акцискиот план за реализација на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2025 година во кои се предвидени програмските активности за 2025 година, но во зависност од потребите на основните и средните училишта може да и произлезат и нови активности и проекти кои се поврзани со превенција на малолетничко престапништво.

## Акциски план за реализација на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2025 година

| Ред .бр. | Опис на активност | Време | Одговорни страни | Цел |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Континуирано собирање на податоци и анализа на документи за проценка на состојбата малолетничкото престапништво | Јануари - Декември | ОСПМП, Стручни служби – ООУ и СОУ, МВР, ЦСР, Основен суд | Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид |
| **2.** | Работилница на тема „Свесно родителство” | Јануари-Декември | ОСПМП, Совет на родители, Предавач (лиценциран психолог) | Зголемување на свеста на родителите за големи предизвици, пречки, двоумици и недвоимици, булинг, врсничко неразбирање, преран пубертет, депресии, детска изолација, депресија. |
| **3.** | Трибина со стручен тим во општинските основни и средни училишта за прерано стапување во сексуални односи | Април | ОСПМП, Предаваач (лиценциран психолог) во соработка со стручни лица и невладини организации | Да се едуцираат учениците од 9-то одделениие и средношколците со цел да се зголеми свеста за последиците од прераното стапување во сексуални односи |
| **4.** | Капања против зависности | Октомври | ОСПМП,Стручни служби и совети на родители – ООУ и СОУ, МВР, ЦСР, Предавач (лиценциран психолог) | Едукација на учениците од основните и средните училишта Подигнување на свеста за последиците од зависностите |
| **5.** | Кампања за спречување булинг и сајбер насилство | Ноември – Декември | ОСПМП, Основни и средни училишта, невладини организации, Предавач (лиценциран психолог) | Подигнување на свеста за последиците од булинг и сајбер насилство Спречување на насилство кај младата популација |
| **6.** | Соработка и средби со претставници на ДСПМП и ОСПМП од другите градови во РМ | Јануари – Декември | ОСПМП | Размена на искуства и реализирање на заеднички активности |
| **7.** | Кампања „Крени глас против врсничкото насилство’’ | Јануари - Декември | ОСПМП, Макпетрол, основни училишта | Споделување на знаења и искуства за решавање на проблемите поврзани со врсничко насилство |
| **8.** | Обуки за превенција од семејно насилство | Јануари - Декември | ОСПМП, основни и средни училишта, МВР | Подигнување на свеста за последиците од семејно насилство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9.** | Редовни работни средби со основци и средношколци | Јануари - Декември | ОСПМП, ученички клубови, основни и средни учишта | Да се детектираат проблемите и факторите на ризик |
| **10.** | Редовни работни средби со стручен кадар од основните и средните училишта | Јануари - Декември | ОСПМП, основни и средни училишта | Да се детектираат проблемите и факторите на ризик |
| **11.** | Реализирање на проектни активности (електронска платформа-форум за млади, активности на социјални мрежи и продолжување на активноста за поставување на кутии во училиштата за поплаки, пофалби и сл. активности) | Јануари - Декември | ОСПМП, основни и средни училишта, невладини организации, лиценциран психолог | Младите да имаат можност да го искажат своето мислење, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат |
| **12.** | Соработка со спортски здруженија и клубови на подрачјето на општина Охрид | Јануари - Декември | ОСПМП, спортски клубови и здруженија, основни и средни училишта | Промовирање на здрав живот и здрави навики, креативно користење на слободното време |
| **13.** | Вклучување во сите активности кои не се предвидени во програмата, но се поврзани со превенција на малолетничко претстапништво. | Јануари - Декември | ОСПМП, КЕМ, невладини организации, Младински совет, Црвен крст, државни институции и служби, основни и средни училишта. | Активно учество во превенција на малолетничко престапништво на подрачјето на општина Охрид. |
